* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од прվиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Иван Дамјановски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Ирена Илија Рајчиновска Пандева
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Научна област:** теоретски политички науки

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување настава** | |
| 1.1 | **Одржување часови на прв циклус студии** | **25,37** |
| 1.1.1 | УЧЕБНА 2021/2022 ГОДИНА<br>Вовед во наука за политика (на македонски јазик) 4*15*0,04<br>Вовед во наука за политика (на англиски јазик) 4*15*0,04<br>Теории на новинарство 1,7*15*0,04<br>Географија и геополитика (на македонски јазик) 3*15*0,04*20%<br>Географија и геополитика (на англиски јазик) 3*15*0,04*20% | 6.54 |
| 1.1.2 | УЧЕБНА 2020/2021 ГОДИНА<br>Вовед во наука за политика (на македонски јазик) 2*15*0,04<br>Вовед во наука за политика (на англиски јазик) 4*15*0,04<br>Теории на новинарство 1,7*15*0,04<br>Географија и геополитика (на македонски јазик) 3*15*0,04*20%<br>Географија и геополитика (на англиски јазик) 3*15*0,04*20%<br>Уредување во новинарството – практикум 1,7*15*0,04*20%<br>Известување во новинарството – практикум 1,7*15*0,04*20%<br>Печатени медиуми 1,1*15*0,04*20%<br>Мировно и воено новинарство 3*15*0,04*20% | 6.23 |
| 1.1.3 | УЧЕБНА 2019/2020 ГОДИНА<br>Вовед во наука за политика (на македонски јазик) 2*15*0,04<br>Вовед во наука за политика (на англиски јазик) 4*15*0,04<br>Теории на новинарство 1,7*15*0,04<br>Географија и геополитика (на македонски јазик) 3*15*0,04*20%<br>Географија и геополитика (на англиски јазик) 3*15*0,04*20%<br>Уредување во новинарството – практикум 1,7*15*0,04*20%<br>Известување во новинарството – практикум 1,7*15*0,04*20%<br>Печатени медиуми 1,7*15*0,04*20%<br>Мировно и воено новинарство 3*15*0,04*20% | 6.3 |
| 1.1.4 | УЧЕБНА 2018/2019 ГОДИНА<br>Вовед во наука за политика (на македонски јазик) 2*15*0,04<br>Вовед во наука за политика (на англиски јазик) 4*15*0,04<br>Теории на новинарство 1,7*15*0,04<br>Географија и геополитика (на македонски јазик) 3*15*0,04*20%<br>Географија и геополитика (на англиски јазик) 3*15*0,04*20%<br>Уредување во новинарството – практикум 1,7*15*0,04*20%<br>Известување во новинарството – практикум 1,7*15*0,04*20%<br>Печатени медиуми 1,7*15*0,04*20%<br>Мировно и воено новинарство 3*15*0,04*20% | 6.3 |
| 1.2 | **Одржување часови на втор циклус студии** | **11.86** |
| 1.2.1 | УЧЕБНА 2021/2022 ГОДИНА | 2.98 |

| | | |
|---|---|---|
| | Етнички конфликти во меѓународните односи (на македонски јазик) 1*15*0,05<br>Етнички конфликти во меѓународните односи (на англиски јазик) 1*15*0,05<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (на македонски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (на англиски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Мирно решавање на спорови (на македонски јазик) 1.5*15*0.05*20%<br>Мирно решавање на спорови (на англиски јазик) 1.5*15*0.05*20%<br>Вовед во политика 3.5*15*0.05*20%<br>Нови медиуми 1.5*15*0.05*20% | |
| 1.2.2 | УЧЕБНА 2020/2021 ГОДИНА<br>Етнички конфликти во меѓународните односи (на македонски јазик) 1*15*0,05<br>Етнички конфликти во меѓународните односи (на англиски јазик) 1*15*0,05<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (на македонски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (на англиски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Мирно решавање на спорови (на македонски јазик) 1.5*15*0.05*20%<br>Мирно решавање на спорови (на англиски јазик) 1.5*15*0.05*20%<br>Новинарство во печатени медиуми 1,7*15*0,05*20%<br>Вовед во политика 1.7*15*0.05*20%<br>Нови медиуми 1.5*15*0.05*20% | 2.96 |
| 1.2.3 | УЧЕБНА 2019/2020 ГОДИНА<br>Етнички конфликти во меѓународните односи (на македонски јазик) 1*15*0,05<br>Етнички конфликти во меѓународните односи (на англиски јазик) 1*15*0,05<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (на македонски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (на англиски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Мирно решавање на спорови (на македонски јазик) 1.5*15*0.05*20%<br>Мирно решавање на спорови (на англиски јазик) 1.5*15*0.05*20%<br>Новинарство во печатени медиуми 1,7*15*0,05*20%<br>Вовед во политика 1.7*15*0.05*20%<br>Нови медиуми 1.5*15*0.05*20% | 2.96 |
| 1.2.4 | УЧЕБНА 2018/2019 ГОДИНА<br>Етнички конфликти во меѓународните односи (на македонски јазик) 1*15*0,05<br>Етнички конфликти во меѓународните односи (на англиски јазик) 1*15*0,05<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (на македонски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (на англиски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Мирно решавање на спорови (на македонски јазик) 1*15*0,05*20%<br>Мирно решавање на спорови (на англиски јазик) 1*15*0,05*20% | 2.96 |

| | | |
|---|---|---|
| | Новинарство во печатени медиуми 1,7*15*0,05*20%<br>Вовед во политика 1.7*15*0.05*20%<br>Нови медиуми 1.5*15*0.05*20% | |
| **2** | **Настава во летни школи и работилници** | **4.5** |
| 2.1 | Раководител (директор) на Summer school for refugee rights and migration, Центар за право на бегалци и миграции, УНХЦР и Меѓународниот Институт за хуманитарно право, Санремо, Италија (2020, 2021, 2022) | 1.5 |
| 2.2 | Учесник (предавач) со тема “Balkans and Euro-Atlantic integrations: moving away from conflict or moving towards a new geopolitical turmoil”, на 4th Itinerant Summer University in the Balkans: “Les Etats balkaniques face à l'UE et aux organisations nternationales régionales: perspectives de rapprochement”, 20-23.09.2018, Skopje | 1 |
| 2.3 | Учесник (предавач) со тема “European identity and its (dis)contents”, на 5th Itinerant Summer University in the Balkans: “Crisis of the Rule of Law in the Balkans and the EU”, 5-6.08.2022, Skopje | 1 |
| 2.4 | Учесник (предавач) со сесија на тема “Conflicts, Refugees and Migration Flows” на Summer School \| Refugee Rights and Migration - Challenges in Times of Pandemics, 24-28.09.2020 | 1 |
| **3** | **Подготовка на нов предмет** | **2** |
| 3.1 | Права на бегалци, мигранти, лица без државјанство и криза на човековите права (втор циклус) | 1 |
| 3.2 | Бегалци и миграции (втор циклус) | 1 |
| **4** | **Консултации со студенти** | **0.66** |
| 4.1 | учебна 2018/2019 100*0.002 = 0.2<br>учебна 2019/2020 80*0.002 =0.16<br>учебна 2020/2021 80*0.002 = 0.16<br>учебна 2021/2022 70*0.002 = 0.14 | 0.66 |
| **5** | **Член на комисија за оцена и одбрана на докторски труд** | **3.5** |
| 5.1 | Член на комисија за оцена и одбрана на докторски труд 5*0.7 | 3.5 |
| **6** | **Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд** | **0.6** |
| 6.1 | Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд 2*0.3 | 0.6 |
| **7** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **6** |
| 7.1 | Коавтор на учебник „Етнички конфликти во меѓународните односи“, издавач: Фондација „Фридрих Еберт“ – Скопје, 2022 година | 6 |
| | **Вкупно** | **54,49** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Учесник во национален научен проект** | **9** |
| 1.1 | Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | 3 |
| 1.2 | Говорот на омраза и бегалците, Истражувачки проект на Центарот за право на бегалци и миграции, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3 | Бегалците и миграцијата во контекстот на Балканската рута – дискурсот во Северна Македонија за време на предвремените општи избори 2020 година – Истражувачки проект на Центарот за право на бегалци и миграции при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 3 |
| **2** | **Учесник во меѓународни научни проекти** | **10** |
| 2.1 | CABUFAL: Capacity Building of the Faculty of Law, University of Podgorica, Erasmus + Programme | 5 |
| 2.2 | The Heritage of Central and Eastern Europe, Jagiellonian University in Krakow, Poland | 5 |
| **3** | **Монографии** | **16** |
| 3.1 | „Бегалците и миграцијата во контекстот на Балканската рута – дискурсот во Северна Македонија за време на предвремените општи избори 2020 година“, студија на Центарот за право на бегалци и миграции при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2021 година | 4.8 |
| 3.2 | „Говорот на омраза и бегалците“, студија на Центарот за право на бегалци и миграции при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2022 година | 6.4 |
| 3.3 | „Истражувачкото новинарство во Република Северна Македонија во контекст на позитивните практики на европските земји и доктринарнте дефиниции за истражувачкото новинарство“, публикација изработена во рамки на научноистражувачкиот проект „Истражувачкото новинарство во Република Северна Македонија во контекст на позитивните практики на европските земји и доктринарнте дефиниции за истражувачкото новинарство“, финансиран од УКИМ, издавач: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2022 година | 4.8 |
| **4** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | **5** |
| 4.1 | Forced migration and Conflicts – Challenges and Responses, Iustinianus Primus Law Review, vol. 11, special issue, year 2020 | 5 |
| **5** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | **8.1** |

| | | |
|---|---|---|
| 5.1 | Ending the Long-lasting “Difference over the Name”: The Prespa Agreement – Its Philosophy, Origins and Challenges Ahead, co-author, Saso Georgievski and Irena Rajchinovska Pandeva, Southeastern Europe, no.44, Brill Ferdinand Schoningh, 2020 8*90%*0.9 | 8.1 |
| **6** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | **29** |
| 6.1 | Помеѓу отпорот и сувереното владеење: белешки за говорот и здружувањето (случајот на Турција), коавтор, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје по повод 40 години од основањето на студиите по новинарство, том 57, Скопје, 2018 година | 4,5 |
| 6.2 | Политичката толеранција, слободата на говор и мрежното општество (студија на случај – Турција), коавтор, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Миодраг Мицајков, том 58, Скопје 2018 | 4,5 |
| 6.3 | Internationalism, Regionalism or Seclusion –Rethinking North Macedonia’s future prospects, Journal Justicia (International Journal of Legal Sciences), University of Tetova, vol. 7, no. 11, 2019 | 5 |
| 6.4 | Iranian Foreign Policy and the Image of the West, Political Thought, no.59, year 18, May, Skopje, 2020 | 5 |
| 6.5 | Национален идентитет – Европски идентитет (конфликт или взаемно признавање), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Гале Галев, том 59, Скопје, 2021 | 5 |
| 6.6 | European Identity and the Fortress Europe Paradigm, Political Thought no.63, year 20, January, Skopje, 2022 | 5 |
| **7** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | **5** |
| 7.1 | Транзицијата на Балканот – Премин кон новото „несигурно“ или потрага по новото „нормално“, Зборник на трудови од Меѓународниот научен симпозиум „Балканската историографија и современите предизвици“ (по повод 70-годишнината од основањето на Институтот за национална историја во Скопје, 9 – 10 ноември 2018 година), Институт за национална историја – УКИМ, Скопје, 2021 година | 5 |
| **8** | **Рецензија на научен/стручен труд** | **2** |
| 8.1 | Global Studies- Journal, CGPublisher, University of Illinois Urbana-Champaign | 0.2 |
| 8.2 | Interdisciplinary Social Sciences Journal Collection, CGPublisher, University of Illinois Urbana-Champaign | 0.2 |
| 8.3 | Journal of Communication and Media Studies, CGPublisher, University of Illinois Urbana-Champaign | 0.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 8.4 | Athens Journal of Social Sciences, Athens Institute for education and research, Athens | 0.2 |
| 8.5 | Athens Journal of Humanities & Arts, Athens Institute for education and research, Athens | 0.2 |
| 8.6 | International Journal of Climate Change: Impacts and Responses, CGPublisher, University of Illinois Urbana-Champaign | 0.2 |
| 8.7 | Journal “Opolskie Studia Administracyjno-Prawne" XVIII/4, Instytutu Nauk Prawnych (Institute of Legal Sciences), Opole University, 2020 | 0.2 |
| 8.8 | Iustinianus Primus Law Review, Skopje, 2020, 2021, 2022 година | 0.2 |
| 8.9 | Balkan Social Science Review, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, 2021 година | 0.2 |
| 8.10 | Рецензент на труд за Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Миодраг Мицајков, том 58, Скопје, 2018 | 0.2 |
| **9** | **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | **4** |
| 9.1 | „Транзицијата на Балканот – Премин кон новото „несигурно“ или потрага по новото „нормално“, Меѓународен научен симпозиум „Балканската историографија и современите предизвици“ (по повод 70-годишнината од основањето на Институтот за национална историја во Скопје, 9 – 10.11.2018 година) | 2 |
| 9.2 | Јавна дискусија за нацрт-текст на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот во РСМ, Филозофски факултет при УКИМ, 21.6.2019, Скопје | 2 |
| **10** | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | **1** |
| 10.1 | „Екстраинституционална и нова димензија на владеењето на правото во РСМ во ЕУ-контекст“, д-р Ирена Рајчиновска Пандева и д-р Ана Чупеска Станишковска, Скопско-загрепски колоквиум, 13.9.2019 година, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | 1 |
| **11** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **24** |
| 11.1 | “The Western Balkans: Challenges and Prospects for Further integration”, Vienna Pre-Presidency Conference 7-8 June 2018, Institute for Advanced Studies, Austria | 2 |
| 11.2 | “Internationalism, Regionalism or Seclusion – Rethinking Macedonian Future Prospects”, International Conference “The Rule of Law and Civil Society", CN2018, Faculty of Law: University of Tetova, Tetova, Macedonia, 19 – 20.10.2018 | 2 |
| 11.3 | “The Balkan in transition: postulations of “normality” vis-a-vis traditional ambiguity”, at Law, justice and politics in the contemporary democratic context - Annual International Conference in honor of 25 years of the establishment of the political science studies, Organized in coordination with the Macedonian Political Science Association, Co-organized by TEPSA –Trans European Policy Studies Association, Iustinianus Primus Law Faculty, 10.12.2018, Skopje | 2 |
| 11.4 | Меѓународен семинар “SEA, Training Center and the human resources dimension”, организиран од Expertise France, 23.05.2019 година, Скопје | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 11.5 | “Transition and its (dis)contents – narrative of the Western Balkan”, Transition of legal systems – 30 years after the Fall of the Berlin Wall - Annual International Conference, Iustinianus Primus Law Faculty, 8-9-11.2019, Skopje | 2 |
| 11.6 | “The prospects for EU enlargement on Western Balkans, Europe at a Crossroads”, Zagreb EU Pre-Presidency Conference, IRMO & TEPSA, 28-29.11.2019, Zagreb | 2 |
| 11.7 | “Intercultural dialogue combating the stigmatization of migrants/refugees – EU context”, Round Table Disscussion organized by the Iustinianus Primus Law Faculty in cooperation with TEPSA –Trans European Policy Studies Association to commemorate the 18th of December – International Migrants Day, 18.12.2019, Iustinianus Primus Law Faculty, Skopje | 2 |
| 11.8 | “Forced Migration and Conflicts – Challenges and Responses”, Annual International Conference of the Iustinianus Primus Law Faculty – Skopje, 70 Years of the European Convention on Human Rights 6.11.2020, Skopje | 2 |
| 11.9 | “The Western Balkans and the Eastern Neighbourhood”, Slovenian Pre-Presidency Conference, Centre of International Relations, University of Ljubljana, 17-18.06.2021 | 2 |
| 11.10 | “Perspectives of the Western Balkan EU Accession in the (Post) Pandemic Time - with a Special Focus on North Macedonia”, Interdisciplinary Seminar - Development Challenges of the Central and Eastern European Societies and Economies after the Covid-19 Pandemic, The John Paul II Catholic University of Lublin - The Institute of Sociological Sciences, 24.06.2021 | 2 |
| 11.11 | “Shaking EU solidarity in the Western Balkans: views from Albania, Kosovo and North Macedonia”, online panel discussion, TEPSA, 29.06.2021 | 2 |
| 11.12 | “Walls, borders and strangers: Revisiting the paradigm of migration and refugee movements”, Law, Socio-Economics and Politics in Troubled Times - Annual International Conference of the Iustinianus Primus Law Faculty - Skopje, 5.11.2021, Skopje | 2 |
| | **Вкупно** | **113,1** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Поглавје во книга** | **8** |
| 1.1 | Pandeva, I.R. (2022). North Macedonia and Russia: An Ambiguous Relationship. In: Kaeding, M., Pollak, J., Schmidt, P. (eds) Russia and the Future of Europe. The Future of Europe. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-030-95648-6_35 | 3 |
| 1.2 | Rajchinovska Pandeva, I., Georgievski, S. (2022). EU Solidarity in Action: The Curious Case of North Macedonia—Welcomed Amidst Quarantine!. In: Kaeding, M., Pollak, J., Schmidt, P. (eds) European Solidarity in Action and the Future of Europe. The Future of Europe. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-030-86537-5_35 | 2 |
| 1.3 | Rajchinovska Pandeva, I. (2021). North Macedonia: The Name in Exchange for European Union Membership?. In: Kaeding, M., Pollak, J., | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Schmidt, P. (eds) Euroscepticism and the Future of Europe. Palgrave Macmillan, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-030-41272-2_26 | |
| **2** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија** | **1** |
| 2.1 | Rajchinovska Pandeva, I. (December 2021), “EU-North Macedonia Relations: Showcase on Failures of the Integration Process”, in Mihai Sebe (coord.), Views on the Future of Europe from the EU’s Neighbouring Countries, Working Paper no. 40, European Institute of Romania, pp. 42-44, available at: http://ier.gov.ro/wp-content/uploads/2021/12/WP-no.-40_Views-from-neighbouring-countries-1.pdf | 1 |
| **3** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | **3** |
| 3.1 | Учество на промотивни активности на Факултетот, 2018 – 2022 година 5*0,5 | 2.5 |
| 3.2 | Член на Организационен одбор за одбележување на 70 години од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2021 година | 0.5 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **1** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | **1** |
| 1.1 | Guest editor, editorial board of Journal Southeastern Europe, Brill, Special issue 44.1 – North Macedonia: Name Politics, Memory Regimes and Democratization on the Road to EU Membership | 1 |
| **2** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | **0,5** |
| 2.1 | Организационен одбор за организирање на Скопско-загрепски колоквиум, 2019 година | 0,5 |
| **3** | **Член на организационен и програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **6** |
| 3.1 | Организационен одбор за организирање на Годишна конференција под наслов: Contemporary Aspects of Legal Culture – Contents and Discontents, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2022 година | 1 |
| 3.2 | Организационен одбор за организирање на Годишна конференција под наслов: Law, socio-economics and politics in troubled times, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2021 година | 1 |
| 3.3 | Организационен одбор за организирање на Годишна конференција под наслов: 70 Years of The European Convention on Human Rights, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2020 година | 1 |
| 3.4 | Организационен одбор за годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први - “Transitions of Legal Systems: 30 Years after the Fall of the Berlin Wall, Скопје 2019 | 1 |
| 3.5 | Организационен одбор на 5-th international Scientific Conference ,, The Rule of Law and Civil Scociety", во организација на Правен факултет при ДУТ и Правен факултет „Јустинијан Први“, октомври 2018 година | 1 |
| 3.6 | Организационен одбор за меѓународна научна конференција по повод 25 години од основањето на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2018 година | 1 |
| **4** | **Студиски престој во странство** | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| 4.1 | Студиска посета на University of Vienna, Institut für Politikwissenschaft, OEAD/ CEEPUS program, јануари 2020 година | 0,5 |
| 4.2 | Студиска посета на Centre for Southeast European Studies, Karl-Franzens Universitat Graz, Austria во рамки на Еразмус програмата, јуни 2019 година | 0,5 |
| 4.3 | Студиска посета на Institute of political sciences, Cardinal Stefan Wyszyński University in Warsaw, Poland, во рамки на Еразмус програмата, јуни 2018 година | 0,5 |
| 4.4 | Студиска посета на SWUFE, Chengdu University, China, септември 2018 година | 0,5 |
| **5** | **Продекан** | **4** |
| 5.1 | Продекан за наука и меѓународна соработка, 2021 – 2024 година | 4 |
| **6** | **Член на универзитетска комисија** | **1** |
| 6.1 | Комисија за соработка со универзитетите во земјата и во странство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2020 – 2023 година | 1 |
| **7** | **Член на факултетска комисија** | **2.5** |
| 7.1 | Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2018/2019 година | 0.5 |
| 7.2 | Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2019/2020 година | 0.5 |
| 7.3 | Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2020/2021 година | 0.5 |
| 7.4 | Конкурсна Комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2022/2023 година | 0.5 |
| 7.5 | Комисија за спроведување на постапката за доделување на 10 стипендии на студенти запишани во прва година на прв циклус студии во учебната 2020/2021 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0.5 |
| **8** | **Член на комисија за избор во звање** | **0.2** |
| 8.1 | Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област теоретски политички науки, 2019 година | 0.2 |
| **9** | **Член на управен одбор на здружение поврзано со струката** | **0.3** |
| 9.1 | Член на TEPSA Board на Trans European Policy Studies Association, Brussels, Belgium 2020 – тековно | 0.3 |
| | **Вкупно** | 29,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 54,49 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 113,1 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 29,5 |
| **Вкупно** | 197,09 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Илиевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Марковиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Иван Дамјановски, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Д-р Ирена Рајчиновска Пандева е континуирано и активно вклучена во наставата на повеќе студиски програми од 1997 година како демонстратор, асистент, доцент и вонреден професор. Рецензентската комисија го подвлекува долгогодишниот ангажман на кандидатката во наставата, како и нејзиниот професионализам и посветеност во развојот и одржливоста на политичките студии и студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатката ги извршува своите работни задачи, навремено, совесно и целосно и покажува иницијативност за унапредување на наставните, научните и стручните активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Д-р Ирена Рајчиновска Пандева е активно ангажирана во подготовка и во спроведување научни, стручни и образовни проекти и има значајни достигнувања во примената на стручно-апликативната дејност во поширок општествен контекст.

Кандидатката има забележителна издавачка активност во објавување на монографии, научни и стручни трудови на македонски и англиски јазик во земјата и во странство.

Д-р Ирена Рајчиновска Пандева има стекнато солидно меѓународно искуство преку експертски активности со учество во повеќе уредувачки одбори на меѓународни списанија и рецензентски ангажман во значајни списанија на повеќе странски универзитети. Кандидатката била гостински професор на врвни меѓународни универзитети и е член на управниот одбор на престижната асоцијација TEPSA од 2020 година.

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ирена Рајчиновска Пандева.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ирена Рајчиновска Пандева поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област теоретски политички науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Ирена Рајчиновска Пандева да биде избрана во звањето редовен професор во научната област теоретски политички науки.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Марковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Иван Дамјановски, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ“ ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р ЈУЛИЈА БРСАКОСКА БАЗЕРКОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бр. 02-614/8 од 6.6.2022 г., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Европската Унија во меѓународните односи“ од авторката проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“, за предметот Европската Унија во меѓународните односи, избрани се проф. д-р Сашо Георгиевски и проф. д-р Илина Ценевска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Европската Унија во меѓународните односи |
| **Назив на предметната програма:** | Европската Унија во меѓународните односи |
| **Назив на студиската програма:** | Мастер студии по Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на Европската Унија |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **67 часа, 7,5 кредити** |
| Предметот Европската Унија во меѓународните односи на Правниот факултет „Јустинијан Први“ е изборен предмет со фонд на часови 67, број на ЕКТС-кредити – 7,5 и се слуша во 9. семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 244 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 0 слики и 0 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**
**Проф. д-р Илина Ценевска, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р САШО ГЕОРГИЕВСКИ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот од авторката проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска претставува прво издание на учебник по предметот Европската Унија во меѓународните односи и е наменет првенствено, иако се разбира, не и исклучиво, за студентите на втор циклус (мастер) студии по Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на Европска Унија.<br>Ракописот прецизно и на систематизиран начин ги елаборира позицијата и улогата на Европската Унија во меѓународните односи низ сите институционални, политички и правни комплексности. Учебникот дава детален приказ на надворешната димензија на политиките на Унијата кои се значајни во остварувањето на нејзиниот целосен потенцијал како актер на меѓународната сцена. Исто така, се фокусира и на односите на Унијата со Организацијата на обединетите нации, како и членството на Унијата во Светската трговска организација. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со предметната програма по предметот Европската Унија во меѓународните односи. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот од авторката проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска претставува еден концизен, сеопфатен, модерен учебник, кој на вешт начин ги спојува теоретските и практичните аспекти на материјата. Ракописот дава детален, а истовремено јасен увид во позицијата, улогата и значењето на Европската Унија во меѓународните односи. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 244 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 0 слики и 0 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Европската Унија во меѓународните односи, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје, 30 септември 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Илина Ценевска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Европската Унија во меѓународните односи“ преку разбирлив стил и на систематизиран начин ги елаборира клучните предуслови (елементи) кои ја детерминираат позиционираноста на Европската Унија во меѓународниот поредок. Даден е продлабочен преглед на релевантната институционална рамка, надлежностите кои ѝ припаѓаат на Унијата во меѓународната сфера на делување и спецификите на нејзиниот меѓународноправен субјективитет, како и приказ на односите меѓу Унијата и одредени поважни меѓународни организации како Организацијата на обединетите нации и Светската трговска организација. Покрај ова, се дава засебен фокус на Заедничката надворешна и безбедносна политика, надворешната трговска политика, меѓународната димензија на политиката за развојна соработка и еколошката политика на Европската Унија, нејзината политика на проширување и Европската политика кон соседите, со што се нуди една интегрална слика за мноштвото домени во кои Унијата развива интензивна меѓународна активност, благодарение, пред сè, на богатиот инструментарум на soft law механизми со кои располага. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со предметната програма по предметот *Европската Унија во меѓународните односи* и претставува додадена вредност и новитет не само од аспект на природата и релевантноста на темите со кои се ангажира, туку и од аспект на неговата исклучителна корисност како четиво преку кое студентите и пошироката читателска публика ќе имаат можност, можеби за прв пат досега, на македонски јазик да консултираат стручна литература која обработува теми од овој карактер. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот третира една по многу нешта важна и комплексна политичко-правна проблематика, темелно разработувајќи ја улогата на Европската Унија како sui generis актер во меѓународните односи и внимателно |

| | |
|---|---|
| | земајќи ги предвид повеќедимензионалноста и повеќеслојноста на оваа нејзина улога. Ракописот ја елаборира предметната материја на начин кој е концизен и методолошки компактен, што од своја страна овозможува правилно разбирање и полесно совладување на основните принципи и концепти преку кои се дефинира улогата на Унијата како актер на меѓународната сцена. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 244 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 0 слики и 0 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Европската Унија во меѓународните односи, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје, 23 септември 2022 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Илина Ценевска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈАПОД НАСЛОВ „СОЗДАВАЊЕТО НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА И ПОЛОЖБАТА НА МАЛЦИНСКИТЕ АКЦИОНЕРИ ВО КОРПОРАЦИИТЕ"ОД КАНДИДАТОТ М-Р ЕМРАХ МИХТАРОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 6.5.2022 година, со Одлука број 02-509/92 формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Емрах Михтароски под наслов: „Создавањето на сопственичката структура и положбата на малцинските акционери во корпорациите“, во состав: проф. д-р Владо Бучковски, член, проф. д-р Димитар Гелев, член, проф. д-р Горан Коевски, член и проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, член и проф. д-р Александар Климовски, ментор.

Комисијата со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација на кандидатката, и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторскиот труд „Создавањето на сопственичката структура и положбата на малцинските акционери во корпорациите“ содржи 192 страници текст и 204 фусноти, при што се користени 82 странски библиографски извори, 11 домашни библиографски извори и 22 интернет-извори.

Трудот е структуриран во 4 дела во кои се содржани вкупно 16 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Воведот** ги содржи предметот и целите на истражувањето, методолошкиот пристап што е користен при неговата изработка, како и објаснување за општествената оправданост за изработка на трудот.

Трудот од научен аспект ја анализира сопственичката структура на акционерските друштва. Правните аспекти се анализираат преку споредба на релевантната меѓународна регулатива, регулативата на Европската Унија и домашната регулатива поврзана со темата на истражувањето. Но, покрај научната оправданост, трудот има и општествена оправданост затоа што го утврдува значењето на физиономијата на сопственичката структура, положбата на малцинските акционери и механизмите за превенција од конфликти во корпорацијата.

**Предмет и цел** на истражувањето на докторската дисертација има за основна цел да го разјасни создавањето на физиономијата на сопственичката структура на корпорациите и нејзиното влијание во процесите на корпоративното управување.

**Основната хипотеза** е да се согледа дали одредени историски процеси кои довеле до појавата на корпорациите, како и тогашните економски, правни и социјални состојби во различните географски и легислативни системи имаат есенцијално влијание врз создавањето на физиономии во сопственичката структура на корпорациите.

Тезата во дисертацијата е фундирана на утврдувањето на врските меѓу процесите на корпоративната сопственост, носењето на одлуките во корпорацијата во кои е интегриран интересот на сите засегнати страни, како и механизмите за заштита на малцинските инвеститори при евентуална повреда на нивните права или правата на самата корпорација како посебен ентитет.

**Методи на истражување**

Во текот на истражувањето се користени општите и посебните научни методи. Во голем дел од теоретското истражување се користи методот на историската анализа на содржина со цел продлабочено осознавање на причините и начините на создавањето на сопственоста во

корпорацијата, корпоративниот имот, учеството на заинтересираните страни и положбата на малцинските акционери во таа структура. Од друга страна, фактот што материјата за корпоративната сопственост и малцинските акционери се уредува со голем број на меѓународни акти, законски и подзаконски акти, кодекси, стандарди, принципи, правилници и одлуки ја налага потребата од примена на методите за истражување коишто се специфични за правната наука. Така, од голема вредност за истражувањето е примената на нормативно-правниот и споредбено-правниот метод (компаративен метод). Во последниот дел од истражувањето, од голема помош е користен методот на синтеза преку кој се оформуваат заклучоци во однос на степенот на усогласеност на националното законодавство со меѓународната и европската регулатива и какви состојби можеме во иднина да очекуваме во изгледот на сопственичката структура на корпорациите и положбата на малцинските акционери, со што би се влијаело на подобрување на правниот амбиент и економската состојба, како и остварување на бројни придобивки за акционерските друштва и сите заинтересирани страни (stakeholders).

Добиените резултати од истражувањето се однесуваат на утврдените релации меѓу правно-економските состојби и физиономијата на корпоративната и сопственичка структура, како и нивното влијание врз корпоративните одлуки, како и можностите од појавата на одредени конфликти на интереси меѓу одредените фрагменти во акционерската структура во корпорацијата.

**Целта на истражувањето и добиените резултати** во докторската дисертација е да се детерминираат идните насоки во менувањето на сопственичката структура, како и да се увидат механизмите на заштита на одредени заинтересирани страни, пред сè малцинските акционери, дали преку државна легислативна акција или преку градење на саморегулација како коректив на аномалиите во корпоративното управување кои најчесто се јавуваат предизвикани од несоодветен степен на правна и судска заштита особено на малцинските акционери, но и на самата корпорација како правно лице.

**Првиот дел** насловен „Создавањето на корпоративната сопственичката структура“ ги детектира екстерните фактори кои влијаат на сопственичката структура, како што се пазарот на капитал и пазарот на трудот, но и влијанието на корпоративното право кое се фокусира во објаснувањето на влијанието на внатрешните фактори врз процесите на сопственичката структура, а особено на нејзината физиономија и поделбата на моќта меѓу фрагментите на таа структура и делегирање на дел од моќта (управувачката моќ) на други субординирани органи.

Кандидатот со право утврдува дека преку сопственичката структура и делегацијата на моќта се формира структура преку којашто се утврдуваат целите на корпорацијата, а воедно се определуваат и начините за остварување на овие цели, како и следењето на перформансите на корпорацијата.

Во овој дел се прикажани разликите во историскиот развој на создавање на сопственичката структура, како и причини за глобалните разлики во системите на корпоративното управување, при што различните степени на распространетост на сопственоста се објаснуваат со различни фази на економски развој. Фокусот е ставен на анализата на надворешните и внатрешните политички и правни влијанија во развојот кон распространетата, односно концентрираната сопственост, при што таа зависи од силата на заштитата на акционерите обезбедена од законот. Кандидатот согледал дека врз сопственичката структура влијае правната фамилија на којашто ѝ припаѓа. Имено, државите со граѓанско право без распространета сопственост очигледно не успеале да обезбедат ефективно, заштитничко право, заради нивната правна традиција и заради тоа страдаат од сопственичката структура која е премногу концентрирана, додека државите со надворешен систем, распространетата сопственост е претежно сопственичката структура на повеќето корпорации. Во продолжение, во овој дел се дава приказ на видовите корпоративна сопственичка структура: распространетата сопственост и контрола, детерминирани од пазарот и концентрираната сопственост и контрола, засновани на репутацијата. Акцентот е ставен на анализата на карактеристиките на сопственичката структура во САД, каде што акционерските права вклучуваат широка лепеза на

прашања: процедури на гласање, управувачки правила при нова емисија на акции, па сè до пристап до информации и до начинот на кој менаџерите можат да одговараат на предизвиците на корпоративната контрола, но и на карактеристиките на сопственичката структура во Германија и германскиот универзален банкарски систем со своите позитивни и негативни ефекти.

Карактеристиките на сопственичката структура во Франција се претставени преку т.н. комбиниран извештај на корпоративното управување на листираните корпорации во Франција, кој го потврдува режимот „согласи се или објасни“.

**Вториот дел** под наслов „Акционерска демократија“ ги опфаќа општите прашања за акционерската демократија и настанувањето на првите финансиски пазари во италијанските градови држави како Фиренца, Венеција, Џенова и други, каде што се појавиле првите банки. Преку историска ретроспектива во овој дел се прави и врската меѓу колонијализмот и акционерството и формирањето на берзата во Амстердам, настанувањето на Лондонската берза и појавата на акционерскиот активизам во Велика Британија, настанувањето на првите американски пазари на хартии од вредност и на акционерството во Германија и Јапонија, а особено развојот на акционерската демократија по Втората светска војна која е поврзана со економската обнова по војната. Акцентирани се и промените во акционерството од крајот на XX век, детерминирани од големите корпоративни скандали кои ја покажале корумпираноста во корпоративното управување и потребата од поголема контрола од страна на акционерите, како и распадот на комунизмот и приватизацијата во земјите од комунистичкиот блок каде што приватизацијата во тие држави е извршена според различни модели, некаде успешно, некаде помалку успешно. Кандидатот истакнува дека во голем дел од овие држави, акционерската демократија како поим долго време не постоела, малите акционери (најчесто вработените во компаниите) биле маргинализирани до крајни граници, а нивните права биле флагрантно кршени и непочитувани. Сепак, оваа состојба не била резултат на непостоење на закони кои би ги заштитиле малите акционери колку што била резултат на непочитувањето на законите, а промените во правец на надминување на таа состојба не се резултат на нови решенија и концепти или еволутивен развој на акционерската демократија во овие земји, туку примена на искуства и законски решенија од другите земји (без свој оригинален придонес и карактеристики), како и подигање на свеста кај малите акционери за своите права.

**Третиот дел** под наслов „Современото акционерство и заштитата на малцинските акционери“ е централниот дел на докторскиот труд и тој е посветен на основни прашања за положбата на акционерите во корпорацијата и правната природа на корпорацијата и нејзината поврзаност со правата на акционерите. Кандидатот дава анализа на механизмите за заштита на малцинските акционери во корпорацијата, како и значењето на заштита на малцинските акционери. Притоа, клучно за заштита на инвеститорите, посебно на малцинските акционери е транспарентноста сфатена како транспарентност во објавување на податоците и транспарентност во однос на имињата на акционерите кои поседуваат под 5 % од основната главнина. Кандидатот прави прецизно разграничување помеѓу превенцијата, заштитата и рехабилитацијата на малцинските акционери како различни фази кои располагаат со различни алатки, но имаат за цел заштита на малцинските акционери. Во овој дел, прикажано е правното регулирање на заштитата на малцинските акционери во земјите на Европската Унија, преку директивите поврзани со компаниското право, особено преку детална анализа на Директива 2007/36/ЕЗ од 11 јули 2007 година за остварување одредени права на акционери на трговски друштва што котираат на берза (Четиринаесетта директива) и нејзиното изменување и дополнување со Директивата 2017/828/ЕУ. Директивата 2007/36/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 година за остварување одредени права на акционери на трговски друштва што котираат на берза ги утврдува условите во врска со остварувањето на одредени права на акционерите кои произлегуваат од акциите со право на глас во однос на годишните собранија на трговските друштва кои имаат седиште во земја членка и чии акции котираат на регулиран пазар кој се наоѓа или работи во земјата членка. Директивата ги зацврсти акционерските права, особено преку проширување на правилата за транспарентност, правото на гласање преку полномошници, можноста за учество и гласање на годишни собранија преку електронски средства и гарантирање дека може да се остварат правата на прекугранично гласање. Целта е заштита на правата на акционерите на територијата на сите земји членки и зголемување на нивната активна улога во управувањето со друштвото. Фокусот на директивата согласно со последните измени е во насока на утврдување на идентитетот на акционерите, преносот на информациите и олеснувањето на остварувањето на правата на акционерите.

Воедно, во овој дел се определени директорските должности за заштита на акционерите: обврската на лојалност и обврската на грижа како стандарди на дејствување на органите на управување во различни околности и ситуации. Должноста за грижа им дава обврска на органите на управување да обрнат посебно внимание при нивното работење. Тоа од друга страна им дава еден вид општа слобода во дејствувањето и работењето, но до определен степен. Кандидатот апостроф става на примената на сет законски инструменти за заштита на малцинските акционери преку: правото на свикување на акционерско собрание, правото на предлагање на точки на дневниот ред на собранието на акционери, донесување на статусни одлуки за друштвото, право на ревизија и надзор, правото на информираност, правото на еднаков третман и процедуралните инструменти за заштита на малцинските акционери. Наградувањето на членовите на органите на управување, раководните лица (менаџери), е во тесна релација со заштита на инвестицијата на акционерите. Тоа се постигнува со задолжително откривање на податоците во поглед на тоа колку изнесува наградата на директорите и/или на менаџерите и одобрување на исплатените износи на наредното годишно собрание.

**Четвртиот дел** посветен на корпоративното управување во Република Северна Македонија под називот „Настанување на сопственичката структура на акционерските друштва во Република Северна Македонија“ го поврзува историскиот развој на сопственичката структура на корпорациите и правата на акционерите, при што ги дефинира основните карактеристики на моделот на корпоративно управување и сопственичката структура во компаниите во Република Северна Македонија.

Заштитата на малцински акционери при донесување на одлуки е обработена преку утврдувањето квалификувано мнозинство при донесување на одлуките. Имено, квалификуваното мнозинство предвидува кога одлуките се носат со најмалку две третини од акциите со право на глас, претставени во Собранието. Со тоа, носењето на одлуки со квалификувано мнозинство им овозможува на малцинските акционери да имаат учество во донесувањето на одлуките, односно од нив мора да се бара поддршка за одлуките да бидат донесени особено ако мнозинското управување се заснова на помалку од две третини на акции со право на глас, и тоа за: давање заеми на членови на управен, односно надзорен орган; давање на одобрение за овластување на управниот одбор, кога надзорниот одбор го одбил тоа; отповикување на право на првенство на акционерите со приоритетни акции; измени на Статутот; зголемување на основната главнина; делумно или целосно отповикување на првенствено право во поглед на издавање нови акции; намалување на основната главнина; престанок на друштвото; одобрување на големи зделки; статусни промени на друштвото, освен ако не е потребна едногласна согласност. Во тој случај, малцинските акционери се заштитени бидејќи сите имаат право на вето.

Истовремено, одредени суштински промени, како што се преобразбите, припојувањата, спојувањата и поделбата на друштвата, ја наметнуваат обврската за задолжителен откуп на акциите од акционерите кои се спротивставиле на таквите промени. Во улога на факултативна заштита на малцинските акционери е анализирано и кумулативното гласање за донесување на одлуки за избор на членови на одборот на директори (во едностепен систем на управување) или членови на надзорен одбор (во двостепен систем на управување). Кумулативното гласање им овозможува на малцинските акционери со поголем број акции да стекнат свој претставник во органот на управување, или пак на група помали акционери да поставаат член во органот на управување кој не е поврзан со менаџментот. Кандидатот ги посочува и консолидираните сметки и консолидираните финансиски извештаи како специфични инструменти бидејќи ги составува друштвото што има преовладувачко влијание во едно или повеќе друштва и со нив се опфатени состојбите во сите поврзани друштва. Во нив се рекапитулираат, во документи на синтеза, резултатите на сите поврзани друштва во кое едно друштво има преовладувачко влијание и преку нив акционерите се во тек со или треба да бидат во тек со функционирањето на поврзаните друштва. Овој дел ја обработува и заштитата на правата на малцинските акционери во процесот на преземањето. Механизам на заштита на малцинските акционери во процесот на преземање е правото на излез на малцинските акционери (sell-out). Ова право им овозможува на малцинските акционери да ги принудат мнозинските акционери (кои поседуваат најмалку 95 % од акциите со право на глас) да ги откупат сите нивни акции. Всушност, ова право

им овозможува на малцинските акционери во секое време да излезат од друштвото по неговото преземање, најмалку по цената утврдена во понудата за преземање, иако претходно ја одбиле понудата за преземање. Меѓутоа, законодавецот водел сметка и за заштитата на правата на преземачот, во случај кога малцинските акционери од која било причина не сакаат да ги продадат своите акции. Мнозинскиот акционер има право на опцијата истиснување на малцинските акционери (squeeze-out). Ова претставува право на мнозинскиот или мнозинските акционери (кои поседуваат најмалку 95 % од акциите со право на глас) да ги принудат останатите малцински акционери да излезат од друштвото преку откуп на нивните акции, иако тие ја одбиле понудата за преземање. Конечно, заштитата на малцинските акционери се реализира и преку регулацијата на зделките со заинтересирана страна. Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна се донесува со мнозинство од членовите на одборот на директори, односно на надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката. Доколку сите од членовите на одборот на директори, односно надзорниот одбор, се заинтересирана страна во зделката, тогаш одлуката треба да ја донесе собранието на акционери со мнозинство од претставените акции со право на глас кои немаат интерес во зделката.

Во овој дел, дадена е и егзегеза на регулација на правата на малцинските акционери преку Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза. Како и кодексите во други европски земји, така и овој Кодекс се применува според принципот „примени или појасни зошто не си применил“. Ваквиот пристап подразбира дека примената на одредбите пропишани во Кодексот не е задолжителна за котираните друштва. Друштвата можат да не применат некоја одредба од Кодексот во случаи каде што постојат оправдани причини за тоа, на пример, доколку таквата одредба не одговара на големината или потребите на друштвото. Сепак, во таквите случаи, друштвата се должни да дадат објаснување зошто конкретната одредба не можела да биде применета. Делот од Кодексот кој е релевантен за тезата на докторската дисертација е насловен како Права на акционерите и односи со акционерите каде што владее премисата дека членовите на надзорниот и управниот одбор имаат законска должност да постапуваат во најдобар интерес на друштвото и сите акционери. Оттука, важно е да се обезбеди почитување на правата на сите акционери без оглед на бројот на нивните акции во друштвото, како и да им се даде можност сите акционери да ги искажат своите ставови и да гласаат на собранието на акционери и можност да се вклучат во дискусија со друштвото.

Овој дел ги обработува принципите, одредбите и препораките на Кодексот за правата на акционерите.

Во **заклучните констатации,** дадени се заклучни забелешки или согледувања за решавањето на поставените проблеми, а посебен апостроф е ставен на прашањето: дали може сопственичката структура и заштита на малцинските акционери да доведе до подобар управувачки систем кој дава конкурентска предност на тие корпорации коишто ќе го усвојат? Проблемите на корпоративното управување секогаш се јавуваат во случај кога сопствениците на обичните акции ќе почнат да бараат практикување на постапки спротивно од постапките на управувачката структура. Конфликтот и евентуалните механизми за нивно надминување се засилуваат зависно од тоа дали се работи за широко дисперзирана сопственичка структура, а во одреден земји и високо фрагментирана, или се работи за акционерски друштва со високо концентирана сопственичка структура кога контролниот пакет на акции го поседува еден акционер, правно, физички лице или одредено семејство. Зависно од ваквата ситуација, праксата развила, а теоријата препознала низа механизми погодни за низа ситуации за овој конфликт на интерес да се разреши. Тука особено треба да се споменат можностите за т.н. антипреземачки мерки кои се иманентни за гореспоменатите надворешни системи иманентни за англо-американското право подрачје, како што се: poison pills, white knights, green mail и оние клаузули во менаџерските договори кои даваат одредени бенифиции на главните извршни директори при пензионирањето или при предвременото раскинување на манеџерските договори, како што се golden parachutes.

Кандидатот заклучува дека Република Северна Македонија имаше свој пат на т.н. првобитна акумулација на капиталот трасиран од процесот на приватизација, особено со користењето на т.н. инсајдерски модел, кој ја создаде висококонцентрираната сопственичка структура и спојувањето на сопственоста и управувањето. Негово видување е дека разбивањето на ваквата структура може да се изврши особено преку поевтинување на трошоците од процесите на аквизицијата и јакнење на институциите надлежни заштита на правата, особено на малцинските акционери.

Кандидатот го завршува својот труд со укажување дека на долга патека, реформите треба да се насочени кон карактеристиките на системот со дисперзирана сопственост базиран на пазарот, бидејќи оперира подобро во интегрираните пазари на долгорочни хартии од вредност. Сепак, обидите да се постигне непосреден премин во таа насока може да има штетни ефекти доколку правната и институционална околина не дава доволно поддршка за далекусежно финансирање и широко дисперзирана сопственост.

**Оцена на трудот**

Во докторскиот труд на кандидатот Емрах Михтароски под наслов „Создавањето на сопственичката структура и положбата на малцинските акционерите во корпорациите“, успешно е обработена една многу современа и актуелна тема; тема која е од голема важност при воспоставувањето на односите на влијание, моќ и одговорност во корпорациите. Кандидатот на соодветен начин одговорил на поставените истражувачки задачи, при што своите заклучоци ги изведува врз основа на компаративна анализа на правната поставеност на корпорациите во компаративното право. Материјата е обработена избалансирано со логичен редослед.

Предност на докторскиот труд е неговата конзистентност и јасност. Материјата е обработена со користење на соодветна методолошка рамка која се состои од повеќе стручни и научни експликации, соодветни сумарни информации од спроведените истражувања и аргументирани заклучоци.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. „Corporate Lae in Rome: Did it “Exist, меѓународен научен собир: „IUS & HUMANITAS“, организиран на 25 – 27 октомври 2018 година, учество како единствен автор.
2. ,, Control Over The Police In The Republic Of Macedonia”, меѓународен научен собир ,,Дани Арџибалда Рајса“, организиран од Полициската академија во Белград, учество како коавтор.
3. „Obstruction of the work of special public prosecution through the prism of the constitution and laws of the Republic of Macedonia“, „Дани Арџибалда Рајса“, организиран од Полициската академија во Белград, учество како коавтор.

**Заклучок и предлог**

Со оглед на наведеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот Емрах Михтароски со наслов: **Создавањето на сопственичката структура и положбата на малцинските акционери во корпорациите**.

**Комисија**

**Проф. д-р Владо Бучковски, член, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Гелев, член, с.р.**
**Проф. д-р Горан Коевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, член, с.р.**
**Проф. д-р Александар Климовски, ментор, с.р.**

Преглед

На прифатени теми за изработка на магистерски трудови на

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Наставно-научен совет – 04.10.2022 година

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Број |
|---|---|---|---|---|
| Стефан Дојчиноски, | Преиспитување на релевантноста на доктрината ultra vires и нејзините консеквенци во современото деловно право – со посебен осврт на нејзината примена во македонското законодавство (Reviewing the relevance of the ultra vires doctrine and its consequences in modern business law - with a special reference to its application in the Macedonian legislation | проф.д-р Дарко Спасевски | 07.10.2022 | 02-1016/59 |
| Нина Балабан | Разузнавачко – безбедносните служби на државите на Југоисточна Европа (Intelligence and Security Services of the Southeastern Europe States) | проф.д-р Никола Тупанчески. | 07.10.2022 | 02-1016/60 |
| Андреј Гулабовски | Облици на остварување на правото на граѓаните на локална самоуправа со посебен осврт на Република Северна Македонија (Forms of exercising the right of citizens of local self-government with special reference to the Republic of North Macedonia) | доц.д-р Марко Кртолица. | 07.10.2022 | 02-1016/61 |
| Панче Патоски | Ефектите на големината на изборната единица врз развојот и функционирањето на политичкиот систем со посебен осврт кон Република Северна Македонија (The effects of district magnitude on development and functioning of the political system with special reference to Republic of North Macedonia) | доц. д-р Марко Кртолица. | 07.10.2022 | 02-1016/62 |
| Валдете Зајази | Договорот за дар во домашното и споредбеното право (Gift Contract in Domestic and Comparative Law) | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска | 07.10.2022 | 02-1016/63 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Диана Груевска Илиевска, | Казнената политика на судовите во Република Северна Македонија во однос на кривичните дела на семејното насилство (The Penal Policy of the Macedonian Courts in Regard to Domestic Violence Crimes) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 07.10.2022 | 02-1016/64 |
| Верица Стојанова, | Парнични дејствија на странките во парницата (Procedural Activities of the Parties in Litigation) | проф.д-р Милка Ракочевиќ. | 07.10.2022 | 02-1016/65 |
| Филип Кнапиќ | Еднородителски семејства – изгубени во законите (Single-parent Families – Lost in Legislation) | проф.д-р Елена Игновска | 07.10.2022 | 02-1016/66 |
| Умејр Мухамеди | Правна и економска анализа на локалното финансирање во домашното законодавство: Студија на случај на Град Скопје (Legal and Economic Analysis of the System of Municipal Financing According the National Legislation: Case study of the City of Skopje) | проф.д-р Александар Стојков | 07.10.2022 | 02-1016/67 |
| Борјан Ефтимов | Односот на правата на интелектуална сопственост на бази на податоци и бизнисите базирани на базите на податоци (The Relationship Between the Intellectual Property Rights of Databases and the Database-based Businesses) | проф.д-р Неда Здравева | 07.10.2022 | 02-1016/68 |

Скопје, 12.10.2022 година

ДЕКАН
Проф. д-р Сашо Георгиевски

Изработил: м-р Илија Манасиев,советник за студенткси прашања

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) БИОЛОГИЈА, ЗООЛОГИЈА И ЗООФИЗИОЛОГИЈА И ДРУГО (ПРЕДМЕТИ: ЦИТОЛОГИЈА, ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА И ЗООЛОГИЈА) НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за биологија, објавен во весниците „Коха“ од 18.8.2022 и „Вечер“ од 19.8.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) биологија, зоологија и зоофизиологија и друго (предмети: Цитологија, Хистологија и ембриологија и Зоологија), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2313/3, донесена на 29.9.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Маја Јорданова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Ирена Тавчиовска-Василева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет и д-р Милица Ристовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) биологија, зоологија и зоофизиологија и друго (предмети: Цитологија, Хистологија и ембриологија и Зоологија), во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Катерина Ребок.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката вонр. проф. д-р Катерина Ребок е родена на 28.7.1972, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во УСО „Никола Карев“, во 1991 година. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет, на 14.10.1998 година. Дипломирала на 14.10.1998 година, со просечен успех 8,73.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1998/99 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Природно-математичкиот факултет. Студиите ги завршила на 3.7.2006 година, со просечен успех 9,60, со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Микроскопски испитувања на слезината кај женски единки од природна популација на Охридска пастрмка, *Salmo letnica* Kar. (Teleostei, Salmonidae)“.

Дисертацијата на тема: „Токсикопатолошки мониторинг на реката Брегалница со примена на црната мрена (*Barbus peloponnesius,* Valenciennes, 1844) како биоиндикатор“, ја одбранила на Природно-математичкиот факултет на 14.2.2013 година, пред Комисија во состав: д-р Маја Јорданова, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Едуардо Роча, редовен професор на Биомедицинскиот факултет „Абел Салазар“ при Универзитетот во Порто (Португалија), д-р Ирена Тавчиовска-Василева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Нада Митева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, и д-р Васил Костов, вонреден професор на Институтот за сточарство во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област биологија/цитологија и хистологија.

На 3.5.2013 година е избрана во звањето доцент на Природно-математичкиот факултет од група предмети од областа на цитологијата и хистологијата на животните.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1162 од 1.2.2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени за изборот во звањето доцент во Билтенот бр. 1053 од 30.4.2013 година, за изборот во вонреден професор во Билтенот бр. 1162 од 1.2.2018 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Природно-математички факултет, кандидатката д-р Катерина Ребок од изборот во звањето вонреден професор изведува настава по повеќе предмети: Цитологија (студии по биологија и нутриционизам), Хистологија и ембриологија (студии по биологија и биохемија-физиологија) и Зоологија (студии по екологија), како и во изведувањето на теоретската настава по изборниот предмет Радијациона биологија (студии по физика, студии по биохемија и физиологија и студии по молекуларна биологија) и Токсиколошка хистопатологија на риби (студии по биохемија и физиологија, студии по молекуларна биологија). Дополнително, кандидатката беше вклучена и во осовременување и одржување на практичната настава по сите горенаведени предмети. Со воведувањето на нова студиска програма – Нутриционизам, кандидатката активно учествуваше во подготовката на теоретската и практичната настава по предметот Хистологија, приспособен за оваа студиска група. На вториот и на третиот циклус студии, д-р Катерина Ребок е вклучена во изведување на наставата по група предмети од областа на цитологијата и хистологијата кои се реализираат на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет.

Кандидатката била ментор на 2 дипломски работи.

Кандидатката учествувала како член во комисија за одбрана на 9 дипломски работи, ментор на 1 магистерски труд, член на комисија на 1 магистерски труд и член на одбрана на 1 докторска дисертација.

Кандидатката е автор на рецензирано учебно помагало под наслов „Практикум по Зоологија“, наменето за студентите од еколошката насока. Исто така, кандидатката била рецензент на 2 учебни помагала (скрипти), наменети за студентите од Институтот за биологија, како и автор на две интерни скрипти – практикум за вежби (Општа биологија и Хистологија и ембриологија), наменети за студентите од Институтот за биологија и Институтот за хемија.

Кандидатката д-р Катерина Ребок е активен член во Македонското еколошко друштво и секретар на Друштвото на биолозите на Република Македонија.

Детално сите активности на кандидатката во наставно-образовната дејност се наведени во Анекс 2, составен дел на овој Извештај.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Катерина Ребок од изборот во звењето вонреден професор има објавено вкупно 20 научни трудови од областа на хистологијата и хистопатологијата. Научниот интерес на кандидатката во последните години е насочен кон примена на хистолошките биомаркери кај рибната популација, како сензитивни и ефикасни биомониторинг-алатки за проценка и квантифицирање на ефектите предизвикани од енвиронменталните стресори врз здравствениот статус на рибната популација и акватичните екосистеми во Република Северна Македонија. Од

вкупниот број трудови, 14 научни труда се публикувани во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) и 6 труда во меѓународни научни списанија со меѓународен научен одбор.

Д-р Катерина Ребок од изборот во звањето вонреден професор била учесник во еден билатерален македонско-хрватски проект, а моментално е раководител на еден национален проект од областа на хистопатологијата на риби. Дополнително, во изминатиот период, кандидатката учествувала и во 8 национални проекти од областа на диверзитетот на рибите во повеќе водотеци од земјава.

Д-р Катерина Ребок во изминатиов период има учествувано и во 4 работилници:

1. „Дигитална настава - искуства и предизвици со учењето на далечина“, УКИ, 4.11.2020
2. „CITES Species Protection Workshop / Sweden-North Macedonia“, Sv Protection Agency, 16.11.2020 ONLINE 8:45 AM - 3:45 PM
3. "BalkanDetox LIFE Kick-off Meeting", Kick-off Meeting of the newly launched LIFE project BalkanDetox LIFE. Date Time: Nov 30, 2020 ONLINE 10:00 – 16:00 AM Brussels
4. "Промоција на програмата за одржливо управување со води". Dec 24, 2020 01:00 PM.

Во продолжение е даден краток осврт на научните трудови на кандидатката.

**Трудови објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор**

Jordanova, M., Hristovski, S., Musai, M., Boškovska, V., Rebok, K., Dinevska-Ḱovkarovska, S., Melovski, Lj. (2018): Occurrence and intensity of hepatic capillariasis in the barbel (*Barbus rebeli*) from the river Crn Drim in the Republic of Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 20(1-2): 31-35.

Капиларијазата претставува патолошка промена на различни ткива кај рибите, вклучувајќи го и црниот дроб предизвикани од паразити. Целта на ова истражување беше да се определи застапеноста на хепатичната капиларијаза, хистопатолошките промени во црниот дроб кај инфицираните риби, како и асоцијацијата помеѓу паразитската инфекција и макрофагните клетки кај мрените изловени од реката Црн Дрим. Со стереолошки методи, определена е процентуалната застапеност на паразитските јајца и макрофагите. Јајцата се пронајдени кај 68 % од испитуваните единки. Интензитетот на инфекцијата варира од едно до 150 јајца. Паразитските јајца окупираат од 0,01 до 24,3 % од волуменот на црниот дроб. Некрозата на ткивото, лимфоцитната инфилтрација и фиброзата беа слабо застапени. Меѓутоа беше евидентирана значителна корелација помеѓу пигментираните макрофаги и јајцата од капиларијазата. Според наши сознанија, ваква појава досега не е евидентирана кај ниеден вид риба во нашата земја.

Jordanova, M., Rebok, K., Rocha, M.J., Rocha, E. (2018): Histochemical Evaluation of Iron Content in the Liver of Wild Female Ohrid Trout (*Salmo letnica* Kar.) Along the Breeding Cycle. Contributions, Sec. Nat. Math. Biotech. Sci., MASA, 37(2): 129–133.

Во овој труд е испитувано хистохемиски со стереолошки методи присуството на железото кај охридската пастрмка. Во текот на репродуктивниот циклус, почнувајќи од пред вителогенеза до постмрестителен период, евидентирано е значително зголемување на концентрацијата на железото во хепатоцитите, со значително зголемени вредности забележани во мрестителиот и постмрестителниот период во однос на другите фази од репродуктивниот циклус. Во овој труд за првпат е докажано дека нивото на железо во хепатоцитите, односно во црниот дроб може да зависи и од репродуктивната фаза во која се наоѓа рибата. Новооткриената асоцијација помеѓу содржината на железо и репродуктивниот циклус на рибите во иднина задолжително би требала да биде земена предвид во мониторинг-студиите.

Hristovski, S., Jordanova, M., Musai, M., Boškovska, V., Rebok, K., Dinevska- Ḱovkarovska, S., Melovski, Lj. (2019): Heavy metals in water and sediments of Crn Drim river. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 21(1-2): 73-78.

Во оваа студија се презентирани податоци за концентрација на тешки метали Fe, Mn, Zn, Cu, Cd и Pb во водите и седиментот на седум мерни точки по течението на реката Црн Дрим (вклучувајќи го и вештачкото езеро Глобочица). Концентрацијата на анализираните тешки метали покажа дека станува збор за чиста вода. Слична е ситуацијата со седиментот, каде што се утврдени ниски концентрации на тешки метали, со исклучок на мерните точки Лабинишка и Вевчанска Река. Исто така, анализирана е и сезонската динамика на концентрацијата на тешките метали во водата, од истите локалитети. За најголемиот број тешки метали беа забележани најниски концентрации во тек на пролетниот период, што кореспондира со највисокиот водостој во овој период. Сезонската динамика на Fe и Mn беше исклучок од ваквата динамика, што укажува на можноста од влијанието на рударските активности во сливното подрачје на Охридското Езеро.

Blinkova Donchevska, M., Hinić, J., Mitić-Kopanja, D., Ristovska, M., Sekovski, D., Rebok, K., Paunović, M., Slavevska-Stamenković, V. (2019): Ecological Status Assessment of the Strumica River Watershed Based on Macroinvertebrates – A Step Towards the Implementation of the EU Water Framework Directive in the Republic of North Macedonia. Water Research and Management, 9 (3-4): 3-14.

Цел на истражувањето е со примена на макроинвертебратската компонента да се добијат податоци за еколошкиот статус на водните тела во регионот на реката Струмица. Материјалот е колекциониран во 2015 година од 13 реки, како и од резервоарите Турија и Водочина. За проценка на еколошкиот статус се користени следните индекси – бројност на видовите EPT (Ephemeroptera, Plecoptera, Trichoptera), Biological Monitoring Working Party Score (BMWP) и Average Score Per Taxon (ASPT). CA-анализата потврдува дека макроинвертебратната заедница значително се разликува во различните водни тела, што укажува дека во нив постојат различни еколошки услови. Биолошката проценка базирана на гореспоменатите индекси укажува на добар статус на Колешинска Река, реката Ломница и Безгаштевска Река, и тие можат да се сметаат како индикатори за референтни, добри, услови во средината. Доминацијата на Chironomidae и Oligochaeta, како и метричките вредности, покажуваат дека постои високо ниво на еколошки стрес, или исклучително лоши еколошки услови во Радовишка, Стара и Водочничка Река. Испитувањата направени во оваа студија придонесуваат кон процесот на имплементација на макроинвертебратите како значителна компонента во идните мониторинг-студии во Република Северна Македонија.

Jordanova, M., Hristovski, S., Rebok, K., Musai, M., Dinevska-Ḱovkarovska, S., Melovski, Lj. (2019): Length-weight relationship and condition factor of two cyprinid fishes *Squalius squalus* and *Barbus rebeli* from the river Crn Drim in the Republic of the North Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 22(2): 107-109.

Во оваа студија за првпат се определени должинско-тежинските односи (LWRs) кај два вида риби *Squalius squalius* Bonaparte, 1837 и *Barbus ribeli* Koller, 1926. Рибите се колекционирани од реката Црн Дрим со помош на електроизлов во периодот од јануари 2010 до јануари 2012. Вкупно се колекционирани 552 единки. Телесната тежина (W) и тоталната должина (L) се мерени за определување на LWRs, кој е определен по следната формула W =a+b.log(L). Добиената b вредност изнесува 2,877 за *S. squalius* и 2,994 за *B. ribeli*. Претходни информации за тежинско должинските односи за овие два вида на риби досега не се објавени. Добиените резултати во оваа студија ќе можат да најдат примена во понатамошни ихтиолошки истражувања на овие видови риби.

Pavloski, S., Ivanova, L., Jordanova, M., Dinevska-Ḱovkarovska, S., Rebok, K. (2020): Quantitative analysis of the pigment composition of macrophage aggregates in the spleen of chub (*Squalius cephalus* L., 1758) from the river Crn Drim. Influence of sex and season. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 22(2): 75–86.

Целта на истражувањето е да се определи вкупното количеството на пигментирани макрофаги, како и количеството на макрофаги со различен пигментен состав во слезината на кленот изловен од реката Црн Дрим. Вкупно 156 риби се изловени за квалитативна и квантитативна анализа. Покрај релативниот, тоталниот волумен и бројот на макрофаги на единица површина, определени се телесната тежина, должината на рибите, кондицискиот фактор, тежината на слезината и сплиносоматскиот индекс. Сите параметри се толкувани во однос на сезоната и полот. Кај мажјаците во пролетно-летниот период, за разлика од оние во есенско-зимскиот период, забележано е зголемување на вредностите за вкупниот релативен и тотален волумен, како и релативниот волумен на агрегати кои содржат липофусцин/цероид и комбинација од липофусцин/цероид и меланин. Во однос на полот, мажјаците покажуваат повисоки вредности од женките, но овие разлики не се статистички значајни.

## Трудови објавени во научни списанија со фактор на влијание

Jordanova, M., Rebok, K., Spasova, A., Roganovic-Zafirova, D. (2017): Gill lesions in Prespa barbel (*Barbus prespensis*) inhabiting a polluted area of Lake Prespa. Archives of Biological Sciences, 69(2):285-289 (IF = 0. 73)

Студијата е фокусирана на лезии на жабрите кај преспанската мрена, колекционира на вливот на Голема Река во Преспанското Езеро. Оваа река е загадена од земјоделски, индустриски и урбани загадувачи. Микроскопската анализа на жабрите покажува серија на циркулаторни, регресивни, прогресивни, и со нешто помал интензитет инфламаторни промени. Доминираат некрозите и пролиферацијата на ламеларниот и интраламеларниот респираторен епител, теленгиекази и некрози на епителот, проследени со колабирање на секундарните ламели и паразитски инфекции. Резултатите укажуваат дека регистрираните лезии се резултат на токсичниот ефект на материи присутни во испитуваното подрачје, и сугерираат дека е неопходно да се спроведат итни мерки за заштита на Преспанското Езеро и живиот свет во него.

Stipaničev, D., Dragun, Z., Repec, S., Rebok, K., Jordanova, M. (2017): Broad spectrum screening of 463 organic contaminants in rivers in Macedonia. Ecotoxicology and Environmental Safety, 135: 48–59 (IF = 3.974).

Во овој труд се анализирани 463 органски загадувачи во Крива Река, Брегалница, Злетовска Река и реката Вардар на две локации – пред влезот на Вардар во Скопје и по излезот од градот, со помош на UHPLC–QTOF-MS. Највисоко ниво на органски загадувачи е регистрирано во Брегалница и реката Вардар на излезот од Скопје, а најниско ниво во Злетовска Река, која е загадена главно со рударски активности во тој крај. Главни загадувачи во Брегалница се хербицидите (бентазон и молинат). Главни органски загадувачи во останатите реки се хемиски супстанции (дроги), предоминантно антибиотиците. Овој труд покажува дека применетата методологија може да даде значаен придонес во добивањето на прелиминарни информации битни за мониторинг и презервација на добриот еколошки статус на водните екосистеми.

Rebok, K., Jordanova, M., Slavevska-Stamenković, V., Ivanova, L., Kostov, V., Stafilov, T., Rocha, E. (2017): Frequencies of erythrocyte nuclear abnormalities and of leucocytes in the fish *Barbus peloponnesius* correlate with a pollution gradient in the River Bregalnica (Macedonia). Environmental Science and Pollution Research, 24: 10493-10509 (IF = 2.92)

Во оваа студија е применет интегриран хемиски и биомаркерски пристап ,со цел да се определи степенот на загаденост на реката Брегалница. Испитувањата се направени на водата, седиментот и мрената, колекционирани во две сезони, на три локалитети по течението на реката

Брегалница. Анализите на водата покажуваат високи вредности за анализираните физичко-хемиски параметри во загадените локалитети. Концентрацијата на металите во водата е повеќе или помалку константна, а во седиментот се регистрирани високи вредности во загадените делови од реката. Рибите од референтната точка се со повисок кондициски фактор. Што се однесува на еритроцитите, фреквенцијата на микронуклеусот и вакуолизирани јадра покажа значително повисоки вредности во загадените региони од реката. Слична е состојбата и со бинуклеарни и неправилни по форма нуклеуси. Резултатите покажуваат дека во долниот тек реката Брегалница е под силно генотоксичко влијание. Резултатите, исто така, покажуваат дека микронуклеусот и другите абнормалности на нуклеусот можат да бидат сензитивни биомаркери за определување на генотоксичниот ефект во мониторинг студиите.

Dragun, Z., Filipović Marijić, V., Krasnići, N., Ramani, Sh., Valić, D., Rebok, K., Kostov, V., Jordanova, M., Erk. M. (2017): Malondialdehyde concentrations in the intestine and gills of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman) as indicator of lipid peroxidation. Environmental Science and Pollution Research, 24:16917–16926 (IF = 2.92)

Во овој труд е следен продуктот на липидната пероксидација (малондиалдехид-MDA) како индикатор на оксидативен стрес кај вардарскиот клен, од две реки кои се под силно негативно влијание на рударски активности – Крива Река и Злетовска Река, како и реката Брегалница која е под влијание на земјоделски активности. Концентрацијата на MDA е мерена во тенкото црево и жабрите. Повисоки концентрации се евидентирани во жабрите во однос на тенкото црево. Резултатите од оваа студија сугерираат дека развитокот на оксидативниот стрес кај рибите зависи во голема мера од селектираниот орган, при што жабрите се сензитивен орган за мониторинг на оксидативниот стрес.

Jordanova, M., Rebok, K., Dragun, Z., Ramani, Sh., Ivanova, L., Kostov, V., Valić, D., Krasnići, N., Marijić, V., Kapetanović, D. (2017): Effects of heavy metals pollution on pigmented macrophages in kidney of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman). Microscopy Research and Technique, 80(8):930-935 (IF = 1.087)

Во оваа студија е извршена проценка на релативниот и тоталниот волумен на макрофагите во бубрезите и нивниот пигментен состав кај рибите од Брегалничкото сливно подрачје. Рибите се колекционирани во две сезони – пролет и есен, од две реки кои се под силно негативно влијание на рударски активности и се загадени со тешки метали. Станува збор за Злетовска Река и Крива Река, а како референтна точка е земен локалитет во горниот тек на реката Брегалница. Анализите покажуваат дека главни пигменти во бубрезите на вардарскиот клен се меланинот и липоид/цероидот. Релативниот волумен на макрофагите е повисок во реките контаминирани со метали, особено во Злетовска Река. Резултатите потврдуваат дека релативниот волумен на макрофагите во бубрезите може да се користи како рано предупредувачка алатка за потенцијално загадување со тешки метали во водните екосистеми.

Krasnići, N., Dragun, Z., Erk, M., Ramani, Sh, Jordanova, M., Rebok, K., Kostov, V. (2017): Size-exclusion HPLC analysis of metal/metalloid distribution in hepatic and gill cytosol of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman) from mining impacted rivers in north-eastern Macedonia. Science of the Total Environment. 613-614:1055-1068 (IF=4.61)

Главна цел на истражувањето е кај вардарскиот клен во црниот дроб и жабрите да се определи цитосолната дистрибуција на Cd, Co, Cu, Fe, Mn, Mo, Se и Zn. Исто така една од целите е да се потврди присуството на топлотно стабилни биомолекули во цитосолот на црниот дроб и жабрите. Дистрибуциските профили на елементите во траги главно се карактеризираат со неколку пика што укажува на различни спектри на молекуларни маси, како знак на инкорпорирање на елементите во траги во различни биомолекули во цитосолот на црниот дроб и жабрите. Особено интересен наод е веројатното поврзување на железото за феритин, што е особено изразено во црниот дроб, што претставува знак за значителна функција на црниот дроб во складирањето на железото. Присуството во цитосолот на Mo и Se врзани за топлотно стабилни компоненти со мали молекуларни маси (<10kDa) е евидентирано и во црниот дроб и во жабрите. Елементите во траги при сите испитувани услови се во асоцијација со исти биомолекули.

Jordanova, M., Hristovski, S., Musai, M., Boškovska, V., Rebok, K., Dinevska-Ḱovkarovska, S., Melovski, Lj. (2018): Accumulation of Heavy Metals in ome Organs in Barbel and Chub from Crn Drim River in the Republic of Macedonia. Bulletin of Environmental Contamination and Toxicology, 101:392–397 (IF = 1.48)

Во овој труд е следена концентрацијата на одделни тешки метали, и тоа: Fe, Mn, Zn, Cu, Cd и Pb во црниот дроб, бубрезите, жабрите, мускулите и коските, кај мрената и кленот изловени од реката Црн Дрим. Генерално, црниот дроб и бубрезите кај двата вида покажуваат високи концентрации на испитуваните метали, а најниска биоакумулација е забележана во мускулите. Анализите во овој труд покажуваат дека кај рибите можат да постојат значителни сезонски разлики во некои органи, за некои метали – повисоки вредности во пролетно-летниот период во однос на есенско-зимскиот период. Генерално, концентрацијата на металите кај мрената е повисока во однос на кленот.

Dragun, Z., Tepić, N., Ramani, Sh., Krasnići, N., Filipović Marijić, V., Valić, D., Kapetanović, D., Erk, M., Rebok, K., Kostov, V., Jordanova M. (2019): Mining waste as a cause of increased bioaccumulation of highly toxic metals in liver and gills of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman). Environmental Pollution 247: 564-576. (IF = 6.793)

Ова истражување се однесува на црниот дроб и жабрите кај вардарскиот клен (*Squalius vardarensis* Караман, 1928) колекциониран од три реки – Злетовска Река, Крива Река и Брегалница, во пролетен и есенски период во 2012 година. Мерена е концентрацијата на 19 елементи во цитосолната фракција во црниот дроб, при што добиени се следните резултати (μg/L): Cd,1.18-184; Cs,0.25-25.4, Tl,0.02-5.80; Pb,0.70-61.1, а во жабрите Cd,0.24-59.2; Cs, 0.39-24.4,Tl,0.01-1.00; Pb,0.65-87.2. Најголемиот број на есенцијални елементи (Na, K, Ca, Mg, Co, Cu, Fe, Mn, Mo и Zn) не покажуваат висока екпозиција. Спротивно на ова, седум неесенцијални елементи покажуваат висока експозиција во водата. Значително е зголемена концентрацијата на Cs, Rb, Sr и Tl во хепарот и жабрите кај кленот од Злетовска Река, споредено со останатите две реки. Зголемена е и концентрацијата на Cd и Pb во Злетовска Река и Крива Река, споредено со Брегалница, како и на V во Брегалница споредено со Злетовска и Крива Река. Забележаните значителни биоакумулации на металите, од кои дел се токсични елементи, како последица на контаминација на водата со рударските активности укажува на неопходна супервизија на реките.

Krasnići, N., Dragun, Z., Kazazić, S., Muharemović, H., Erk, M., Jordanova, M., Rebok, K., Kostov, V. (2019): Characterization and identification of selected metal-binding biomolecules from hepatic and gill cytosols of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928) by various techniques of liquid chromatography and mass spectrometry. Metallomics, 11(6): 1060-1078. (IF = 3.796)

Цел на ова истражување е да се определи точната молекуларна маса, како и да се идентификуваат неколку селектирани метало-врзувачки биомолекули во цитисолот на црниот дроб и жабрите кај вардарскиот клен (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928). За оваа цел користен е методот SEC-AEC-HPLC за дводимензионална сепарација на цитосолните биомолекули, HR ICP-MS за мерење на металите и масна спектрометрија (MALDI-TOF- MS и LC-MS/MS) за детерминација и идентификација на масата на биомолекулите. Анализирани се следните биомолекули: биомолекули кои врзуваат Fe, топлотно стабилни биомолекули кои врзуваат Cd и топлотно стабилни биомолекули кои врзуваат Mo. Значајно откритие во ова истражување е присуството на различни изоформи на исти биомолекули во различни органи. Покрај тоа, ист тип на биомолекули може да биде одговорен за различни функции во различни органи.

Hadzi-Petrushev, N., Angelovski, M., Rebok, K., Mitrokhin, V., Kamkin, A., Mladenov, M. (2019): Antioxidant and anti-inflammatory effects of the monocarbonyl curcumin analogues B2BrBC and C66 in monocrotaline-induced ventricular hypertrophy. Journal of Biochemical and Molecular Toxicology, 33 (8): e22353. (IF=3,606)

По еднократна апликација на монокроталин (со цел да се индуцира хипертрофија на десната срцева комора), две групи на стаорци се третирани со монокарбонилните куркумински аналози (2E,6E)-2,6-бис(2-бромобензилидин) циклохексанон (B2BrBC) и (2E,6E)-2,6-бис([2-трифлуорометил]бензилидин) циклохексанон (C66), соодветно, во текот на 22 дена. Резултатите од хистопатолошката анализа и од определувањето на редокс и инфламаторните маркери во

ткивото од десната комора на третираните животни се споредени со соодветните параметри кај контролните животни. Добиените резултати сугерираат дека зголемувањето на нивоата на антиоксидативните ензими можеби не е доволно за оптимално намалување на оксидативниот стрес и хроничното воспаление. Оваа студија го поддржува потенцијалот на соединенијата со повеќе од една корисна биолошка активност како ветувачки третман против прогресијата на срцевата хипертрофија.

Ivanova, L., Rebok, K., Jordanova, M., Dragun, Z., Kostov, V., Ramani, Sh., Valić, D., Krasnići, N., Filipović Marijić, V., Kapetanović, D. (2020): The effect of different pollutants exposure on the pigment content of pigmented macrophage aggregates in the spleen of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928). Microscopy Research and Technique, 83 (9): 1141-1152. (IF=2.769)

Во овој труд, определуван е пигментниот состав на макрофагните агрегати во слезината на вардарскиот клен колекциониран во пролет и есен, од три реки: Брегалница (загадена со отпадни води), Злетовска Река и Крива Река (загадени со метали). Добиените резултати покажаа зголемен релативен волумен и број на макрофаги со хемосидерин во реките загадени со метали. Кај кленот, експозицијата на метали и отпадни води во реката покажа значително зголемување на липохромот во есен, меланин кај рибите колекционирани во пролет кај кои и бројот на макрофаги кои содржат меланин и липохром е зголемен. Волуменот и бројот на макрофаги кои содржат комбинација на меланин и липохром значително се зголемуваат во есен, како во Злетовска Река, така и во Крива Река. Вредностите за Брегалница се блиски на оние добиени за Крива Река. Веројатно меланинот и липохромот се јавуваат кај рибите кои се изложени и на органско загадување, а хемосидеринот само во реки кои се под влијание на рударски активности.

Jordanova, M., Rebok, K., Rocha, M.J., Rocha, E. (2020): Changes in Copper Load in Hepatocytes of Ohrid Trout in Relation to the Ovarian Maturation Cycle. Toxicological and Environmental Chemistry, 102:5-6, 272-283, (IF = 1.448)

Главна цел на оваа студија е хистохемиски да се определи содржината на бакарот во хепатоцитите во текот на целиот репродуктивен систем кај женските единки на охридската пастрмка колекционирани од Охридското Езеро. Во овој труд за првпат е опишана и документирана со фотографии оогенезата на овој вид риба. Резултатите покажаа дека постои позитивна корелација помеѓу гонадосоматскиот индекс и содржината на бакар во хепатоцитите. Како созреваат гонадите, така се зголемува и содржината на бакарот во клетките на црниот дроб и највисоки вредности се евидентирани во постмреситителниот период. Нивото на естрадиолот во плазмата не корелира со содржината на бакар во хепатоцитите. Оваа студија укажува на фактот дека во истражувањата во кои се испитува бакарот, а можеби и другите метали во црниот дроб, задолжително треба да се води сметка и за стадиумот од репродуктивниот развиток во кој се наоѓа рибата.

Rebok, K., Jordanova, M., Azevedo, J., Rocha, E. (2021): First report and 3D reconstruction of a presumptive microscopic liver lipoma in a black barbel (*Barbus balcanicus*) from the River Bregalnica in Republic of North Macedonia. Applied Sciences, 11(18): 8392. (IF = 0.773)

Во овој труд е даден детален хистолошки опис на микролипома детектирана кај *Barbus balcanicus*. Микролипомата е со овална форма, изградена од добро диференцирани адипоцити опкружени со хепатичен паренхим. Адипоцитниот кластер не е во контакт со поголеми васкуларни или билијарни трактови, со капсулата на хепарот или со хилумот. Клеточната маса достигнува максимална линеарна должина од околу 0.5 mm и височина од околу 0.4 mm. Тродимензионална софтверска реконструкција на адипоцитната маса покажува дека истата е со сплескана, овална и сферична форма (голема приближно 0.01 $mm^3$). Врз база на хистолошките критериуми кои сега се користат во литературата, масата од адипоцити е идентификувана како липома. Гледано во светски рамки, сознанијата од ова истражување се втор литературен запис, за присуство на липома во црниот дроб кај риби.

Ivanova, L., Rebok, K., Jordanova, M., Dragun, Z., Kostov, V., Ramani, Sh., Valić, D., Krasnići, N., Filipović Marijić, V., Kapetanović, D. (2021): Effects of water contamination with metals on pigmented

macrophages in spleen of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928) from three rivers in the North-Eastern region of North Macedonia. Periodicum Biologorum, 123:3-4, 55-64. (IF = 0.313)

Во овој труд е испитувано влијанието на контаминацијата со тешки метали врз макрофагните агрегати во слезината кај кленот. Анализирани се 129 единки во две сезони пролет и лето, изловени од три реки: Злетовска Река - контаминирана со метали, Крива Река - контаминирана со метали и со органско загадување и Брегалница како река која во горниот тек не е контаминирана со тешки метали. Високото ниво на метали и нутритиенти во Крива Река предизвикуваат стимулација на макрофагниот одговор кај рибите. Сезоната исто така влијае на макрофагниот одговор, имајќи предвид што макрофагниот одговор е значителен во есенската сезона. Овој труд го потврдува уште еднаш фактот дека макрофагните агрегати можат да се користат како добри биомаркери за загаденоста на водните екосистеми, но притоа треба да се води сметка за сезонските варирања кои постојат кај овие клетки.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Катерина Ребок активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Природно-математичкиот факултет. Кандидатката е раководител на Заводот за цитологија, хистологија и ембриологија.

Кандидатката д-р Катерина Ребок учествувала во подготовката на елаборатите за акредитација/реакредитација на студиските програми за прв и втор циклус студии, како и остварила експертски активности во една физибилити-студија.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Загреб (Република Хрватска).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Природно-математичкиот факултет, и тоа промотивни активности на Факултетот за популаризација на студиите на Институтот за биологија. Била член на Пописната комисија за спроведување на редовен попис на имотот на Природно-математичкиот факултет во Скопје (од 2018 до 2022), член на Комисија за прием на студенти (од 2018 до 2022), како и претседател и член на Комисија за јавна набавка на Институтот за биологија (2021, 2022).

Од 2021 година, назначена е од Владата на РС Македонија за претставник во Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод. Член е во работна група за Стратегија за биолошка разновидност со Акционен план (2018 – 2023), национална цел 5, акција 5.3, како и член на Националната работна група за борба против труење на диви животни.

Во изборниот период, д-р Катерина Ребок учествувала во изготвување и пријавување на два научни проекта на МОН.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Катерина Ребок доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Катерина Ребок.

Во изборниот период, кандидатката сериозно и совесно ги извршува сите поставени задачи и постојано стручно и научно се усовршува. Особено се залага за осовременување на теоретската и практичната настава и подигање на нејзиниот квалитет. Се истакнува со коректен и непосреден однос кон колегите и студентите. Од изборот во звањето вонреден професор, па сè до денес, д-р Катерина Ребок активно е вклучена во проширување на научноистражувачката дејност на Лабораторијата за цитологија, хистологија и ембриологија преку отворање на нови полиња и области за истражување.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Катерина Ребок поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област биологија, зоологија и зоофизиологија, и друго (предмети: Цитологија, Хистологија и ембриологија и Зоологија).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Катерина Ребок да биде избрана во звањето редовен професор во научната област биологија, зоологија и зоофизиологија и друго (предмети: Цитологија, хистологија и ембриологија и Зоологија).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Маја Јорданова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.**

**Д-р Ирена Тавчиовска-Василева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.**

**Д-р Милица Ристовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Катерина Иван Ребок**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Природно- математички факултет/ Институт за биологија**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: биологија (10200), зоологија и зоофизиологија (10214) и друго (10215)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * <br><br> Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,73. <br> Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,6. <br> Просечниот успех изнесува за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира <br><br> Назив на научната област: биологија, зоологија и зоофизиологија и друго. <br> Поле: биологија. <br> Подрачје: природно-математички науки. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3 | Објавени најмалку шест научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | |
| 3.1.1 | 9. Назив на научното списание: Metallomics<br>10. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, SCImago Journal Rank<br>11. Наслов на трудот: Characterization and identification of selected metal-binding biomolecules from hepatic and gill cytosols of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928) by various techniques of liquid chromatography and mass spectrometry.<br>12. Година на објава: 2019 | |
| 3.1.2 | 1. Назив на научното списание: Journal of Biochemical and Molecular Toxicology<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Antioxidant and anti-inflammatory effects of the monocarbonyl curcumin analogues B2BrBC and C66 in monocrotaline-induced ventricular hypertrophy.<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.1.3 | 1. Назив на научното списание: Microscopy Research and Technique<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: The effect of different pollutants exposure on the pigment content of pigmented macrophage aggregates in the spleen of Vardar chub (Squalius vardarensis Karaman, 1928).<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.1.4 | 1. Назив на научното списание: Toxicological and Environmental Chemistry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Changes in Copper Load in Hepatocytes of Ohrid Trout in Relation to the Ovarian Maturation Cycle.<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.1.5 | 1. Назив на научното списание: Applied Sciences<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, SCImago Journal Rank | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: First report and 3D reconstruction of a presumptive microscopic liver lipoma in a black barbel (*Barbus balcanicus*) from the River Bregalnica in Republic of North Macedonia.<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1.6 | 1. Назив на научното списание: Periodicum Biologorum<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Effects of water contamination with metals on pigmented macrophages in spleen of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928) from three rivers in the North-Eastern region of North Macedonia.<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** | да |
| 4.1 | Наслов на учебникот: Практикум по Зоологија<br><br>Место и година на објава: Скопје, 2022 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.2.2018, бр. 1162 | |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновен работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Катерина Иван Ребок**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Природно-математички факултет/ Институт за биологија**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: биологија (10200), зоологија и зоофизиологија (10214) и друго (10215)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава** | |
| 1. | **Настава во школи и работилници (учесник)** | |
| | „Дигитална настава - искуства и предизвици со учењето на далечина“, УКИМ 4.11.2020 | 1 |
| | „CITES Species Protection Workshop / Sweden-North Macedonia“, Swedish Environmental Protection Agency, 16.11.2020 ONLINE 8:45 AM - 3:45 PM | 1 |
| | "BalkanDetox LIFE Kick-off Meeting", Kick-off Meeting of the newly launched LIFE project BalkanDetox LIFE. Date Time: Nov 30, 2020 ONLINE 10:00 – 16:00 AM Brussels | 1 |
| | "Промоција на програмата за одржливо управување со води". Dec 24, 2020 01:00 PM | 1 |
| 2. | **Одржување на настава (од прв циклус студии)** | |
| 2017/2018 | Цитологија 4+4 (НН, зимски семестар) | 1,2 |
| | Зоологија 3+4 (ЕН, зимски семестар) | 1,8 |
| | Хистологија и ембриологија 3+3 (НН, летен семестар) | 1,8 |
| | Радијациона биологија 2+2 (БФ, МБ, ИФ, летен семестар) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2018/2019 | Цитологија 4+4 (НН, Н, зимски семестар) | 1,2 |
| | Зоологија 3+4 (ЕН, зимски семестар) | 1,8 |
| | Хистологија и ембриологија 3+3 (НН, летен семестар) | 1,8 |
| | Хистологија 3+3 (Н, летен семестар) | 1,8 |
| | Општа зоологија 3+3 (двопредметни студии биологија-хемија, зимски семестар) | 1,8 |
| 2019/2020 | Цитологија 4+4 (НН, Н, зимски семестар) | 1,2 |
| | Радијациона биологија 2+2 (БФ, МБ, ИФ, летен семестар) | 1,2 |
| | Хистологија и ембриологија 3+3 (НН, БФ, летен семестар) | 1,8 |
| | Хистологија 3+3 (Н, летен семестар) | 1,8 |
| 2020/2021 | Цитологија 4+4 (НН, Н, зимски семестар) | 1,2 |
| | Зоологија 3+4 (ЕН, зимски семестар) | 1,8 |
| | Радијациона биологија 2+2 (БФ, МБ, ИФ, зимски семестар) | 1,2 |
| | Хистологија и ембриологија 3+3 (НН, БФ, летен семестар) | 1,8 |
| | Хистологија 3+3 (Н, летен семестар) | 1,8 |
| | Општа зоологија 3+3 (двопредметни студии биологија-хемија, зимски семестар) | 1,8 |
| 2021/2022 | Цитологија 4+4 (НН, Н, зимски семестар) | 1,2 |
| | Зоологија 3+4 (ЕН, зимски семестар) | 1,8 |
| | Хистологија и ембриологија 3+3 (НН. БФ, летен семестар) | 1,8 |
| | Хистологија 3+3 (Н, летен семестар) | 1,8 |
| | Општа зоологија 3+3 (двопредметни студии биологија-хемија, зимски семестар) | 1,8 |
| | Радијациона биологија 2+2 (БФ, МБ, ИФ, зимски семестар) | 1,2 |
| **3.** | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд), прв циклус студии** | |
| 2019/2020 | Хистологија 3+3 (Н, летен семестар) | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Хистологија и ембриологија 3+3 (НН, летен семестар) | 1,35 |
| 2020/2021 | Цитологија 4+4 (НН, Н, зимски семестар) | 1,8 |
| | Хистологија 3+3 (Н, летен семестар) | 2,7 |
| | Хистологија и ембриологија 3+3 (НН, БФ, МБ, летен семестар) | 5,4 |
| 2021/2022 | Цитологија 4+4 (НН, Н, зимски семестар) | 1,8 |
| | Зоологија 3+4 (ЕН, зимски семестар) | 1,35 |
| | Општа биологија 3+4 (ИХ-АБ, зимски семестар) | 3,6 |
| | Хистологија и ембриологија 3+3 (НН, БФ, МБ, летен семестар) | 10,8 |
| | Хистологија 3+3 (Н, летен семестар) | 2,7 |
| | Општа зоологија 3+3 (двопредметни студии биологија-хемија, зимски семестар) | 1,35 |
| 3. | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Хистологија (насока нутриционизам) предавања и вежби | 1,5 |
| 4. | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| | Рецензент на практикум – „Волшебен свет наречен клетка“, Маја Јорданова, Природно-математички факултет, Скопје, 2018 год. | 1 |
| | Рецензент на учебно помагало – „Зоологија“, Валентна Славевска-Стаменковиќ, Јелена Хиниќ, Природно-математички факултет – Скопје, 2022 год. | 1 |
| 5. | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум** | |
| | Практикум по Зоологија (ЕН) – рецензирано учебно помагало Билтен бр. 1257, од 15.3.2022 | 4 |
| 6. | **Интерна скрипта од вежби** | |
| | Хистологија и ембриологија – практикум за вежби (НН, БФ, МБ, Н) | 3 |
| | Општа биологија - практикум за вежби (аналитичка биохемија) | 3 |
| 7. | **Одржување на настава (од трет циклус студии)** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Функционална хистологија 2+2 | 1,8 |
| 8. | **Ментор на дипломска работа** – 2 кандидата | 0,4 |
| 9. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** – 9 кандидати | 0,9 |
| 10. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| | „Нов пристап кон валидација на техниката за автоматизирана идентификација на траги и отпечатоци од папиларни линии од прсти и дланки со компјутерски систем metamorpho™ afis (верзија 4.2.1)", Игорчо Божинов, 2020 | 0,3 |
| 11. | **Консултации со студенти** | |
| | 2017/18 - 65 | 0,13 |
| | 2018/19 - 75 | 0,15 |
| | 2019/20 - 107 | 0,214 |
| | 2020/21 - 158 | 0,316 |
| | 2021/22 - 285 | 0,57 |
| | **Вкупно** | **97.43** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерска работа** | |
| | „Влијание на тешките метали врз пигментираните макрофагни агрегати во слезината на вардарскиот клен (Squalius vardarensis, Karaman 1928)“ Лозенка Иванова | 2 |
| 2. | **Учесник во национални научни проекти** | |
| | „Влијание на суплементите додадени во храната врз здравствената состојба, производните карактеристики и квалитетот на месото на крапот при интензивно одгледување во кафезен систем.“ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, 2017 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Дистрибуција на видовите од родот *Romanogobio* во Р. Македонија – одговор на промените во животната средина“ (2019, учесник) | 3 |
| | „Унапредување на истражувачкиот капацитет на лабораториите на Институтот за биологија“ (2018, учесник) | 3 |
| | “Preparation of a Study for Revaluation of NP Pelister” (2019, учесник) | 3 |
| | IPF9 Project “Design and implementation of biodiversity surveys in the framework of the Environmental and Social Impact Assessment (ESIA) for the Cebren Power Project” Maneko Solutions Skopje, 2021 | 3 |
| | Completion of the Construction Works on EXPRESSWAY GRADSKO-PRILEP, Section: “Farish-Drenovo”, Contract No: EBRD 01/2021, G-Consult Ltd., 2021 | 3 |
| | “Зачувување на природата во Македонија –Слив на Брегалница компонента за Натура 2000 подрачја за 2020 година”, Фармахем и Македонско еколошко друштво, 2021 | 3 |
| | “Зачувување на природата во Македонија –Слив на Брегалница компонента за Натура 2000 подрачја за 2020 година”, Фармахем и Македонско еколошко друштво, 2022 | 3 |
| **3.** | **Раководител во национален научен проект** | |
| | “Хистопатолошки и хематолошки биомаркери како скрининг алатка во проценка на здравствениот статус на рибите од реката Лепенец” – МЖСПП, 2022 | 6 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| | Jordanova, M., Hristovski, S., Musai, M., Boškovska, V., Rebok, K., Dinevska-Ḱovkarovska, S., Melovski, Lj. (2018): Occurrence and intensity of hepatic capillariasis in the barbel (Barbus rebeli) from the river Crn Drim in the Republic of Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 20(1-2): 31-35. | |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3 |
| | Jordanova, M., Rebok, K., Rocha, M.J., Rocha, E. (2018): Histochemical Evaluation of Iron Content in the Liver of Wild Female Ohrid Trout (*Salmo letnica* Kar.) Along the Breeding Cycle. Contributions, Sec. Nat. Math. Biotech. Sci., MASA, 37(2): 129–133. | 3 |
| | Hristovski, S., Jordanova, M., Musai, M., Boškovska, V., Rebok, K., Dinevska- Ḱovkarovska, S., Melovski, Lj. (2019): Heavy metals in water and sediments of Crn Drim river. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 21(1-2): 73-78. | 3 |
| | Blinkova Donchevska, M., Hinić, J., Mitić-Kopanja, D., Ristovska, M., Sekovski, D., Rebok, K., Paunović, M., Slavevska-Stamenković, V. (2019): Ecological Status Assessment of the Strumica River Watershed Based on Macroinvertebrates – A Step Towards the Implementation of the EU Water Framework Directive in the Republic of North Macedonia. Water Research and Management, 9 (3-4): 3-14. | 3 |
| | Jordanova, M., Hristovski, S., Rebok, K., Musai, M., Dinevska-Ḱovkarovska, S., Melovski, Lj. (2019): Length-weight relationship and condition factor of two cyprinid fishes Squalius squalus and Barbus rebeli from the river Crn Drim in the Republic of the North Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 22(2): 107-109. | 3 |
| | Pavloski, S., Ivanova, L., Jordanova, M., Dinevska-Ḱovkarovska, S., Rebok, K. (2020): Quantitative analysis of the pigment composition of macrophage aggregates in the spleen of chub (Squalius cephalus L., 1758) from the river Crn Drim. Influence of sex and season. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 22(2): 75–86. | 3 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| | Jordanova, M., Rebok, K., Spasova, A., Roganovic-Zafirova, D. (2017): Gill lesions in Prespa barbel (*Barbus prespensis*) inhabiting a polluted area of Lake Prespa. Archives of Biological Sciences, 69(2):285-289 (IF = 0. 73) | 5.53 |
| | Stipanićev, D., Dragun, Z., Repec, S., Rebok, K., Jordanova, M. (2017): Broad spectrum screening of 463 organic contaminants in rivers in Macedonia. Ecotoxicology and Environmental Safety, 135: 48–59 (IF = 3.974). | 8.774 |
| | Rebok, K., Jordanova, M., Slavevska-Stamenković, V., Ivanova, L., Kostov, V., Stafilov, T., Rocha, E. (2017): Frequencies of erythrocyte nuclear abnormalities and of leucocytes in the fish *Barbus peloponnesius* correlate with a pollution gradient in the River Bregalnica (Macedonia). Environmental Science and Pollution Research, 24: 10493-10509 (IF = 2.92) | 7.72 |
| | Dragun, Z., Filipović Marijić, V., Krasnići, N., Ramani, Sh., Valić, D., Rebok, K., Kostov, V., Jordanova, M., Erk., M. (2017): Malondialdehyde concentrations in the intestine and gills of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman) as indicator of lipid peroxidation. Environmental Science and Pollution Research, 24:16917–16926 (IF = 2.92) | 7,72 |
| | Jordanova, M., Rebok, K., Dragun, Z., Ramani, Sh., Ivanova, L., Kostov, V., Valić, D., Krasnići, N., Marijić, V., Kapetanović, D. (2017): Effects of heavy metals pollution on pigmented macrophages in kidney of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman). Microscopy Research and Technique, 80(8):930-935 (IF = 1.087) | 5.887 |

| | | |
|---|---|---|
| | Krasnići, N., Dragun, Z., Erk, M., Ramani, Sh, Jordanova, M., Rebok, K., Kostov, V. (2017): Size-exclusion HPLC analysis of metal/metalloid distribution in hepatic and gill cytosol of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman) from mining impacted rivers in north-eastern Macedonia. Science of the Total Environment. 613-614:1055-1068 (IF=4.61) | 9.41 |
| | Jordanova, M., Hristovski, S., Musai, M., Boškovska, V., Rebok, K., Dinevska-Ќovkarovska, S., Melovski, Lj. (2018): Accumulation of Heavy Metals in Some Organs in Barbel and Chub from Crn Drim River in the Republic of Macedonia. Bulletin of Environmental Contamination and Toxicology, 101:392–397 (IF = 1.48) | 6,28 |
| | Dragun, Z., Tepić, N., Ramani, Sh., Krasnići, N., Filipović Marijić, V., Valić, D., Kapetanović, D., Erk, M., Rebok, K., Kostov, V., Jordanova M. (2019): Mining waste as a cause of increased bioaccumulation of highly toxic metals in liver and gills of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman). Environmental Pollution 247: 564-576. (IF = 6.793) | 11.593 |
| | Krasnići, N., Dragun, Z., Kazazić, S., Muharemović, H., Erk, M., Jordanova, M., Rebok, K., Kostov, V. (2019): Characterization and identification of selected metal-binding biomolecules from hepatic and gill cytosols of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928) by various techniques of liquid chromatography and mass spectrometry. Metallomics, 11(6): 1060-1078. (IF = 3.796) | 8.596 |
| | Hadzi-Petrushev, N., Angelovski, M., Rebok, K., Mitrokhin, V., Kamkin, A., Mladenov, M. (2019): Antioxidant and anti-inflammatory effects of the monocarbonyl curcumin analogues B2BrBC and C66 in monocrotaline-induced ventricular hypertrophy. Journal of Biochemical and Molecular Toxicology, 33 (8): 22353. https://doi.org/10.1002/jbt.22353. (IF=3,606) | 8.406 |
| | Ivanova, L., Rebok, K., Jordanova, M., Dragun, Z., Kostov, V., Ramani, Sh., Valić, D., Krasnići, N., Filipović Marijić, V., | |

| | | |
|---|---|---|
| | Kapetanović, D. (2020): The effect of different pollutants exposure on the pigment content of pigmented macrophage aggregates in the spleen of Vardar chub (Squalius vardarensis Karaman, 1928). Microscopy Research and Technique, 83 (9): 1141-1152. (IF=2.769) Article DOI: 10.1002/jemt.23506 | 7.569 |
| | Jordanova, M., Rebok, K., Rocha, M.J., Rocha, E. (2020): Changes in Copper Load in Hepatocytes of Ohrid Trout in Relation to the Ovarian Maturation Cycle. Toxicological and Environmental Chemistry, 102:5-6, 272-283, (IF = 1.448)<br>DOI: 10.1080/02772248.2020.1781854 | 6.248 |
| | Rebok, K., Jordanova, M., Azevedo, J., Rocha, E. (2021): First report and 3D reconstruction of a 6.2presumptive microscopic liver lipoma in a black barbel (*Barbus balcanicus*) from the River Bregalnica in Republic of North Macedonia. Applied Sciences, 11(18): 8392. (IF = 0.773)<br>https://doi.org/10.3390/app11188392 | 5.573 |
| | Ivanova, L., Rebok, K., Jordanova, M., Dragun, Z., Kostov, V., Ramani, Sh., Valić, D., Krasnići, N., Filipović Marijić, V., Kapetanović, D. (2021): Effects of water contamination with metals on pigmented macrophages in spleen of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman, 1928) from three rivers in the North-Eastern region of North Macedonia. Periodicum Biologorum, 123:3-4, 55-64. (IF = 0.313)<br>DOI: 10.18054/pb.v123i3-4.10421 | 5.113 |
| **6.** | **Рецензија на научен/стручен труд** | |
| | „Hematological analysis of grass carp (*Ctenopharyngodon idella*), blunt snout bream (*Megalobrama amblycephala*) and yellow catfish (*Pelteobagrus fulvidraco*): morphology, ultrastructure, cytochemistry and quantification of peripheral blood cells“ Fish and Shellfish Immunology | 0.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)** | |
| | Hinić, J., Pavlov, A., Ivanova, L., Arsovska J., Slavevska Stamenković, V., Rebok K., Ristovska, M. (2017): Updated distribution of *Astacus astacus* (Linnaeus 1758) and *Austropotamobius torrentium* (Schrank 1803) in the Republic of Macedonia: conservation approach. Third conference of students of biology, ecology and environmental protection "EkoBioMorfa 2017". 24-26 November 2017 | 1 |
| | Rebok, K., Jordanova, M., Rocha, E. (2021): Histology and 3D-reconstruction of a presumptive hepatic lipoma in a black barbel from the River Bregalnica. 2021 Annual Symposium of the Fisheries Society of the British Isles (5th-8th July). Virtual conference. | 1 |
| 8. | **Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)** | |
| | Hadzi – Petrushev, N., Angelovski, M.,Nestoroska, D., Gjorgoski, I., Rebok, K., Mitrokhin, V., Kamkin, A., Mladenov, M. (2018): Protective effects of the monocarbonyl curcumin analogues B2BRBC and C66 in monocrotaline-induced right ventricular hypertrophy. International conference "St. Kliment's days", 8-9 November, Sofia, Bulgaria. | 0.5 |
| | Nesrete Krasnići, María Montes-Bayón, Zrinka Dragun, Francisco Javier Alonso García, Mario Corte Rodriguez, Marijana Erk, Sheriban Ramani, Maja Jordanova, Katerina Rebok, Vasil Kostov. (2017): Confirmation of Zn, Cu and Cd binding to metallothioneins in the hepatic cytosol of Vardar chub (*Squalius vardarensis* Karaman) by use of high performance liquid chromatography and mass spectrometry. 2.Simpozijum o biologiji slatkih voda, 17.02.2017 Zagreb, Croatia | 0.5 |
| | Rebok, K., Jordanova, M., Rocha, E. (2021): Histology and 3D-reconstruction of a presumptive hepatic lipoma in a black barbel from the River Bregalnica. 2021 Annual Symposium of the Fisheries Society of the British Isles (5th-8th July). Virtual conference. | 0.5 |
| 9. | **Апстракт објавен во зборник на конференција (меѓународна)** | |
| | Hinić, J., Pavlov, A., Ivanova, L., Arsovska J., Slavevska Stamenković, V., Rebok K., Ristovska, M. (2017): Updated distribution of *Astacus astacus* (Linnaeus 1758) and *Austropotamobius torrentium* (Schrank 1803) in the Republic of Macedonia: conservation approach. Third conference of students of biology, ecology and | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | environmental protection “EkoBioMorfa 2017”. 24-26 November 2017 | |
| | **Вкупно** | **159.119** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма (наставна, еколошка, форензика) прв и втор циклус** | 5 |
| 2. | **Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот (учесник/соработник)** | |
| | Студија за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Ветерен парк „Рамно“ (Рамно-1 и Рамно-2), БИОЕКО – Скопје | 1 |
| 3. | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | |
| | Комисија за ден на науката – 2017/2018, 2019/2020 | 2 |
| | Државен натпревар по биологија, 2021/2022 | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| | „Биолошка разновидност на безрбетната и рибната фауна на планината Јабланица“ (2019, учесник) – МЖСПП | 0,5 |
| | „Микротом – прозорец кон тајните на клетките и ткивата“ (2021), раководител – МОН | 1 |
| 5. | **Член на факултетска комисија** | |
| | Член на Пописна комисија на ПМФ – 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 | 2,5 |
| | Член на Комисија за прием на студенти (2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023) | 2,5 |
| | Претседател и член на Комисија за јавна набавка на Институтот за биологија (2021, 2022) | 1 |
| 6. | **Раководител на внатрешна организациона единица (завод), 2020/2023** | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Владин претставник на Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод | 1 |
| | Член во работна група за Стратегија за биолошка разновидност со Акционен план (2018-2023), национална цел 5, акција 5.3 | 1 |
| | Член на Националната работна група за борба против труење на диви животни | 1 |
| | **Вкупно** | **22.5** |

| | | |
|---|---|---|
| | **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 97,43 |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 159,119 |
| | **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 22,5 |
| | **Вкупно** | **279,049** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Маја Јорданова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.**

**Д-р Ирена Тавчиовска-Василева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.**

**Д-р Милица Ристовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.**

***<u>Прилог бр. 4</u>***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТЕПЕН НА РЕСОРПЦИЈА НА МАНДИБУЛАРНИОТ АЛВЕОЛАРЕН ГРЕБЕН КАЈ ПАЦИЕНТИ НОСИТЕЛИ НА VERTEX THERMOSENS-ПРОТЕЗИ И НОСИТЕЛИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИ АКРИЛАТНИ ПРОТЕЗИ“ ОД Д-Р СЕБАХАТЕ ХАМИТИ АЛИДЕМА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.9.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Себахате Хамити Алидема со наслов: СТЕПЕН НА РЕСОРПЦИЈА НА МАНДИБУЛАРНИОТ АЛВЕОЛАРЕН ГРЕБЕН КАЈ ПАЦИЕНТИ НОСИТЕЛИ НА VERTEX THERMOSENS-ПРОТЕЗИ И НОСИТЕЛИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИ АКРИЛАТНИ ПРОТЕЗИ, во состав: проф. д-р Билјана Капушевска (претседател), проф. д-р Јадранка Бундевска (ментор), проф. д-р Гордана Ковачевска (член), проф. д-р Сања Панчевска (член) и проф. д-р Сашо Еленчњвски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Себахате Хамити Алидема, со наслов: СТЕПЕН НА РЕСОРПЦИЈА НА МАНДИБУЛАРНИОТ АЛВЕОЛАРЕН ГРЕБЕН КАЈ ПАЦИЕНТИ НОСИТЕЛИ НА VERTEX THERMOSENS-ПРОТЕЗИ И НОСИТЕЛИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИ АКРИЛАТНИ ПРОТЕЗИ, содржи 100 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со 108 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 (осум) глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава од докторската дисертација е насловена **Вовед**. Во неа се анализирани беззабните пациенти кои носат тотални протези, стимулот предизвикан врз беззабната површина на која лежи протезата може да не го стимулира растот на коските, туку да предизвика резидуална ресорпција на алвеоларниот гребен. Оттука, ова доведува до промени во ретенцијата и стабилноста на протезите, што предизвикува понатамошна ресорпција на коските.

Доброто познавање на анатомските, метаболичките, протетските и функционалните фактори кои можат да бидат одговорни за ресорпција на резидуалниот алвеоларен гребен е од суштинско значење за успешен протетски третман кај беззабните пациенти. Различни техники на радиографија и терапевтски методи беа користени во протетскиот третман на беззабните пациенти за да се оцени и намали резидуалната ресорпција на алвеоларниот гребен. Употребата на мека подлога, различните техники за отпечатување, намалувањето на бројот на заби на протезите и материјалот за основна протеза се некои од терапевтските методи и материјали што се користат за намалување на преносот на џвакопритисокот, а со тоа и намалување, па дури и спречување на ресорпцијата на резидуалните алвеоларни гребени.

Перцепцијата и задоволството на пациентите со тотални протези се исто толку важни индикатори, како и клиничките.

Ова истражување има цел да го оцени влијанието на протезите изработени од Vertex Thermosens врз стапката на ресорпција на алвеоларниот гребен и задоволството на пациентите, во споредба со конвенционалните акрилатни тотални протези, а со тоа да го примени новото знаење добиено од оваа студија за комплетен третман со тотални протези.

Втората глава е насловена **Преглед на научните достигнувања поврзани со предметот на истражување** и тука се анализираат податоци од научната литература. Во неа, кандидатката ја потенцира важноста на изработката на тоталните протези како терапевтско средство при појава на тотална беззабност. Исто така, ја обработува тематиката заснована врз база на добиени податоци од литературата кои се однесуваат на степенот на ресорпција на алвеоларните гребени во зависност од материјалот од кој се изработени тоталните протези. Особено внимание е посветено на досегашните научни сознанија од голем број истражувања од релевантни автори, користејќи ги искуствата на спомнатите автори кои се занимавале со проблемот на ресорпција на алвеоларниот гребен, опишани во бројни студии, користејќи корелација помеѓу различни фактори и ресорпцијата на гребенот, како што се полот, возраста, времетраењето на беззабноста, ноќното носење на протезите, големината и обликот на преостанатиот гребен, квалитетот на протезите, стабилноста на протезите, материјалите за мека обвивка за протези, дистрибуцијата на оклузални сили, метаболичките заболувања на коските, исхраната (калциум и витамин Д), хормоналниот дисбаланс и внесот на лекови. Радиографската евалуација на алвеоларниот гребен е важна дијагностичка процедура за време на протетскиот третман. Низ годините, бројни автори користеле различни методи и радиографски техники за да ја проценат RRR во однос на различни етиолошки фактори. Со континуираниот развој на опремата и управувањето со софтверот што овозможува дополнително намалување на дозата на зрачење на која е изложен пациентот, како и со подобрувањето на резолуцијата на сликите, компјутеризираната томографија со конусен зрак (CBCT), денес претставува најраспространето и најкористено тридимензионално (3Д) испитување во стоматологијата.

Во третата глава е дадено **Образложение на работните хипотези и тези**, и тоа почнувајќи од хипотеза 0 која е отфрлена. Преостанатите хипотези се обработени, тие се отфрлени, хипотеза 2, или прифатени, хипотеза 1. Кај хипотеза 3 имаше задоволство од страна на експерименталната група, додека кај хипотеза 4 позадоволна беше контролната група.

Во четвртата глава, **Применети научни методи и начин на работа,** кандидатката детално ги опишува материјалот, клиничкиот протокол, како и методите за испитување на степенот на ресорпција на мандибуларниот алвеоларен гребен – неговата ширина и висина со CBCT-скен. Димензионалните промени беа оценувани во пет регии од интерес (Roi) на потпорното ткиво на протезата: две во регијата на foramen mentale, две во регијата на првиот молар и една во регијата на symphisis ment. При мерењето, референтната рамнина беше долната граница на мандибулата. Во оваа студија, овие мерења со модификации, заедно со радиологот, беа применети на CBCT. Специфични анализи, според локацијата, беа направени во следните правци: мезио-дистално, буко-лингвално и вертикално. Сите CBC-снимки беа правени со ист уред – Orthophos SL 3D Fov11x10 CB/CT, Sirona Sidex 4 Galileos Implant Planning, Sicat Applications. Снимките беа зачувани во DICOM-формат за понатамошна обработка. За секој пациент, мерењата на висината и ширината на коската на долната вилица беа евалуирани на пет места. Во првиот дел од студијата, учесниците добија протези и им беше направен CBCT-скен во текот на првата недела по предавањето на протезата.

Вториот дел од студијата се однесуваше на повторен CBCT-скен, и тоа по 6 месеци по првиот CBCT-скен.

Во третиот дел од студијата, учесниците одговорија на прашањата од прашалникот и им беше направен CBCT-скен 12 месеци по првиот CBCT-скен.

Статистичките анализи беа направени според дефинираниот аналитички план. Постапката беше надгледувана од професионален биостатистичар. Споредбата на

CBCT-скеновите и вредноста на задоволството меѓу двете групи на почетокот на студијата, 6 и 12 месеци по поставувањето на протезата беа претставени како резултат. Податоците добиени со истражувањето беа обработени во SPSS software package, version 22.0 for Windows, и прикажани табеларно и графички. Користени беа следнониве тестови: Shapiro-Wilk W test , Pearson Chi square test, (Odd ratio – OR), Difference test, Mann Whitney U test, Friedman test и Wilcoxon signed rank test. За утврдување на статистичка значајност користена беше двострана анализа со ниво на сигнификантност од $p < 0,05$.

Во петтата глава се прикажани **Добиени резултати и нивно значење,** и тоа во 4 слики, 35 табели и 38 графикони. Во првото поглавје се претставени генералните карактеристики на испитаниците поделени во две групи: испитувана и контролна, анализата според пол и возраст во координација со тоа каков вид на тотални протези поседуваат: конвенционални акрилатни или, пак, тотални протези изработени од Vertex. Во второто поглавје беа резултатите добиени со CBCT-скен, каде што беше оценуван степенот на ресорпција на мандибуларниот алвеоларен гребен – неговата ширина и висина. Димензионалните промени беа оценувани во пет регии од интерес (Roi) на потпорното ткиво на протезата: две во регијата на foramen mentale, две во регијата на првиот молар (A и A1), две во регијата на премолар (B и B1) и една во регијата на симфиза (C). Во ова поглавје резултатите се поделени во подгрупи, каде што детално се прикажани сите меѓугрупни споредби на Vertex/Acrylic протези во 0 време по 6 и 12 месеци. Во третото поглавје се резултатите од задоволството на пациентите од протезата оценувано во секоја од двете групи Vertex и Acrylic преку, посебно за оваа цел, креиран прашалник од 5 прашања со петстепена – Ликетрова скала (Likert scale), на можни одговори (0 = никогаш; 1 = ретко; 2 = повремено; 3 = често и 4 = многу често). Со прашањата беа опфатени следните аспекти: а) Q1 - тешкотии при џвакање; б) Q2 - болка/ нелагодност; в) Q3 - свесност/загриженост за проблеми со устата; г) Q4 - чувство на лош вкус и д) Q5 - тешкотии во извршување на секојдневните активности поради проблем со устата. Помалиот вкупен скор укажува на поголемо задоволство на пациентот. Прашалникот беше аплициран 2 пати, и тоа на првото клиничко мерење по поставувањето на протезата (нулта) и по 12 месеци од интервенцијата.

Во шестата глава насловена **Примена на резултати од истражувањето и можни насоки за натамошно истражување,** резултатите од оваа студија открија значителна количина на ресорпција на резидуалниот алвеоларен гребен, проценета со мерењата на висината и ширината на мандибуларната коска во двете групи во текот на 12 месеци носење на тоталните протези.

Врз основа на поставените цели и извршеното истражување за споредба на степенот на резидуална ресорпција на мандибуларниот гребен и задоволството на пациентите помеѓу пациентите кои носат протези Vertex Thermosens и конвенционалните акрилатни протези во период од 12 месеци, беа донесени следните заклучоци:

1. Значајна количина на ресорпција на резидуалниот алвеоларен гребен беше забележана во двете групи, како што покажаа резултатите од мерењата на висината и ширината на мандибуларната коска во период од 12 месеци од носењето на протезата.
2. Големината на ресорпцијата на гребенот покажа поголема индивидуална варијација во висината и ширината на мандибуларната коска во двете групи помеѓу 0 — 6 и 6 — 12 месеци.
3. Помала ресорпција на гребенот беше забележана во мандибуларните задни региони во споредба со предните региони во двете групи.
4. Речиси еднаква количина на ресорпција на гребенот беше забележана во ширината и висината на коската на мандибулата во двете групи.
5. Не беше забележана значајна статистичка разлика во ресорпцијата на гребенот по рехабилитацијата со термопластични Vertex Thermosens-протези и конвенционални акрилатни протези на крајот од 12-месечниот период на набљудување.
6. Не беше забележана значајна статистичка разлика во задоволството на пациентите по рехабилитацијата со термопластични Vertex Thermosens-протези и

конвенционални акрилатни протези на крајот од 12-месечниот период на набљудување, со исклучок на прашањето „тешкотии при џвакање храна“, каде што групата со Vertex Thermosens-протези беше значително повеќе позадоволна од конвенционалната акрилатна група.

7. Имаше значително подобрување во задоволството на пациентите со протези во двете групи во рок 0 — 12 месеци.
8. Во првиот месец од поставувањето на протезата, пациентите имаа лезии во форма на мали повреди, кои се подобрија кај двете групи во текот на почетната адаптивна фаза.
9. Во моментот на поставување на протезата, забележано е значително поголемо задоволство кај пациентите рехабилитирани со протези Vertex Thermoswens отколку кај конвенционалните акрилатни протези поврзани со прашањето „болка/непријатност“, меѓутоа, по 12 месеци од поставувањето на протезата, конвенционалните акрилатни групи покажаа подобрување во задоволството.
10. Од почетокот на поставувањето на протезата, субјективната евалуација укажа на подобро севкупно задоволство на пациентот кај Vertex Thermosens-групата.

Во осмата глава е даден **Список на користената литература и други извори,** која авторката ја користела во идеја и оформување на овој труд. Користена е современа и релевантна научна литература. Посочени се 101 референца, повеќето со понов датум на објавување од страна на авторитетни научни имиња и во меѓународни реномирани научни списанија

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување на овој труд претставува влијанието на Vertex ThermoSens-протезите врз коскената ресорпција и задоволството на пациентот, со посебен акцент на степенот на ресорпција на мандибуларниот алвеоларен гребен кај пациенти носители на Vertex ThermoSens-протези и пациенти со конвенцинални акрилатни протези, состојбата на оралните меки ткива кај пациенти од двете групи, нивното задоволство од протезите и споредба на добиените резултати. Важно е да се дознае кои фактори можат да ја намалат ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен, затоа што тоа може да помогне при ретенција, стабилизација и удобност при носење на протезите. Прашалникот подготвен за испитување на задоволството на пациентите може да помогне при изборот на уптреба на материјал за изработка на протези со најзадоволителни ефекти.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Иако досегашните научни истражувања за ресорпцијата на резидуалниот алвеоларен гребен во светот и кај нас се многубројни, во фокусот на најновите истражувања е проценката на ресорпцијата со помош на CBCT-скен. Авторката на ова истражување ги следи модерните текови во научноистражувачката дејност, што ја прави оваа дисертација прва од ваков тип кај нас. Искуствата и резултатите се показатели на тоа какви тотални протези треба да се изработуваат, поточно кои материјали да се користат со цел да се намали ресорпцијата на резидуалните алвеоларни гребени.

**Краток опис на применетите методи**

Пациентите беа поделени во две групи: првата група (експериментална група), која имаше тотални протези од основниот материјал Vertex Thermosens, опфати 30 учесници. Втората група (контролна група) имаше тотални протези изработени од конвенционален акрилат како составен дел на основниот материјал и опфати 30 учесници.

Степенот на резидуална ресорпција на алвеоларниот гребен, нејзината ширина и височина беа евалуирани со CBCT-скен во пет региони од интерес (Roi) на ткивото на потпорната протеза: два во премоларниот регион, два во моларниот регион и еден во регионот на симфизата на брадата. За мерење како референтна рамнина била долната граница на мандибулата.

Задоволството на пациентите од тоталните протезите беше проценето во секоја од двете Vertex/Acrylic групи преку специјално креиран прашалник од 5 прашања со

петстепена Ликертова скала на можни одговори (0 = никогаш; 1 = ретко; 2 = повремено; 3 = често и 4 = многу често).

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Меѓугрупната споредба (Mann-Whitney U Test) на висината и ширината на коските во различни региони, во различни временски интервали не покажа статистички значајна разлика во коскеното ниво (P > 0,05) од почетокот на поставувањето на тоталните протези до 6 месеци на нивното носење, 6 месеци до 12 месеци од носењето, како и од почетокот на поставување на тоталните протези до 12 месеци на нивното носење.

Меѓугрупната споредба (Mann-Whitney U Test) на задоволството на пациентите не покажа значајна разлика на крајот од 12-месечниот период на набљудување, со исклучок на прашањето за „тешкотии при џвакање храна“, каде што групата носители на тотални протези изработени од Vertex Thermosens беше значително позадоволна од групата испитаници каде што имавме изработени конвенционални акрилатни тотални протези.

Врз основа на наодите од оваа клиничка студија, може да се заклучи дека ресорпцијата на резидуалниот алвеоларен гребен е неизбежна карактеристика. Сепак, поголемо задоволство е забележано кај пациентите рехабилитирани со Vertex Thermosens протези отколку кај оние на кои биле изработени конвенционални акрилатни тотални протези.

Протезите изработени од Vertex Thermosens може да се сметаат за подобра опција при третман на пациенти со тотална беззабност, за севкупно подобар квалитет.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Себахате Хамити Алидема, со наслов: СТЕПЕН НА РЕСОРПЦИЈА НА МАНДИБУЛАРНИОТ АЛВЕОЛАРЕН ГРЕБЕН КАЈ ПАЦИЕНТИ НОСИТЕЛИ НА VERTEX THERMOSENS-ПРОТЕЗИ И НОСИТЕЛИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИ АКРИЛАТНИ ПРОТЕЗИ, претставува истражување во стоматолошката протетика. Очекуваните резултати ќе се применуваат во секојдневната клиничка пракса, во смисла на давање препораки за употреба на Vertex ThermoSens протези како подобро решение при протетички третман на беззабни пациенти, особено кога постои контраиндикација за импланти поради неповолна орална состојба (недоволна количина и квалитет на коска), општа слаба здравствена состојба, земање лекарства, системски болести и економски фактори.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Себахате Хамити Алидема, со наслов: СТЕПЕН НА РЕСОРПЦИЈА НА МАНДИБУЛАРНИОТ АЛВЕОЛАРЕН ГРЕБЕН КАЈ ПАЦИЕНТИ НОСИТЕЛИ НА VERTEX THERMOSENS-ПРОТЕЗИ И НОСИТЕЛИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИ АКРИЛАТНИ ПРОТЕЗИ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Алидема С.Х., Бундевска Ј, Бимбаши В, Маја С, Димоски Г, Халили Р. Компјутеризирана томографија со конусен зрак (CBCT). Евалуација на коскената висина и ширина во беззабната мандибула. Меѓународен весник за биомедицина. 2022; 12 (3): 417-422. doi:10.21103/Член 12(3)_OA13
2. Себахате Хамити Алидема, Јадранка Бундевска, Сотир Маја, Гоце Димоски, Рајмонда Халили. Протетски менаџмент на ресорпција на гребенот: ажуриран преглед. Весник за меѓународни стоматолошки и медицински истражувања ISSN 1309-100X

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Главни научни придонеси на кандидатката.** Реализираното истражување како дел од докторските студии ќе придонесе во многу области: научни, клинички, социјални и економски. Развиените земји се во фаза на истражување во подготовката на стоматолозите да бидат способни да го проценат влијанието на протези чијашто база е изработена од материјалот Vertex ThermoSens врз ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен. Од она што е познато досега, не се спроведени никакви студии со кои би се проценило клиничкото влијание на Vertex ThermoSens врз ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен. Оваа студија би можела да помогне да се понуди подобро решение за протетички третман на беззабни пациенти.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Очекуваните резултати ќе се применуваат во секојдневната клиничка пракса, во смисла на давање препораки за употреба на Vertex ThermoSens-протези како подобро решение при протетички третман на беззабни пациенти, особено кога постои контраиндикација за импланти поради неповолна орална состојба (недоволна количина и квалитет на коска), општа слаба здравствена состојба, земање лекарства, системски болести и економски фактори.

Во исто време, лекарот ќе има дополнителни податоци и дополнително ќе придонесе за здравствената едукација на пациентите врз основа на резултатите од прашалникот за задоволство на пациентите, со што ќе се оцени кој материјал за базата на протезите е посоодветен, затоа што тоа ќе претставува суштински фактор за протетичка рехабилитација.

**Можни понатамошни истражувања.** Резултатите од истражувањата за поврзаноста на ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен со видот на материјалот од кој се изработени протетичките помагала ќе претставуваат понатамошен поттик на терапевтот за изработка и примена на материјали со кои би се намалила ресорпцијата на резидуалните алвеоларни гребени. Истовремено, од научен аспект ќе се овозможи и дополнително истражување, со кое ќе се збогати и додаде во многуте податоци во светот.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Себахате Хамити Алидема, со наслов: СТЕПЕН НА РЕСОРПЦИЈА НА МАНДИБУЛАРНИОТ АЛВЕОЛАРЕН ГРЕБЕН КАЈ ПАЦИЕНТИ НОСИТЕЛИ НА VERTEX THERMOSENS-ПРОТЕЗИ И НОСИТЕЛИ НА КОНВЕНЦИОНАЛНИ АКРИЛАТНИ ПРОТЕЗИ.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Капушевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јадранка Бундевска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ковачевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сања Панчевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, член, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ПРЕХРАНБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА, ДРУГО (ПРЕРАБОТКА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 19.8.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) квалитет, безбедност и преработка на овошје и зеленчук (прехранбена технологија, друго), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-691/2, донесена на XX седница одржана на 2.9.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љубица Каракашова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Лазар Сиваков, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Рукие Агич, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во наставно-научно звање – насловен вонреден професор по предметите од наставно-научната област квалитет, безбедност и преработка на овошје и зеленчук (прехранбена технологија, друго), во предвидениот рок се пријави д-р Фросина Бабановска-Миленковска, доцент на Факултетот за земјоделски науки храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### Биографски податоци и образование

Кандидатката доц. д-р Фросина Бабановска-Миленковска е родена на 8.9.1969 година во Куманово. Средно насочено биотехнолошко образование завршила во „Никола Карев” во Скопје. Со високо образование се стекнала на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, насока: прехранбено и биотехнолошко инженерство, и се здобила со звањето дипломиран инженер технолог. Дипломирала и на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со што се стекнала со звањето дипломиран земјоделски инженер, студиска програма: Преработка на земјоделски производи, растителни преработки, со просечен успех 8,88.

Во учебната 2005/2006 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на меѓународните постдипломски интердисциплинарни студии по квалитет и безбедност на храна, на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Магистрирала во јуни 2007 година со просечен успех 8,69, на магистерската тема *Развивање на аналитичка метода за определување на некои вештачки засладувачи кои се употребуваат во прехранбената индустрија*, со што се стекнала со звањето магистер по квалитет и безбедност на храна.

Во учебната 2008/2009 година се запишала на курсеви за доживотно учење, на меѓународната студиска програма Иновации во прехранбената индустрија, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, при што успешно ги положила испитите: Квалитет и безбедност на храна, Нутритивни својства, Адитиви во прехранбената индустрија и Хроматографски методи, со просечен успех 9.

Докторска дисертација во 2010 година пријавила на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Република Македонија. Докторската дисертација на тема: *Влијание на сортите пиперки (Capsicum annuum* L. *ssp. Macrocarpum) врз квалитетот и нутритивните својства на готовите производи добиени со различни технологии на конзервирање*, ја одбранила во јуни 2015 година, пред Комисија во состав: д-р Љубица Каракашова, редовен професор при ФЗНХ, ментор, д-р Лазар Сиваков, редовен професор во пензија, ФЗНХ, член, д-р Ѓорѓи Мартиновски, редовен професор во пензија, ФЗНХ, член, д-р Биљана Петановска-Илиевска, редовен професор, член, д-р Весна Рафајловска,

редовен професор ТМФ, член. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по земјоделски науки, од научната област прехранбена технологија, друго (преработка на овошје и зеленчук).

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, има познавања од гремanскиот и францускиот јазик, како и солидни познавања од областа на информатиката и користењето на одредени компјутерски програми.

На 12.2.2018 година е избрана за доцент на група предмети на Катедрата за преработка на овошје и зеленчук, при Факултетот за земјоделски науки и храна, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во научната област преработка на овошје и зеленчук. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1159 од 15.12.2017 година.

Во изминатиот период, кандидатката д-р Фросина Бабановска-Миленковска во континуитет учествувала на повеќе научни и стручни конференции, симпозиуми и други собири во земјата и во странство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1042 од 15 ноември 2012 и Билтен бр. 1159 од 15.12.2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ, кандидатката д-р Фросина Бабановска-Миленковска изведува теоретска настава, вежби и теренска настава на I циклус студии на повеќе студиски програми, со предметите: Преработка на овошје (студиски програми: Лозарство и винарство; Лозарство и винарство; Преработка на земјоделски производи – растителни преработки; Преработка на земјоделски производи – анимални преработки; Овоштарство, лозарство и винарство); Преработка на зеленчук (студиски програми: Преработка на земјоделски производи – растителни преработки; Преработка на земјоделски производи – анимални преработки; Градинарство и цвеќарство); Производство на безалкохолни пијалаци (студиски програми: Преработка на земјоделски производи – растителни преработки; Преработка на земјоделски производи – анимални преработки); Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци (студиски програми: Квалитет и безбедност на храна; Агроекономика; Преработка на земјоделски производи – анимални преработки). Кандидатката д-р Фросина Бабановска-Миленковска изведува вежби и теренска настава на I циклус студии на повеќе студиски програми, со предметите: Преработка на овошје и зеленчук (студиски програми: Фитомедицина; Агроекономика; Преработка на земјоделски производи - анимални преработки; Квалитет и безбедност на храна; Хортикултура; Градинарство и цвеќарство).

Кандидатката е ангажирана во одржување настава за втор циклус студии (едногодишни и двогодишни студии), по предметите: Квалитет на преработки од овошје и зеленчук; Стандарди за квалитет и безбедност на храна, Сензорски својства на храната, за студиската програма Квалитет и безбедност на храна. Исто така, ангажирана е за одржување настава на трет циклус студии, за предметите: Етика во научноистражувачка работа и Нутритивни и сензорски својства на преработки од овошје и зеленчук, за студиската програма Квалитет и безбедност на земјоделски производи, како и за предметот Нутритивни и сензорски својства на преработки од овошје и зеленчук, за студиската програма Растителна биотехнологија.

Наставно-образовните дејности кандидатката ги извршува професионално, совесно и навремено. Организира и теренска настава по наведените предмети, соработува со студентите, одржува консултации, им помага во организирањето на проектни задачи и совладување на предметната проблематика.

Учествувала во одржување на едукативни предавања на тема „Исхрана и здравје“, за ученици од основни и средни училишта. Како предавач (едукатор), кандидатката учествувала во подготовка на материјали и одржување на серија обуки за различни целни групи, на различни теми, во рамки на проектот „Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на

пазарите“ (“Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures”), Project funded by the EU and implemented by a consortium led by WEglobal - EuropeAid /139105/DH/SER/MK. Обуките се одржани на: фармери од три региони на Р. С. Макесонија (на теми „Маркетинг стандарди за овошје и зеленчук“ и „Подобрување на производни техники“), членови на Државниот инспекторат за земјоделство на Р. С. Македонија (на теми „Квалитет на земјоделски производи“, „Маркетинг стандарди за овошје и зеленчук“ и „Техники за препознавање на различни сорти на овошје и зеленчук“) и на членови на подсекторските група (за: жита, млеко, месо, мед, вино, овошје и зеленчук) при МЗШВ на Р. С. Македонија (на соодветните теми „Маркетинг стандарди за жита“, „Маркетинг стандарди за млеко“, „Маркетинг стандарди за месо“, „Маркетинг стандарди за мед“, „Маркетинг стандарди за вино“, „Маркетинг стандарди за овошје“ и „Маркетинг стандарди за зеленчук“.

Кандидатката д-р Фросина Бабановска-Миленковска била ментор на 11 (единаесет) дипломски трудови, а учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 28 (дваесетиосум) дипломски и на еден магистерски труд. Исто така, била ментор на труд презентиран на студентска смотра, одржана на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Кандидатката е коавтор на интерна скрипта, Работен дневник по Производство на безалкохолни пијалаци, наменет за студентите од Факултетот за земјоделски науки и храна, во Скопје. Автор е на печатена брошура, под наслов „Маркетинг стандарди за овошје и зеленчук“, издадена во рамки на меѓународниот проект Common Market Organization, “Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures” The EU-IPA/2015/037 – 907.

Кандидатката е автор на серија од 8 научно-популарна статии објавени во стручно списание Е-Билтен од бр. 4 до бр. 10 (2018), насловено „Потрошувачите и храната), издадено од Организација на потрошувачи и Агенција за храна и ветеринарство, на различни теми од областа овошје, зеленчук и нивни преработки. Исто така, автор е на научно-популарна статија објавена во стручно списание за земјоделство и рурален развој „Моја земја”, на тема „Чоколадирање на суво овошје“.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Фросина Бабановска-Миленковска, по изборот во звањето доцент, учествува/ла во два научни национални и во еден меѓународен научно-стручен проект.

Д-р Фросина Бабановска-Миленковска се јавува како автор/коавтор на 10 објавени оригиначни научни трудови, во меѓународни списанија, од кои еден научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), четири труда во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и пет труда во зборници на трудови од научни собири со меѓународен управувачки одбор. Има еден труд во зборник на трудови од научен/стручен собир, учествувала на повеќе научни/стручни собири со четири постерски презентации и четири усни презентација, одржани во земјава и во странство. Има објавено 2 апстракта во зборници од меѓународни конференции.

Рецензент е на шест научни оригинални трудови, објавени во 3 национални научно-стручни списанија и во 3 меѓународни научно-стручни списанија, со меѓународни управувачки одбори.

Трудовите кои се пријавени за овој избор се внесени во Ризницата на научни трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.), наведени се во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Фросина Бабановска-Миленковска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Врши стручна експертиза и учествува во изведување на одделни лабораториски активности при утврдување на квалитетот на доставени примероци за анализа во Лабораторијата за преработки на овошје и зеленчук, како и при изработка на дипломски, магистерски или докторски истражувања.

Кандидатката покажува особена активност во дејностите од поширок интерес. Учествувала во бројни комисии:

- претседател на комисија за област: применета биохемија, 55. Државен натпревар на млади техничари и природници, Народна техника, Скопје, РМ;
- претседател на комисија за област: квалитет и безбедност на храна и претседател на комисија на гастрономија, 54. Државен натпревар на млади истражувачи, Народна техника, Скопје, РМ;
- претседател на комисија за област: гастрономија, 54. Државен натпревар на млади истражувачи, Народна техника, Скопје, РМ;
- претседател на комисија за област: применета биохемија, 56. Државен натпревар на млади техничари и природници, Народна техника, Скопје, РМ;
- претседател на комисија за област: квалитет и безбедност на храна и претседател на комисија на гастрономија, 55. Државен натпревар на млади истражувачи, Народна техника, Скопје, РМ;
- претседател на комисија за област: гастрономија, 55. Државен натпревар на млади истражувачи, Народна техника, Скопје, РМ;
- член на комисија за област: квалитет и безбедност на храна и претседател на комисија на гастрономија, 58. Државен натпревар на млади истражувачи, Народна техника, одржан во просториите на Народна техника, Скопје, РСМ;
- член на комисија за област: гастрономија, 58. Државен натпревар на млади истражувачи, Народна техника, одржан во просториите на Народна техника, Скопје, РСМ;
- член во оценувачка комисија на 39. Макинова, Скопје, РМ;
- член во оценувачка комисија на 16. Еконова, Скопје, РМ;
- член во комисија на 4. Олимпијада за техничка креативност и информативна технологија на Југоисточна Европа, Национална установа Центар за култура „Антон Панов“ – Струмица, РМ;
- член во оценувачка комисија на 40-Макинова, Музеј на град Скопје, РМ;
- член во оценувачка комисија на 17 Еконова, Музеј на град Скопје, РМ.

Учесник е како ментор на кандидати, студенти, учесници на хакатон за земјоделство, во организација на Студентскиот парламент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, РСМ.

Кандидатката учествувала во разни одбори и групи од поширок интерес:

- член на Организационен одбор на 39. Макинова, Скопје, РМ;
- член на Организационен одбор на 16. Еконова, Скопје, РМ;
- член на Организационен одбор 40. Макинова, Музеј на град Скопје, РМ;
- член на Организационен одбор 17. Еконова, Музеј на град Скопје, РМ;
- член на Организационен одбор на 4. Олимпијада за техничка креативност и информативна технологија на Југоисточна Европа, Струмица, РМ;
- член на Програмски одбор на научен/стручен собир и во Зборник на трудови, едиција 8, VIII Naučno - stručni skup sa međunarodnim ućešćem, Preduzetništvo-inženjerstvo-menadžment, Zrenjanin, Srbija;
- член на Програмски одбор на научен/стручен собир и во Зборник на трудови, едиција 9, IX Naučno - stručni skup sa međunarodnim ućešćem, Preduzetništvo-inženjerstvo-menadžment, Zrenjanin, Srbija;
- член на Експертска група од областите на безбедноста на храната, храната за животни и ветеринарна и фитосанитарна политика, за учество во националните платформи, Панел-групра за адитиви и ароми.

Во изминатиот период, кандидатката д-р Фросина Бабановска-Миленковска учествувала на тркалезна маса, работилници и обуки на следниве теми/области:

- учество на тркалезна маса на тема: „Предизвици за добри практики за безбедност на храната и нивна реализација кај операторите со храна“, пример за Р Македонија;
- учество на Национална конференција за свеста на ЕФСА и можности за соработка во процесот на процена на ризик, Скопје, РМ;
- учество на 13. Конференција на ЕФСА во Бугарија, Центар за проценка на ризик во синџирот на храна, наука во услови на ковид- 19;
- учество на Парма-летна школа, 2021, Аспекти за безбедност на храна на интегрирани системи за храна;
- Обука за интерни проверувачи по стандардите за акредитација на лаборатории МКС EN ISO/IEC 17025:2018 и МКС EN ISO 19011:2018,
- учество на серија вебинари, во рамки на проектот METROFOOD-PP, финансиран од програмата H2020 на Европска комисија;
- учество во три работилници во рамките на Процесот на претприемачко откривање (EDP), Работилница за подготовка на политики и мерки за поддршка (Policy mix), Паметно земјоделство и прехранбена индустрија со производи со повисока додадена вредност.

Учествувала како член на Работна комисија за изготвување на Предлог-правилник за барањата за хигиена и условите за производство и ставање во промет на мали количества храна од неживотинско потекло, наменета за директно снабдување, во географски или економски ограничувања, како и општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики, при Агенцијата за храна и ветеринарство.

Ангажирана е како надворешен експерт за безбедност и квалитет на храна, со активно учество во давање консултатски услуги и учество во обуки во следниве области: обука за имплементација на ДПП и ДХП, како предуслови на HACCP-системот за безбедност на храна и примена на Codex Alimentarius; обука, имплементација и одржување на HACCP-систем за безбедност на храна; обука за интерен аудитори за HACCP-систем за безбедност на храна; консултации за имплементација на ИСО 17025 – стандард за управување со квалитет во лаборатории; консултации за BRC (глобален стандард за храна) и IFS (меѓународен стандард за храна) и др.

Во изборниот период, д-р Фросина Бабановска-Миленковска учествувала во изготвување два научни/стручно-апликативни проекта под наслов:

- „Проценка на ризик од вештачки засладувачи при консумација на нискокалорични безалкохолни пијалаци“, предлагач на проектот е Панел-група за адитиви и ароми, експерти од Националната платформа, при Агенцијата за храна и ветеринарство (одговорно лице на проектот: доц. д-р Фросина Бабановска-Миленковска);
- „Проценка на ризик од внес на најчесто употребуваните конзерванси во безалкохолни пијалаци во Република Северна Македонија“, предлагач на проектот: Панел-група за адитиви и ароми, експерти од Националната платформа, при Агенцијата за храна и ветеринарство (одговорно лице на проектот: проф. д-р Ленче Велкоска-Марковска).

Д-р Фросина Бабановска-Миленковска активно е вклучена во работата на бројни стручни комисии и работни групи при Факултетот за земјоделски науки и храна:

- член на Комисија за испит за предметот Прехранбено инженерство;
- член на Комисија за испит за предметот Преработка на овошје и зеленчук;
- член на Комисија за испит за предметот Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци;

- член на Комисија за работа на Библиотеката при Факултетот за земјоделски науки и храна, УКИМ – Скопје;
- член на наставно-научниот колегиум на втор циклус на студиската програма Квалитет и безбедност на храна;
- член на Советот на трет циклус – докторски студии на студиската програма Квалитет и безбедност на земјоделски производи;
- член на Работна група за акредитација/реакредитација на студиските програми за прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, УКИМ, во Скопје, за студиската програма Производство и преработка на земјоделски производи и храна;
- член на Работна група за акредитација/реакредитација на студиските програми за втор циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, УКИМ - Скопје (2022);
- член на Секретаријат на IV меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF 2022, УКИМ во Скопје – Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, Република Северна Македонија.

Кандидатката д-р Фросина Бабановска-Миленковска е назначена за интерен проверувач по стандардите МКС EN ISO/IEC 17025:2018 и МКС EN ISO 19011:2018 за акредитираните лаборатории при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Учествува активно во промотивните активности организирани од страна на Факултетот за земјоделски науки и храна, во Скопје, низ средните училишни центри во Република Македонија.

Ангажирана е во ревизија на номенклатурата на македонски јазик на FoodEx2, на барање на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, наведени се во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Фросина Бабановска-Миленковска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Фросина Бабановска-Миленковска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област квалитет, безбедност и преработка на овошје и зеленчук.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Фросина Бабановска-Миленковска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научната област квалитет, безбедност и преработка на овошје и зеленчук.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љубица Каракашова, с.р.**
**Проф. д-р Лазар Сиваков, с.р.**
**Проф. д-р Рукие Агич, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Фросина Иван Бабановска-Миленковска
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** квалитет, безбедност и преработка на овошје и зеленчук (прехранбена технологија, друго)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,88.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,69. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: квалитет, безбедност и преработка на овошје и зеленчук; поле: биотехнички науки; подрачје: прехранбена технологија (друго). | Да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Environmental Chemical Engineering<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science , Scopus<br>3. Наслов на трудот: Real-time monitoring of kefir-facilitated milk fermentation using microbial potentiometric sensors<br>4. Година на објава: 2022 | Да |
| 3.2.1. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences (JAFES) – Special Issue<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 вкупен број на членови, Македонија – 8 члена; Србија – 7 члена; Хрватска – 5 члена; Босна и | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Херцеговина – 3 члена; Црна Гора – 2 члена; Германија – 1 член; Бугарија – 2 члена; Албанија – 1 член; Австрија – 1 член; Словенија – 2 члена.<br>4. Наслов на трудот: Determination of vitamins as additives for fortification of refreshing soft drinks<br>5. Година на објава: 2018 | |
| 3.2.2. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences (JAFES) – Special Issue<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 вкупен број на членови, Македонија – 8 члена; Србија – 7 члена; Хрватска – 5 члена; Босна и Херцеговина – 3 члена; Црна Гора – 2 члена; Германија – 1 член; Бугарија – 2 члена; Албанија – 1 член; Австрија – 1 член; Словенија – 2 члена.<br>4. Наслов на трудот: Changes of nutritional properties of three variants peppers by processing of pickled red peppers<br>5. Година на објава: 2018 | **Да** |
| 3.2.3. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences (JAFES)<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 вкупен број на членови, Македонија – 8 члена; Србија – 7 члена; Хрватска – 5 члена; Босна и Херцеговина – 3 члена; Црна Гора – 2 члена; Германија – 1 член; Бугарија – 2 члена; Албанија – 1 член; Австрија – 1 член; Словенија – 2 члена.<br>4. Наслов на трудот: Comparing the quality properties of fresh and dried apple fruit - varieties pinova and red delicious___________<br>5. Година на објава: 2019 | **Да** |
| 3.5.1. | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 9-th International congress of Food Technologists, Biotechnologists and Nutritionists<br>2. Назив на меѓународниот собир: 9-th International congress of Food Technologists, Biotechnologists and Nutritionists, Zagreb, Croatia<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Австрија, Италија, Србија, Шпанија, САД, Ирска | **Да** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: Change of anthocyanins content during production of jam from different species of fruit,<br>5. Година на објава: 2018 | |
| 3.5.2. | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the XXII International Eco-Conference, Safe food, Novi Sad, Serbia<br>2. Назив на меѓународниот собир: XXII International Eco-Conference, Safe food, Novi Sad, Serbia<br>3. Имиња на земјите: Србија, Русија, Италија<br>4. Наслов на трудот: Comparison of quality properties of certain varieties of fresh and frozen green beans<br>5. Година на објава: 2018 | Да |
| 3.5.3. | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Zbornik radova, edicija 8,<br>2. Назив на меѓународниот собир: VIII Naučno - stručni skup sa međunarodnim učešćem, Preduzetništvo-inženjerstvo-menadžment, na temu „Cirkularna ekonomija – prilika za održivi razvoj”. Visoka tehnička škola strukovnih u Zrenjaninu, Zrenjanin, Srbija<br>3. Имиња на земјите: Србија, Босна и Херцеговина, Турција, Македонија, Бугарија, Црна Гора, Хрватска, Романија, Словенија<br>4. Наслов на трудот: Quality properties of solar dried aronia<br>5. Година на објава: 2019 | Да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент,<br>датум и број на Билтен: 15 декември 2017 година, бр. 1159 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љубица Каракашова, с.р.**
**Проф. д-р Лазар Сиваков, с.р.**
**Проф. д-р Рукие Агич, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Фросина Иван Бабановска-Миленковска**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **квалитет, безбедност и преработка на овошје и зеленчук (прехранбена технологија, друго)**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Одржување на настава (прв циклус)** (3*15*0,04)/2 | | |
| 1. | Преработка на овошје (3+0), студиска програма: Овоштарство и лозарство (летен семестар), 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; | 2,7 |
| 2. | Преработка на овошје (3+0), студиска програма: Лозарство и винарство (летен семестар), 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 3,6 |
| 3. | Преработка на овошје (3+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – растителни преработки (летен семестар), 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 3,6 |
| 4. | Преработка на овошје (3+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – анимални преработки (летен семестар), 2020/2021; 2021/2022; | 1,8 |
| 5. | Преработка на овошје (3+0), студиска програма: Овоштарство, лозарство и винарство (летен семестар), 2021/2022; | 0,9 |
| 6. | Преработка на зеленчук (3+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – анимални преработки (летен семестар), 2020/2021; 2021/2022; | 1,8 |
| 7. | Преработка на зеленчук (3+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – растителни преработки (летен семестар), 2020/2021; 2021/2022; | 1,8 |
| 8. | Преработка на зеленчук (3+0), студиска програма: Градинарство и цвеќарство (летен семестар), 2020/2021; | 0,9 |
| 9. | Производство на безалкохолни пијалаци (3+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – растителни преработки (зимски и летен семестар), 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 3,6 |
| 10. | Производство на безалкохолни пијалаци (3+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – анимални преработки (летен семестар), 2021/2022; | 0,9 |
| 11. | Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци (3+0), студиска програма: Квалитет и безбедност на храна (летен семестар), 2020/2021; 2021/2022; | 1,2 |
| 12. | Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци (3+0), студиска програма: Агроекономика (летен семестар), 2020/2021; | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци (3+0) студиска програма: Преработка на земјоделски производи – анимални преработки, (летен семестар), 2020/2021. | 0,6 |
| **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд – прв циклус) (**2*15*0,03) | | |
| 14. | Преработка на овошје (2+0), студиска програма: Овоштарство и лозарство (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; | 2,7 |
| 15. | Преработка на овошје (2+0), студиска програма: Лозарство и винарство (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 4,5 |
| 16. | Преработка на овошје (2+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – растителни преработки (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 4,5 |
| 17. | Преработка на овошје (2+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – анимални преработки (летен семестар), 2020/2021; 2021/2022; | 1,8 |
| 18. | Преработка на овошје (2+0), студиска програма: Овоштарство, лозарство и винарство (летен семестар), 2021/2022; | 0,9 |
| 19. | Преработка на зеленчук (2+0), студиска програма: Градинарство и цвеќарство (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; | 3,6 |
| 20. | Преработка на зеленчук (2+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – растителни преработки (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 4,5 |
| 21. | Преработка на зеленчук (2+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – анимални преработки (летен семестар), 2020/2021; 2021/2022; | 1,8 |
| 22. | Преработка на овошје и зеленчук (2+0), студиска програма: Заштита на растенијата – фитомедицина (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; | 1,8 |
| 23. | Преработка на овошје и зеленчук (2+0), студиска програма: Агроекономика (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 4,5 |
| 24. | Преработка на овошје и зеленчук (2+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – анимални преработки (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; | 2,7 |
| 25. | Преработка на овошје и зеленчук (2+0), студиска програма: Квалитет и безбедност на храна (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 4,5 |
| 26. | Преработка на овошје и зеленчук (2+0), студиска програма: Хортикултура (летен семестар), 2021/2022; | 0,9 |
| 27. | Преработка на овошје и зеленчук (2+0), студиска програма: Градинарство и цвеќарство (летен семестар), 2021/2022; | 0,9 |
| 28. | Производство на безалкохолни пијалаци (2+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – растителни преработки (зимски и летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 29. | Производство на безалкохолни пијалаци (2+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи – анимални преработки (летен семестар), 2021/2022; | 0,9 |
| 30. | Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци (2+0), студиска програма: Преработка на земјоделски производи - анимални преработки (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; | 1,8 |
| 31. | Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци (2+0), студиска програма: Агроекономика (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; | 1,8 |
| 32. | Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци (2+0), студиска програма: Квалитет и безбедност на храна (летен семестар), 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021; 2021/2022; | 2,25 |
| **Теренска настава** (3*2*0,04)/2 | | |
| 33. | Преработка на овошје и зеленчук, Преработка на овошје, Преработка на зеленчук 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021 | 1,8 |
| 34. | Производство на безалкохолни пијалаци, Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци, 2017/2018; 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021 (3*2*0,04) | 1,2 |
| **Одржување на настава (втор цуиклус) (**2*4*0,05)/2 | | |
| 35. | Квалитет на преработки од овошје и зеленчук (2+1+1), Квалитет и безбедност на храна, едногодишни и двогодишни студии 2020/2021; 2021/2022; | 0,4 |
| 36. | Стандарди за квалитет и безбедност на храна (2+1+1), Квалитет и безбедност на храна, едногодишни и двогодишни студии 2020/2021; 2021/2022; | 0,4 |
| 37. | Сензорски својства на храната (5+3+2), Квалитет и безбедност на храна, двогодишни студии 2020/2021; 2021/2022; | 0,4 |
| **Одржување на настава (трет циклус) (**2*7,5*0,06) | | |
| 38. | Етика во научноистражувачка работа, Квалитет и безбедност на земјоделски производи | 0,9 |
| 39. | Нутритивни и сензорски својства на преработки од овошје и зеленчук, Квалитет и безбедност на земјоделски производи | 0,9 |
| 40. | Нутритивни и сензорски својства на преработки од овошје и зеленчук, Растителна биотехнологија | 0,9 |
| **Консултации со студенти** (x * 0,002) | | |
| 41. | Летен семестар 2017/2018 (39+15+4+46)*0,002 | 0,208 |
| 42. | Летен семестар 2018/2019 (19+45+4+39)*0.002 | 0,214 |
| 43. | Летен семестар 2019/2020 (7+33+8+46)*0.002 | 0,188 |
| 44. | Летен семестар 2020/2021 (5+29+4+30)*0.002 | 0,136 |
| 45. | Зимски семестар 2021/2022 (2*0.002) | 0,004 |
| 46. | Летен семестар 2021/2022 (27+27)*0.002 | 0,108 |
| **Ментор на дипломска работа** (x*0,2) | | |
| 47. | -Георгиевска С. (2018) Нутритивни и сензорски својства на ајвар<br>-Тасевски М. (2019) Утврдување на квалитет на овошни сокови<br>-Ставров П. (2019) Утврдување на квалитет на енергетски пијалаци<br>-Јосифовска Е. (2020) Утврдување на квалитет на суво грозје | (11*0,2) = 2,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | -Георгиевска Т. (2020) Нутритивни и сензорски својства на џем од сливи<br>-Самарџиска Е. (2020) Нутритивни и сензорски својства на сушени смокви<br>-Грнчаревска А. (2021) Спортски и енергетски пијалаци, сличности и разлики<br>-Крстевска Д. (2021) Нутритивни и сензорски својства на компот од вишни<br>-Василевски Х. (2022) Примена на засладувачи во производството на освежителни пијалаци<br>-Шишковска С. (2022) Сензорни и нутритивни својства на сок од вишна<br>-Златевска И. (2022) Минерални води – технологија на производство и квалитет | |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (x*0,1) | | |
| 48. | -Стојановски Љ. (2018) Технологија на сушење – сушена слива<br>-Велинова Е. (2018) Технологија на производство на сок од боровинки<br>-Стојановски М. (2018) Технологија на замрзнување на грашок<br>-Стојменов Б. (2018) Технологија на производство на пастеризирани краставички<br>-Иванова М. (2018) Технологија на смрзнување на јагода<br>-Мицев Д. (2018) Технологија на преработка на печурки<br>-Наумовска М. (2019) Технологија на производство на боза<br>-Митровски Д. (2019) Технологија на производство на слатко од капини<br>-Вучелиќ Ј. (2019) Технологија на сушење – сушен праз<br>-Ѓорѓиевски Х. (2019) Технологија на производство на безалкохолни пијалаци – Технологија на производство на квас<br>-Јангеловски Т. (2019) Технологија на сушена јаболка<br>-Близнаковска А. (2019) Технологија на сушена аронија<br>-Баткоски Ф. (2019) Технологија на смрзнување на боранија<br>-Мечкароски Ј. (2019) Технологија на производство на бистар сок од капина<br>-Штериов М. (2019) Технологија на смрзнување на брокула<br>-Чакареска С. (2019) Технологија на производство на мелена зачинска пиперка<br>-Василевска Ј. (2020) Технологија на производство на сок од домат<br>-Темов Ѓ. (2020) Технологија на производство на слатко од шумски плодови<br>-Николовска П. В. (2020) Какао и какао пијалаци<br>-Личина С. (2020) Технологија на производство на сушен зачин<br>-Димшев Б. (2021) Технологија на производство и нутритивни својства на сок од калинка<br>-Манева Ј. (2021) Технологија на производство и нутритивни својства на смрзната брокула<br>-Тасевски А. (2021) Технологија за производство на концентрат од домати<br>-Богдановска И. (2021) Хроматографски методи за определување на витамин С во храна | (28*0,1) = 2,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | -Пирковска Н. (2021) Хроматографски методи за определување на хлорогена киселина во кафе<br>-Цветановска А. (2021) Нутритивен состав на смрзната малина<br>-Темковска Т. (2022) Определување на ацесулфам К во енергетски пијалоци со примена на HPLC<br>-Црневски Х. (2022) Технологија и нутритивен состав на сушена слива | |
| **Ментор на труд презентиран на студентска смотра** (х*0,2) | | |
| 49. | Близнаковска А., Каракашов Ј. (2019) Утврдување на квалитет на одредени видови на енергетски пијалаци | 0,2 |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** (х*0,3) | | |
| 50. | Маркова С. (2022) Квалитетни својства на различни сокови од две сорти калинка | 0,3 |
| **Настава во школи и држење на обуки** (х*1,0) | | |
| 51. | Одржано предавање на тема „Исхрана и здравје“ (2018), средно училиште СУГС „Јосип Броз Тито“, Скопје, за матуранти, како дел од кампања на ФЗНХ | 1,0 |
| 52. | Одржано предавање на тема „Исхрана и здравје“ (2018), во просториите на ФЗНХ, на ученици од две партнерски основни училишта од Општина Гази Баба ООУ„25 МАЈ“ и ООУ „Дане Крачев“ - заеднички проект „Здрава храна- добра иднина“ , проект поддржан од МОН | 1,0 |
| 53. | Одржано предавање на тема „Исхрана и здравје“ (2018), за ученици од средно училиште, Демир Хисар | 1,0 |
| 54. | Подготовка на материјали и одржување на обука на фармери од три региони на РС Македонија, на тема „Маркетинг-стандарди за овошје и зеленчук“ (општи и специфични маркетинг-стандарди – потреба од усогласување на националните регулативи со регулативите од ЕУ и меѓународните стандарди) (2021). Предавањата се одржани во 4 сесии, во рамки на проектот „Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на пазарите“ (“Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures”), Project funded by the EU and implemented by a consortium led by WEglobal - EuropeAid /139105/DH/SER/MK | 1,0 |
| 55. | Подготовка на материјали и одржување на обука на фармери од три региони на РС Македонија, на тема „Подобрување на производни техники“ (Примена на Добра земјоделска пракса и постбербени третмани на овошје и зелечук), (2021). Предавањата се одржани во 2 сесии, во рамки на проектот „Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на пазарите“ (“Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures”), Project funded by the EU and implemented by a consortium led by WEglobal - EuropeAid /139105/DH/SER/MK | 1,0 |
| 56. | Подготовка на материјали и одржување на обука на членови на Државниот инспекторат за земјоделство на РС Македонија, на тема „Квалитет на земјоделски производи“ (методи за контрола и утврдување на квалитет на земјоделските производи), (2021). Предавањата се одржани во 2 сесии, во рамки на проектот „Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | пазарите“ (“Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures”), Project funded by the EU and implemented by a consortium led by WEglobal - EuropeAid /139105/DH/SER/MK | |
| 57. | Подготовка на материјали и одржување на обука на членови на Државниот инспекторат за земјоделство на РС Македонија, на тема „Маркетинг-стандарди за овошје и зеленчук“ (општи и специфични маркетинг стандарди – потреба од усогласување на националните регулативи со регулативите од ЕУ и меѓународните стандарди), (2021). Предавањата се одржани во 2 сесии, во рамки на проектот „Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на пазарите“ (“Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures”), Project funded by the EU and implemented by a consortium led by WEglobal - EuropeAid /139105/DH/SER/MK | 1,0 |
| 58. | Подготовка на материјали и одржување на обука на членови на Државниот инспекторат за земјоделство на РС Македонија, на тема „Техники за препознавање на различни сорти на овошје и зеленчук“ (примена на разни техники за препознавање на различните сорти, преглед на различни сорти на овошје и зеленчук), (2021). Предавањата се одржани во 2 сесии, во рамки на проектот „Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на пазарите“ (“Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures”), Project funded by the EU and implemented by a consortium led by WEglobal - EuropeAid /139105/DH/SER/MK | 1,0 |
| 59. | Подготовка на материјали и одржување на обука на членови на потсекторска група за жита, при МЗШВ на РС Македонија, на тема „Маркетинг-стандарди за жита“, (уредување на пазарот за жита – потреба од усогласување на националните регулативи со регулативите од ЕУ и меѓународните стандарди), (2021). Предавањата се одржани во 2 сесии, во рамки на проектот „Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на пазарите“ (“Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures”), Project funded by the EU and implemented by a consortium led by WEglobal - EuropeAid /139105/DH/SER/MK | 1,0 |
| 60. | Подготовка на материјали и одржување на обука на членови на потсекторска група за мед, при МЗШВ на РС Македонија, на тема „Маркетинг-стандарди за мед“, (уредување на пазарот за мед – потреба од усогласување на националните регулативи со регулативите од ЕУ и меѓународните стандарди), (2021). Предавањата се одржани во 2 сесии, во рамки на проектот „Воведување и спроведување на мерките за заедничко уредување на пазарите“ (“Introduction and Implementation of Common Market Organization Measures”), Project funded by the EU and implemented by a consortium led by WEglobal - EuropeAid /139105/DH/SER/MK | 1,0 |
16. D. Belichovska, Z. Pejkovski, K. Belichovska, Z. Uzunoska, **A. Silovska-Nikolova**.2019. Effect of vegetable oils on fatty acid composition and cholesterol content of chicken frankfurters. 59th International Meat Industry Conference MEATCON 2017, IOP Conference Series: Earth and Environmental Science, 2017; 85, 012059. Abstracted In Web of Science.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/22427
17. Pejkovski Zlatko, **Silovska-Nikolova Aleksandra**, Belicovska Katerina, Gasperlin Lea, Polak Tomaz, Zlender Bozidar, Lilic Slobodan. 2009. Effect of vegetable fats and oils on sensory characteristics of processed chicken sausages, Tehnologija mesa, 5-6, 351-357. Institut za higijenu i tehnologiju mesa, Beograd.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/22597
18. Pejkovski Zlatko, **Silovska-Nikolova Aleksandra**, Belicovska Katerina, Gasperlin Lea, Polak Tomaz, Zlender Bozidar, Lilic Slobodan and Ockerman Herbert. 2009. Impact of different vegetable fats and oils on instrumentally measured color and texture of processed chicken sausages, Tehnologija mesa, 3-4, 238-242. Institut za higijenu i tehnologiju mesa, Beograd.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/22596
19. Пејковски З., Кратовалиева М., **Силовска-Николова А.**, Гашперлин Л., Полак Т., Божидар Ж. 2007. Некои природни боила и нивното влијание врз сензорните карктеристики на реновките без нитрити и фосфати. III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Зборник на трудови. Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје и ЈНУ Институт за сточарство.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/22594
20. Пејковски З., Кратовалиева М., **Силовска-Николова А.**, Гашперлин Л., Полак Т., Божидар Ж. 2007. Инструментална анализа на бојата на реновки произведени со природни боила, без нитрити и фосфати. III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Зборник на трудови. Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје и ЈНУ Институт за сточарство.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/22592
21. Пејковски З., **Силовска-Николова А.**, Кратовалиева М., Гашперлин Л., Полак Т., Божидар Ж. 2007. Влијание на растителните масти и масла врз инструменатлно измерената боја и текстура кај пилешките реновки. III Симпозиум за сточарство со

меѓународно учество. Зборник на трудови. Универзитет “Св. Кирил и Методија”-Скопје и ЈНУ Институт за сточарство.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/22595

22. Пејковски З., **Силовска-Николова А.**, Кратовалиева М., Гашперлин Л., Полак Т., Божидар Ж. 2007. Влијание на растителните масти и масла врз сензорните карактеристики кај пилешките реновки. III симпозиум за сточарство со меѓународно учество. Зборник на трудови. Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје и ЈНУ Институт за сточарство.
http://hdl.handle.net/20.500.12188/22593
23. Пејковски Златко, **Александра Силовска**, Мими Кратовалиева; Даниела Беличовска. 2006. Нови производи во индустријата за месо. Зборник на трудови XXXI средба „Факултет-стопанство 2006”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје
http://hdl.handle.net/20.500.12188/22591

Кандидатката е еден од авторите на публикацијата: Фрлање храна, вишок храна: експертски коментари : Пораки и препораки за унапредување на банкарството со храна во земјата / автори: Рената П. Нечкоска, Маја Г. Митев, Марјан Николов, Климентина Илијевски, Акександра С. Николова, Весна Пачукова; автор и уредник: Стојне Тодоровска. - Скопје: Здружение *Храна за сите – Банка за храна МК*, 2020 (превод и на албански јазик).

Кандидатката учествувала на меѓународни конференци:

1. The XXVI International scientific conference The teacher of the future, Which took place in Budva, Montenegro, June 05.2022 and presented a scientific paper.
2. The XXV International scientific conference Knowledge without borders, Which took place in Vrnjacka Banja, Serbia, April 01-03.2022 and presented a scientific paper.
3. The XXV International scientific conference. The power of knowledge. Which took place in Kavala, Greece, October 11-13.2019 and presented a scientific paper.
4. 13th Scientific conference of the Bulgarian focal point of EFSA Risk Assessment Center Food Chain `Science in COVID-19.

Кандидатката зема учество и како модератор на тематска сесија на следните меѓународни конференции:

1. The XXVI International scientific conference The teacher of the future. Budva, Montenegro, June 05.2022 and presented a scientific paper.
2. The XXV International scientific conference Knowledge without borders. Vrnjacka Banja, Serbia, April 01-03.2022 and presented a scientific paper.

Кандидатката учествувала на следните работилници:

1. Работилница за ангажирање на потрошувачите – xKIC Лаборатории за ангажирање на потрошувачите во целокупната економија на Западен Балкан-Circular Economy Consumer Engagement Labs in Western Balkans;
2. Has successfully completed the workshop for young scientists Ethics in scientific writing and publishing in Biomedicine and related fields.

Кандидатката м-р Александра Силовска Николова учествувала во следните меѓународни и национални проекти:

1. Разработка и валидација на аналитички методи за истовремено определување на конзерванси, засладувачи и безалкохолни пијалаци, проект финансиран од МОН на РС Македонија, во времетраење од 1.10.2021 до 31.10.2023;
2. Евалуација на квалитетот на преработките од месо во трговската мрежа, проект финансиран од УКИМ – Скопје, во времетраење од 12 месеци;
3. New technologies development for safety nutrition sausage. Collaborative Linkage Grant (CLG), финансиран од НАТО, во времетраење од јануари 2005 до декември 2006;
4. Супституција на животинските масти и некои штетни по здравјето адитиви во колбасите, проект кофинансиран од МОН на РС Македонија и Министерството за наука и технологија на Р Словенија, во времетраење од јануари 2005 до декември 2006.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена и ги извршува следните функции при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје: секретар на Советот на втор циклус универзитетски студии на Факултетот за земјоделски

науки и храна во состав на УКИМ во Скопје; секретар на Наставно-научниот колегиум на студиската програма Преработка на земјоделски производи од анимално потекло на втор циклус универзитетски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје; секретар на работното тело за започнување на акредитација/реакредитација на прв и втор циклус универзитетски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје и член на Секретаријатот на IV меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF 2022; УКИМ во Скопје – Факултет за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Александра Силовска Николова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Рецензентската комисија заклучи дека м-р Александра Силовска Николова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научната област квалитет, безбедност и технологија на месо и преработки од месо.

Според гореизнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатката м-р Александра Силовска Николова да биде избрана во соработничко звање – асистент во научната област квалитет, безбедност и технологија на месо и преработки од месо.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Златко Пејковски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Стојан Беличовски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, с.р.**

**Проф. емеритус д-р Михаил Данев, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во пензија, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Александра Војин Силовска Николова**
**Институција: Факултет за земјоделски науки и храна**
**Научна област: квалитет, безбедност и технологија на месо и преработки од месо**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив — магистер од соодветната област; назив на научната област: магистер на земјоделски науки; група: технологија на месо. | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,35.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>5. Странски јазик: англиски јазик<br>6. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик на ниво В2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>7. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>8. Датум на издавање на документот: 15.7.2022 година | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Златко Пејковски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Стојан Беличовски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, с.р.**

**Проф. емеритус д-р Михаил Данев, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во пензија, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 40308 – ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА НА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО, ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 11.7.2022 година, за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област генетика и селекција на растително производство, при Институтот за растително производство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-691/6, донесена на XX седница на Наставно-научниот совет на 2.9.2022 година, формирана е Комисија во состав: проф. д-р Мирјана Јанкуловска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс, за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 40308 генетика и селекција на растително производство, при Институтот за растително производство, во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Надица Сандева Атанасова.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Надица Сандева Атанасова е родена на 24.2.1990 година во Радовиш и е државјанин на Република Северна Македонија. Средно образование завршила во СОУ „Коста Сусинов“ во Радовиш, со одличен успех. Во учебната 2008/2009 г. се запишала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за земјоделски науки и храна, на градинарско-цвеќарската насока. Додипломските студии (240 ЕКТС) ги завршила во октомври 2012 г. со просечен успех 9,02. Во учебната 2012/2013 г. се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за земјоделски науки и храна, на студиската програма Растителна биотехнологија, модул: генетика и селекција. Во учебната 2013/2014 година била корисник на школарина за талентирани студенти на втор циклус студии, доделена од Факултетот за земјоделски науки и храна. Вториот циклус студии (60 ЕКТС) ги завршила во мај 2016 г. со просечен успех 9,67, со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Молекуларна карактеризација на гени поврзани со квалитетните својства кај македонски генотипови пченица (Triticum aestivum L.)“. Со тоа се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки. Кандидатката доставила уверение за познавање на англиски јазик издадено од УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, со што докажува одлично познавање на англискиот јазик. Во периодот од 2012 до 2014 година, работела во „АГРИ ИНФОНЕТ ДОО“, Скопје, како менаџер за маркетинг и продажба во секторот земјоделство. Од 2014 до 2018 година работела во Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, како помлад соработник во Секторот за контрола на терен, Одделение за супервизија и техничка поддршка. Од 2018 година работи на Факултетот за земјоделски науки и храна како асистент на Катедрата за генетика и селекција.

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

За време на постдипломските студии, кандидатката била демонстратор на Институтот за растителна биотехнологија, на Катедрата за генетика и селекција, во периодот од 2014 до 2016 г., по предметите Генетика и Современи генетски методи. Од 2018 година, во наставно-образовната и научноистражувачката дејност е вклучена како асистент на Катедрата за генетика и селекција при што активно ги организира и ги изведува практичните вежби по предметите Генетика и Современи генетски методи.

**СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

Во периодот од 2014 до 2016 година, кандидатката активно учествува во активностите на Институтот за растителна биотехнологија како соработник-истражувач и демонстратор и континуирано се надградува. М-р Надица Сандева Атанасова учествувала на Агрономијадата во Будва во мај 2012 година, каде што со трудот “In Vitro reproduction of Shiitake mushrooms” го освоила третото место и на Агрономијадата во Улцињ во мај 2013 година, каде што со трудот “Genetic engineering in floriculture” го освоила првото место. Кандидатката учествувала на Смотрите на студентски трудови, организирани од Факултетот за земјоделски науки и храна, и објавила 3 труда од областа на генетиката и селекцијата на растенијата:

- „In Vitro размножување на шиитаке печурки“, III зборник на студентски трудови за млади истражувачи при Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, 15.12.2011;
- „Добивање на сина роза со примена на генетски трансформации“, IV зборник на студентски трудови за млади истражувачи при Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, 15.12.2012;
- „Генетски трансформации кај декоративни растенија“, V зборник на студентски трудови за млади истражувачи при Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, 15.12.2013.

По нејзиното вработување на Факултетот за земјоделски науки и храна, зема активно учество во научноистражувачката дејност на Катедрата за генетика и селекција, што резултира со нејзино учество како автор или коавтор во објавувањето на 5 научни трудови и една книга:

- Jankulovska M., Ivanovska S., Sandeva Atanasova N. (2019): Macedonian Autochthonous Varieties: Embroidered Peppers (*Capsicum Annuum* L.). JAFES 73(2): 75-82. http://hdl.handle.net/20.500.12188/23066
- Sandeva Atanasova N., Jankulovska M., Jankuloski Lj., Ivanovska S., Bosev D. (2019). Molecular Characterization of Genes for Quality Traits in Macedonian Wheat Genotypes (*Triticum aestivum* L.). JAFES 73(3): 46-54. http://hdl.handle.net/20.500.12188/23067
- Sandeva Atanasova N., Ivanovska S., Jankulovska M. (2021). Variability of fruit traits in Macedonian embroidered pepper genotypes. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 23(1), 17–23. http://hdl.handle.net/20.500.12188/23069
- Sandeva Atanasova N., Jankulovska M., Ivanovska S. (2021). Genetic diversity of Macedonian embroidered pepper (Capsicum spp.) based on fruit morphological traits. Acta Hortic. 1320, 33-40. http://hdl.handle.net/20.500.12188/23065
- Jankulovska M., Ivanovska S., Sandeva Atanasova, N. (2021). Morphological variability of seed qualitative and quantitative traits in Macedonian runner bean local cultivars. Acta Hortic. 1320, 41-48.http://hdl.handle.net/20.500.12188/23068
- Ивановска С., Јанкуловска М., Сандева Атанасова Н. (2021). Македонско непроценливо наследство: генетски диверзитет на грав (Phaseolus sp.): каталог. Македонско еколошко друштво, 96 стр. (објавена на македонски, албански и англиски јазик).
  https://mes.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/knigamk_epub.pdf
  https://mes.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/knigaalb_epub-1.pdf
  https://mes.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/knigaeng_epub-1.pdf

Во 2019 година, кандидатката се запишала на трет циклус студии на Докторската школа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на студиската програма: Растителна биотехнологија, модул: генетика и селекција.

Освен тоа, таа континуирано се едуцира и надоградува преку други форми на образование, при што се стекнала со сертификати за учество на четири тренинг-курсеви, една летна школа и две работилници:

- Regional training course on molecular techniques for crop improvement of mutant populations held from IAEA Headquarters, Vienna, Austria, Virtual event, 01-05.08.2022.
- Virtual Workshop on Capsicum conservation strategy, organized by World Vegetable Center, Taiwan, 11.01.2022.
- Regional training course on plant mutation breeding and associated biotechnologies, held from IAEA Headquarters, Vienna, Austria, Virtual event, 06-10.12.2021.

- Summer Field School - Mountain Ecosystems and Resource Management, organized by The Grassroots Institute, Canada, Virtual event, 19-28.9.2021.
- Regional training course on plant mutation breeding and efficiency enhancing techniques to increase resilience to climate change, held from IAEA Headquarters, Vienna, Austria, Virtual event, 14-24.06.2021.
- Virtual Workshop on Innovative Biotechnologies and Regulatory Approaches, organized by The Department of State and the United States Department of Agriculture's Foreign Agricultural Service at the U.S. Embassy in Rome, 08-09.06.2021.
- Training course on Advanced phenotyping, State-of-Art Tools and Approaches in Plant Phenotyping, part of ECOBREED (increasing the efficiency and competitiveness of organic crop breeding), a European Union Horizon 2020 project, leaded by the Agricultural Institute of Slovenia (KIS), 24-25.05.2021.

Активно е вклучена во процесот на собирање и колекционирање на автохтони сорти во нашата земја со цел нивно зачувување и одржување. Член е на Мрежата за агробиодиверзитет, од каде што преку создавање и промовирање едукативни видеа и материјали за растителниот агробиодиверзитет делува на подигнување на јавната свест за значењето на растителниот агробиодиверзитет и автохтоните сорти.

Кандидатката учествувала на еден симпозиум со усна презентација во сесијата за растителен биодиверзитет:

- VIII South-Eastern Europe Symposium on Vegetables and Potatoes, 24–26.09.2021 Ohrid, North Macedonia, On-line event.

М-р Надица Сандева Атанасова учествувала во следните национални и меѓународни проекти:

- Improving dry bean productivity and drought tolerance by use of nuclear techniques for induced mutations, financed by IAEA (2022-2026).
- Valorization and promotion of agrobiodiversity through Macedonian local bean varieties, financed by GIZ (2021).
- Enhancing productivity and resilience to climate change of major food crops in Europe and Central Asia, financed by IAEA (2020-2024).
- Genetic improvement of Cucurbits and their potential use for new breeding programs, финансиран од Министерството за образование и наука на РСМ преку билатералната програма за соработка со Кина (2018-2019).
- Genome wide diversity analysis of Balkan, Caucasian and Central Asian wheat for sustainable bread wheat production, financed by SCOPES (2014-2018).
- Grain legume genetic resources and their potential use for sustainable agriculture, финансиран од Министерството за образование и наука на РСМ (2017-2018).
- Characterization and utilization of advanced wheat mutant lines for food and feed, financed by IAEA (2012- 2017).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната и стручно-научната дејност на м-р Надица Сандева Атанасова. Погоре изнесените податоци укажуваат на тоа дека м-р Надица Сандева Атанасова била активно вклучена во наставно-образовниот процес како асистент и демонстратор по повеќе предмети што ги покрива Институтот за растително производство (претходно Институт за растителна биотехнологија). Кон извршувањето на работните обврски пристапувала многу сериозно, а паралелно со тоа, успешно работела на сопственото научно и стручно усовршување. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Рецензентската комисија заклучи дека м-р Надица Сандева Атанасова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научната област генетика и селекција на растително производство. Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, м-р Надица Сандева Атанасова да биде избрана во звањето асистент во научната област генетика и селекција на растително производство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Јанкуловска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Надица Коле Сандева Атанасова
**Институција:** Факултет за земјоделски науки и храна
**Научна област:** генетика и селекција на растително производство

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив — магистер од соодветната област;<br>назив на научната област:<br>магистер на земјоделски науки; група: генетика и селекција на растително производство. | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и вториот циклус академски студии посебно.<br>Просечен успех на прв циклус студии: 9,02.<br>Просечен успех на втор циклус студии: 9,67. | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик.<br>Странски јазик: англиски јазик<br>Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик на ниво B2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).<br>Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје.<br>Датум на издавање на документот: 15.7.2022 година. | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Јанкуловска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ПОЛИЊА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 21 септември 2022 година, за избор на асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 42, донесена на 29 септември 2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ивица Димитровски, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Иван Чорбев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Иван Китановски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика од точка 2, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Влатко Спасев.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Влатко Спасев е роден на 14.1.1997, во Штип. Основното образование во ООУ „Кирил и Методиј”, а средното во СОУ „Кочо Рацин” во Свети Николе ги завршил со одличен успех, како првенец на генерацијата. Со високо образование се стекнал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, во 2019 година. Во текот на студирањето е награден за постигнатиот успех. Дипломирал на 16.9.2019 година, со просечен успех 9,53.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а има основни познавања и од францускиот и рускиот јазик.

Во учебната 2019/2020 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, насока: софтверско инженерство. Студиите ги завршил во 2021 година, со просечен успех 10,00. На 1.12.2021 година го одбранил со успех магистерскиот труд на тема: „Имплементација и анализа на користење на GraphQL во реален систем за достава на пратки“.

Кандидатот е запишан на трет циклус студии (докторски) студии во 2021 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, насока: компјутерски науки и инженерство.

Од март 2018 до јуни 2019 година, кандидатот е ангажиран како лаборант и држел лабораториски вежби на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Од октомври 2019 година, кандидатот е ангажиран како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Влатко Спасев изведува аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на следниве предмети: Структурно програмирање, Шаблони за дизајн на кориснички интерфејси, Интернет програмирање на клиентска страна, Основи на роботика, Основи на веб-дизајн, Објектно ориентирано програмирање, Вовед во когнитивни науки и Дизајн на интеракцијата човек-компјутер.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 26 дипломски трудови, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Кандидатот е член на Дисциплинската комисија на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Влатко Спасев има објавено вкупно 3 научни трудови во областа на компјутерските науки и инженерството во меѓународни списанија и конференции, од кои 0 труда во меѓународни научни списанија и 3 труда во меѓународни научни публикации, и тоа:

1. ***Spasev, V.**, Dimitrovski, I., & Kitanovski. I. (2020, September).* An Overview of GraphQL: Core Features and Architecture. In *12th ICT Innovations Conference 2020, Skopje*.
2. **Spasev, V.**, Kitanovski. I., Dimitrovski, I., & Chorbev. I. (2021, May). Overview of testing and visualization tools for GraphQL. In 18th International Conference on Informatics and Information Technologies 2021, Skopje.
3. Stefanov, M., Stojanovski. N., & **Spasev, V.** (2022, May). Artificial Intelligence in Robotics. In 19th International Conference on Informatics and Information Technologies 2022, Skopje.

М-р Влатко Спасев учествувал во следниве 4 домашни научноистражувачки проекти:

1. Анализа на методи за класификација на сателитски слики, ФИНКИ, 2021 – 2022
2. Длабоко учење и кластерирање за анализа на слики, ФИНКИ, 2020 – 2021
3. Анализа на методи за класификација на сателитски слики – продолжување, ФИНКИ, 2022 – 2023
4. CASPER 2, ФИНКИ, 2021.

М-р Влатко Спасев учествувал во следниов меѓународен научноистражувачки проект:

1. EuroCC, European High Performance Computing Joint Undertaking (JU), 2020 – 2022.

М-р Влатко Спасев учествувал во техничкиот комитет на следниве 3 конференции:

1. 12th International Conference ICT Innovations 2020, онлајн конференција, Северна Македонија
2. 18th International Conference on Informatics and Information Technologies, 2021, онлајн конференција, Северна Македонија
3. 19th International Conference on Informatics and Information Technologies, 2022, Скопје, Северна Македонија.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Влатко Спасев доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Влатко Спасев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Влатко Спасев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Влатко Спасев да биде избран во звањето асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ивица Димитровски, с.р.**
**Проф. д-р Иван Чорбев, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Иван Китановски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**

Влатко Стевче Спасев

**Институција:**

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

**Научна област:**

сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Магистер по информатички науки и компјутерско инженерство област софтверско инженерство. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,53<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за одлично познавање и користење на англиски јазик<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4. Датум на издавање на документот: 14.12.2021 година | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ивица Димитровски**
**Проф. д-р Иван Чорбев**
**Вон. проф. д-р Иван Китановски**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ПОЛИЊА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 21 септември 2022 година, за избор на асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика (точка под реден број 3 во конкурсот), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 42, донесена на 29 септември 2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Соња Филипоска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Анастас Мишев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Владимир Трајковиќ, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Којдан Ќорвезироски.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Којдан Ќорвезироски е роден на 4.10.1996, во Скопје. Средно образование завршил во СУГС „Јосип Броз-Тито“ во Скопје со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Дипломирал на 4.7.2019 година, со просечен успех 9,75.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а има познавања и од германскиот јазик.

Во учебната 2019/2020 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Студиите ги завршил во 2020 година, со просечен успех 10,00. На 26.8.2020 година го одбранил магистерскиот труд со тема: „Еластична повеќенаменска платформа со агилно сервисно портфолио“.

Кандидатот е запишан на трет циклус студии (докторски) студии во 2020 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Од 2019 година, кандидатот е ангажиран како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Којдан Ќорвезироски изведува аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на следниве предмети: Компјутерски мрежи, Компјутерски мрежи и безбедност, Мрежна безбедност, Основи на сајбер-безбедноста, Безжични и мобилни системи, Архитектура и

организација на компјутери, Управување со техничка поддршка, Мрежна и мобилна форензика и Етичко хакирање.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 9 дипломски трудови, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Војдан Ќорвезироски има објавено вкупно 13 научни трудови во областа на компјутерските науки и инженерството во меѓународни списанија и конференции, од кои 1 научен труд во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 2 труда во меѓународни научни списанија и 10 труда во меѓународни научни публикации, и тоа:

1. **V. Kjorveziroski**, S. Filiposka, A. Mishev, and B. Jakimovski, ‘Designing a Paas Solution for Large Scale Deployment of Student Projects’, in 2018 26th Telecommunications Forum (TELFOR), Nov. 2018, pp. 420–425. doi: 10.1109/TELFOR.2018.8612007.
2. **V. Kjorveziroski** and P. Ribarski, ‘Deploying production-grade Kubernetes cluster’, in Proceedings of the 16th International Conference for Informatics and Information Technology, May 2019, pp. 128–132.
3. **V. Kjorveziroski**, A. Mishev, and S. Filiposka, ‘Cybersecurity Training Platforms Assessment’, in ICT Innovations 2020. Machine Learning and Applications, 2020, pp. 174–188. doi: 10.1007/978-3-030-62098-1_15.
4. **V. Kjorveziroski**, ‘Engaging Students with Personalized and Remotely Orchestrated Cybersecurity Training Exercises’, in Proceedings of the 18th International Conference for Informatics and Information Technology, May 2021, pp. 48–53. [Online]. Available: http://ciit.finki.ukim.mk/proceedings/ciit-2021-proceedings.pdf
5. **V. Kjorveziroski**, S. Filiposka, and V. Trajkovik, ‘IoT Serverless Computing at the Edge: A Systematic Mapping Review’, Computers, vol. 10, no. 10, Art. no. 10, Oct. 2021, doi: 10.3390/computers10100130.
6. **V. Kjorveziroski** et al., ‘IoT Serverless Computing at the Edge: Open Issues and Research Direction’, Transactions on Networks and Communications, vol. 9, no. 4, Art. no. 4, Dec. 2021, doi: 10.14738/tnc.94.11231.
7. **V. Kjorveziroski**, A. Mishev, and S. Filiposka, ‘Evaluating IPv6 Support in Kubernetes’, in 2021 29th Telecommunications Forum (TELFOR), Nov. 2021, pp. 1–4. doi: 10.1109/TELFOR52709.2021.9653276.
8. **V. Kjorveziroski**, S. Filiposka, and V. Trajkovik, ‘Serverless Platforms Performance Evaluation at the Network Edge’, in ICT Innovations 2021. Digital Transformation, Cham, 2022, pp. 160–172. doi: 10.1007/978-3-031-04206-5_12.
9. **V. Kjorveziroski** and S. Filiposka, ‘Kubernetes distributions for the edge: serverless performance evaluation’, J Supercomput, vol. 78, no. 11, pp. 13728–13755, Jul. 2022, doi: 10.1007/s11227-022-04430-6. **IF: 2.557**
10. **V. Kjorveziroski**, P. V. Vuletic, Ł. Łopatowski, and F. Loui, ‘On-Demand Network Management with NMaaS: Network Management as a Service’, in NOMS 2022-2022 IEEE/IFIP Network Operations and Management Symposium, Apr. 2022, pp. 1–3. doi: 10.1109/NOMS54207.2022.9789815.
11. **V. Kjorveziroski**, ‘Framework for a Multipurpose Remotely Accessible Laboratory for Education’, presented at the 19th International Conference on Informatics and Information Technologies, Skopje, North Macedonia, May 2022.
12. **V. Kjorveziroski**, C. B. Canto, K. Gilly, and S. Filiposka, ‘Implementing Multi-Access Edge Computing with Kubernetes’, presented at the 14th ICT Innovations Conference, Skopje, North Macedonia, Sep. 2022.
13. C. B. Canto, **V. Kjorveziroski**, P. J. Roig, S. Alcaraz, K. Gilly, and S. Filiposka, ‘Multi-Access Edge Computing Smart Relocation Approach from an NFV Perspective’, presented at the 14th ICT Innovations Conference, Skopje, North Macedonia, Sep. 2022.

М-р Војдан Ќорвезироски учествувал во следниве 2 домашни научноистражувачки проекта:

5. Архитектура и перформанси на безсерверско пресметување, ФИНКИ, 2021/2022
6. Анализа и предвидување на настани во областа на дигиталната форензика, ФИНКИ, 2020/2021.

М-р Војдан Ќорвезироски учествувал во следниве 3 меѓународни научно-истражувачки проекти:

2. GÉANT GN4 Phase 3, 2019-2022
3. National Initiatives for Open Science in Europe (NI4OS), 2019-2023
4. EuroCC, European High Performance Computing Joint Undertaking (JU), 2020-2022.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот м-р Војдан Ќорвезироски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Војдан Ќорвезироски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Војдан Ќорвезироски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Војдан Ќорвезироски да биде избран во звањето асистент во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Филипоска, с.р.**
**Проф. д-р Анастас Мишев, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Трајковиќ, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Војдан Здравко Ќорвезироски
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер по информатички науки и компјутерско инженерство од областа на Интернет технологии | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,75.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за напредно познавање и користење на англискиот јазик<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Кембриџ“<br>4. Датум на издавање на документот: 29.07.2014 | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Филипоска, с.р**
**Проф. д-р Анастас Мишев, с.р**
**Проф. д-р Владимир Трајковиќ, с.р**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) 60701 – СЛИКАЊЕ И СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ, 60700 – ЦРТАЊЕ И 60712 – ДРУГО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ликовни уметности – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 30.5.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): 60701 – сликање и сликарски техники, 60700 – цртање и 60712 – друго, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 02-110/6, донесена на 25.5.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: м-р Жанета Вангели, редовен професор на Факултетот за ликовни уметности, м-р Антони Мазневски, редовен професор на Факултетот за ликовни уметности и м-р Гоце Наневски, редовен професор на Факултетот за ликовни уметности.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): 60701 – сликање и сликарски техники, 60700 – цртање и 60712 – друго, во предвидениот рок се пријави кандидатот **вонр. проф. м-р Ангел Миов**.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Ангел Миов е роден на 20.11.1982, во Гевгелија. Средно образование завршил во Скопје, во Државното средно уметничко училиште „Лазар Личесноски“. Со високо образование се стекнал на Факултетот за ликовни уметности, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во 2006 година, со просечен успех 9,19.

Кандидатот активно се служи со македонски и англиски јазик.

Во учебната 2009/2010 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за ликовни уметности. Студиите ги завршил во 2011 година, со просечен успех 9,92. На 6.5.2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Личнос(ТИ), уметност, огледало, столче, кандидат, свет, лична личност....*

Докторанд е на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет за уметности во Белград.

На 26.12.2012 година е избран во звањето доцент на Факултетот за ликовни уметности по предметите Цртање и Акт.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1158 од 1.12.2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научно-уметнички, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1043 и бр. 1158, како и вкупните научно-уметнички, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ликовни уметности, кандидатот м-р Ангел Миов изведува настава и вежби по предметите Акт 1 и 2, Акт 3 и 4, Акт 5 и 6 и Акт 7 и 8 на прв циклус студии на студиските програми Сликарство, Вајарство и Графика.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 20 дипломски работи (завршни испити) на Факултетот за ликовни уметности.

### Стручно-уметничка дејност

Вонр. проф. м-р Ангел Миов од последниот избор има реализирано 3 самостојни ликовни изложби, 8 меѓународни групни изложби и 7 групни изложби во земјата. Негови дела се објавени во пет меѓународни каталози и три во земјата.

Вонр. проф. м-р Ангел Миов е раководител и носител на проектот за изведба на монументално ликовно дело од национално значење: ѕидно сликарство на храмот *Св. Климетнт и Св. Пантелејмон* на Плаошник во Охрид, бил раководител и носител на проектот за изведба на иконостасот и дел на ѕидното сликарство на храмот *Св. Злата мегленска* во Загреб, Република Хрватска, како и иконостасот во храмот *Св. Три ерарси* во Скопје.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на Деканатската управа, стручните комисии и работните групи при Факултетот за ликовни уметности.

Член е на Деканатската управа и раководител на Катедрата за сликарство (2020 – 2022).

- Член е на: Комисија за меѓународна соработка (2020 – 2022); Комисија за подготовка и изработка на студиски програми од прв и втор циклус (2020 –2022); Комисија за изложбена дејност (2017 – 2022); Комисија за еквиваленција (2017 – 2022).
- 
- Вонр. проф. м-р Ангел Миов активно е вклучен во работата на комисии на УКИМ, и тоа: Комисија за култура и спорт (2020 – 2022).
- Вонр. проф. м-р Ангел Миов е член на управниот борд на CA21102 - Toolkit of Care, работна група Care in Visual and Performig Arts, 2022 – 2026, COST (Европска соработка за наука и технологија).

Кандидатот вонр. проф. м-р Ангел Миов, на самоевалуацијата од 2022 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за ликовни уметности.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Ангел Миов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека **м-р Ангел Миов** поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научните области: 60701 – сликање и сликарски техники, 60700 – цртање и 60712 – друго.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, **м-р Ангел Миов** да биде избран во звањето **редовен професор** во научните области: 60701 –сликање и сликарски техники, 60700 – цртање и 60712 – друго.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Ред. проф. м-р Жанета Вангели, претседател, с.р.**
**Ред. проф. м-р Антони Мазневски, член, с.р.**
**Ред. проф. м-р Гоце Наневски, член, с.р.**

ОБРАЗЕЦ 1

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***АНГЕЛ, РИСТО МИОВ***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Факултет за ликовни уметности – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***60701 – СЛИКАЊЕ И СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ, 60700 – ЦРТАЊЕ И 60712 – ДРУГО***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | ДА |
| 2 | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата<br>(да се наведат/опишат)<br>Вонр. проф. м-р Ангел Миов од последниот избор има реализирано 3 самостојни ликовни изложби, 8 меѓународни групни изложби и 7 групни изложби во земјата. Негови дела се објавени во пет меѓународни каталози и три во земјата, раководител е и носител на повеќе проекти од монументален карактер.<br>- Детално наведени и опишани во Образец 2 | ДА |
| 3 | Има способност за наставна работа | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Ред. проф. м-р Жанета Вангели, претседател, с.р.**
**Ред. проф. м-р Антони Мазневски, член, с.р.**
**Ред. проф. м-р Гоце Наневски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Ангел, Ристо Миов***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Факултет за ликовни уметности***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***60701 – сликање и сликарски техники, 60700 – цртање и 60712 – друго***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **54** |
| | Акт 2, 3+3, 2017 / 2018, летен x 0,04 | 1.8 |
| | Акт 4, 3+3, 2017 / 2018, летен | 1.8 |
| | Акт 6, 2+2, 2017 / 2018, летен | 1.2 |
| | Акт 8, 2+2, 2017 / 2018, летен | 1.2 |
| | Акт 1 и 2 , 3 + 3, 2018 / 2019, зимски-летен | 3.6 |
| | Акт 3 и 4, 3 + 3, 2018 / 2019, зимски-летен | 3.6 |
| | Акт 5 и 6 , 2 + 2, 2018 / 2019, зимски-летен | 2.4 |
| | Акт 7 и 8 , 2 + 2, 2018 / 2019, зимски-летен | 2.4 |
| | Акт 1 и 2 , 3 + 3, 2019 / 2020, зимски-летен | 3.6 |
| | Акт 3 и 4 , 3 + 3, 2019 / 2020, зимски-летен | 3.6 |
| | Акт 5 и 6 , 2 + 2, 2019 / 2020, зимски-летен | 2.4 |
| | Акт 7 и 8 , 2 + 2, 2019 / 2020, зимски-летен | 2.4 |
| | Акт 1 и 2 , 3 + 3, 2020 / 2021, зимски-летен | 3.6 |
| | Акт 3 и 4 , 3 + 3, 2020 / 2021, зимски-летен | 3.6 |
| | Акт 5 и 6 , 2 + 2, 2020 / 2021, зимски-летен | 2.4 |
| | Акт 7 и 8 , 2 + 2, 2020 / 2021, зимски-летен | 2.4 |
| | Акт 1 и 2, 3+3, 2021 / 2022 зимски-летен | 3.6 |
| | Акт 3 и 4 , 3+3, 2021 / 2022, зимски-летен | 3.6 |
| | Акт 5 и 6 , 2+2, 2021 / 2022, зимски-летен | 2.4 |
| | Акт 7 и 8 , 2+2, 2021 / 2022, зимски-летен | 2.4 |
| **2** | **Одржување на вежби прв циклус** | **40.5** |
| | Акт 2, 3+3, 2017 / 2018, летен x 0,03 | 1.35 |
| | Акт 4, 3+3, 2017 / 2018, летен | 1.35 |

| | | |
|---|---|---|
| | Акт 6, 2+2, 2017 / 2018, летен | 0.9 |
| | Акт 8, 2+2, 2017 / 2018, летен | 0.9 |
| | Акт 1 и 2 , 3 + 3, 2018 / 2019, зимски-летен | 2.7 |
| | Акт 3 и 4, 3 + 3, 2018 / 2019, зимски-летен | 2.7 |
| | Акт 5 и 6 , 2 + 2, 2018 / 2019, зимски-летен | 1.8 |
| | Акт 7 и 8 , 2 + 2, 2018 / 2019, зимски-летен | 1.8 |
| | Акт 1 и 2 , 3 + 3, 2019 / 2020, зимски-летен | 2.7 |
| | Акт 3 и 4 , 3 + 3, 2019 / 2020, зимски-летен | 2.7 |
| | Акт 5 и 6 , 2 + 2, 2019 / 2020, зимски-летен | 1.8 |
| | Акт 7 и 8 , 2 + 2, 2019 / 2020, зимски-летен | 1.8 |
| | Акт 1 и 2 , 3 + 3, 2020 / 2021, зимски-летен | 2.7 |
| | Акт 3 и 4 , 3 + 3, 2020 / 2021, зимски-летен | 2.7 |
| | Акт 5 и 6 , 2 + 2, 2020 / 2021, зимски-летен | 1.8 |
| | Акт 7 и 8 , 2 + 2, 2020 / 2021, зимски-летен | 1.8 |
| | Акт 1 и 2, 3+3, 2021 / 2022, зимски-летен | 2.7 |
| | Акт 3 и 4 , 3+3, 2021 / 2022, зимски-летен | 2.7 |
| | Акт 5 и 6 , 2+2, 2021 / 2022, зимски-летен | 1.8 |
| | Акт 7 и 8 , 2+2, 2021 / 2022, зимски-летен | 1.8 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | **1.22** |
| | 2017 / 2018, летен 84 x 0,002 = | 0.17 |
| | 2018/2019, летен/зимски 82+75 x 0,002 = | 0.31 |
| | 2019/2020, летен/зимски 66 + 67 x 0,002 = | 0.25 |
| | 2020/2021, летен/зимски 70 + 58 x 0,002 = | 0.26 |
| | 2021/2022 летен/зимски 58 + 58 x 0,002 = | 0.23 |
| **4.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **2** |
| | 20 x 0.1 | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **97.72** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во земјата, по повик од национална установа);** | **5** |
| **1.1.** | Самостојна ликовна изложба:<br>2021, *WR wood en reality- meta-K*, НУ Центар за култира „Ацо Ѓорчев”, Неготино | 5 |
| **2.** | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела во земјата:** | **8** |
| **2.1.** | Самостојна ликовна изложба:<br>2020, *Chaio Bella* **–** Бела ноќ , јавен простор (Зелен кров на ГТЦ), Скопје | 4 |
| **2.2.** | Самостојна ликовна изложба:<br>2020, *Home sweet home-20*, Бош фестивал, Народен театар, Гевгелија | 4 |
| **3.** | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација (во странство) :** | **32** |
| **3.1.** | 2022, *Allers Retours 2016-2022*, La Halle aux Poissons, Le Havre, Авр, Франција | 4 |
| **3.2.** | 2022, *Allers Retours 2022*, CEM, Fort de Tourneville, Le Havre, Авр, Франција | 4 |
| **3.3.** | 2020, *Власина 2020*, Лесковачки културни центар, Лесковац, Србија | 4 |
| **3.4** | 2020, *Common Space II*, Gallery of Faculty of Arts, Приштина, Косово | 4 |
| **3.5** | 2019, *CITY: Future of Tradition / Tradition of the Future,* Gallery FLU, Белград, Србија | 4 |
| **3.6** | 2018, *En Aller-Retour*, Theatre De L’Hotel De Ville- Le Havre, Авр, Франција | 4 |
| **3.7** | 2018, *E U R O A Z I A, II No Budget Biennale of Contemporary Visual Arts*, Charlama Depot Gallery - Skenderija, Сараево, Босна и Херцеговина | 4 |
| **3.8** | 2018, *Common space,* Collegium Artisticum ,Сараевска зима, Сараево, Босна и Херцеговина | 4 |
| **4.** | **Групно јавно претставување со ликовни дела – со посебен проект, селектирана и жирирана манифестација (во земјата):** | **14** |
| **4.1.** | 2022, *Жанр-сцени од колекцијата на Национална галерија*, НГМ – Мала станица, Скопје | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.2.** | 2021, *Дузина*, Галерија – „Министерство“, Куманово | 2 |
| **4.3.** | 2019, *30 години Галичка колонија* – НГМ – Мала станица, Скопје | 2 |
| **4.4** | 2019, *Art attack“,* НУ Центар за култура „Трајко Прокопев“, Куманово | 2 |
| **4.5.** | 2019, *Повратен билет,* Француски институт, Јавна соба, Скопје | 2 |
| **4.6.** | 2018, *Ин ситу,* Младински културен центар, Скопје | 2 |
| **4.7.** | 2018, *Спектрални места*, Зимски салон на ДЛУМ, НГМ – Чифте-амам, Скопје | 2 |
| **5.** | **Изработка на мурал или ѕидно сликарство во монументални димензии во јавен простор или јавен објект:**<br><br>- до 20 м2: носител на проект - 2 поени, коавтор – 1 поени, учесник – 0.3 поен<br>- до 50 м2: носител на проект - 4 поени, коавтор – 3 поени, учесник – 0.5 поен<br>- до 100 м2: носител на проект - 6 поени, коавтор – 4 поени, учесник – 0.7 поен<br>- над 100 м2: носител на проект - 8 поени, коавтор – 6 поени, учесник – 1 поен | **8** |
| **5.1.** | 2020 - во тек, Ѕидно сликарство 650м2<br>Црква *Св. Климент и Св. Пантелејмон* – Плаошник, Охрид<br>Позиција: раководител и носител на проект | 8 |
| **6** | **Изработка на мозаик, интарзија, зграфито или иконостас/објект во јавен простор или јавен објект:**<br><br>- до 1 м2: носител на проект – 2 поена, коавтор – 1 поен, учесник – 0,2 поени<br>- до 5 м2: носител на проект – 3 поени, коавтор – 2 поена, учесник – 0,3 поени<br>- до 10 м2: носител на проект – 4 поени, коавтор – 2,5 поени, учесник – 0,4 поени<br>- над 10 м2: носител на проект – 5 поени, коавтор – 3 поени, учесник – 0,5 поени | **7** |
| **6.1** | 2021 Изработка на иконостас<br>(10 престолни икони 120х80см)<br>Црква *Св. Злата Мегленска*, Загреб, Р Хрватска<br>Позиција: носител на проект | 4 |
| **6.2** | 2020 Изработка на иконостас<br>(8 престолни икони 110х160см, 2 дверни икони 100х21см, 3 целивни икони 50х70см)<br>Храм *„Три ерарси“*, Скопје<br>позиција: носител на проект | 3 |
| | **Вкупно** | **74** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **2.** | **Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација:** | **10** |
| **2.1.** | 2022, *Allers Retours 2016-2022*, Le Havre, France | 2 |
| **2.2.** | *Власина 2020*, Лесковачки културни центар, Србија | 2 |
| | 2020, *Common Space II*, Faculty of Arts, Pristina, Kosovo | 2 |
| | CITY: *Future of Tradition / Tradition of the Future*, FLU - Belgrade, Serbia | 2 |
| | 2018, *Common space*, Collegium Artisticum, Сараевска зима, Сараево, Босна и Херцеговина | 2 |
| **3** | **Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација** | **3** |
| **3.1.** | 2022, *Жанр-сцени од колекцијата на Национална галерија,* Национална галерија на Македонија | 1 |
| **3.2.** | 2021, ***WR wood en reality- meta-K,*** НУ Центар за култира „Ацо Ѓорчев”, Неготино | 1 |
| **3.3.** | 2019, *30 години Галичка колонија*, Национална галерија на Македонија | 1 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| **1.** | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.)** | **2** |
| **1.1** | Член на менаџерски борд, COST Action - CA21102 | 2 |
| **2.** | **Раководител на внатрешна организациона единица** | **3** |
| **2.1** | Раководител на Катедра за сликарство, 2020 – 2022 | 3 |
| **3.** | **Член на универзитетска комисија** | **1** |
| **3.1** | Комисија за култура и спорт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2020 – 2022 | 1 |
| **4.** | **Член на факултетска комисија** | **2** |
| **4.1** | Комисија за меѓународна соработка, 2020 – 2022 | 0,5 |
| **4.2** | Комисија за изработка на студиски програми од прв и втор циклус, 2020 – 2022 | 0,5 |
| 4.3 | Комисија за изложбена дејност, 2017 – 2020 | 0,5 |
| 4.4 | Комисија за еквиваленција, 2017 – 2020 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **21** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **97,72** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **74** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **21** |
| **Вкупно** | **192,72** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Ред. проф. м-р Жанета Вангели, претседател, с.р.**
**Ред. проф. м-р Антони Мазневски, член, с.р.**
**Ред. проф. м-р Гоце Наневски, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СПОРЕДБА НА ДВА РАЗЛИЧНИ ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИ ПРОТОКОЛА ВО РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЦЕРВИКАЛНАТА РАДИКУЛОПАТИЈА“ ОД М-Р АРЈЕТА АЗЕМИ-ЏАКЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 26.9.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Арјета Аземи-Џакли со наслов: **Споредба на два различни физиотерапевтски протокола во рехабилитација на цервикалната радикулопатија**, во состав: проф. д-р Небојша Марковски (претседател) проф. д-р Вујица Живковиќ (ментор), проф. д-р Серјожа Гонтарев (член), проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (член) и проф. д-р Висар Ганиу (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени проектот за докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арјета Аземи-Џакли со наслов: „Споредба на два различни физиотерапевтски протоколи во рехабилитација на цервикалната радикулопатија“, содржи 110 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12 и 118 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вовед, проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето, материјали и методи, статистичка анализа, резултати, теоретска и практична важност на истражувањето, заклучоци и литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава** (Вовед), презентирани се подглавите кои се однесуваат на: дефиниција, епидемиологија (преваленца), патоанатомија и патофизиологија, како и етиолошки фактори на цервикалната радикулопатија, радикуларна болка во вратот, физикален преглед и симптоми, дијагностицирање, третман на цервикалната радикулопатија (конзервативен и хируршки третман).

Во подглавата **Дефиниција**, кандидатката ја дефинира цервикалната радикулопатија, истакнувајќи дека цервикалната радикулопатија ја карактеризира невролошката состојба од дисфункција на цервикалниот спинален нерв, нервните корени или и двете. Освен тоа, поради болка во вратот и раката, односно во засегнатиот дел, кај пациентите често се развива губење на сензација, губење на моторната функција или рефлексни промени во распределбата на засегнатиот нервен корен.

Во подглавата **Епидемиологија (инциденца),** кандидатката истакнува дека годишната инциденца е приближно 83-85 случаи на 100.000 жители според некои студии, најпогодената возраст била 13-91 година, а најпогодениот пол биле мажите. Годишната инциденца е 107 на 100.000 мажи и 64 на 100.000 жени. Најчесто се јавува кај луѓе на возраст од 50 до 54 години.

Во подглавата што се однесува на патоанатомија и патофизиологија, како и етиолошки фактори на цервикалната радикулопатија, кандидатката ги објаснува причините кои доведуваат до радикулопатија, истакнувајќи дека таа доаѓа како резултат на дегенеративни промени во телата на прешлените, промени во интервертебралниот диск, присуство на остеофити или вкочанетост, сензорни дефицити или моторна дисфункција на вратот и горните екстремитети. Механичката компресија на нервот најверојатно ќе доведе до локализирана исхемија и оштетување на нервите. Во повеќето случаи, радикулопатијата на вратот не е поради хернијација на дискот, туку поради спондилоза на вратот.

Во подглавата што се однесува на радикуларна болка, кандидатката наведува дека радикуларната болка како проблем сè уште не е добро разјаснет. Особено, кога се зафатени

нервните корени, самата компресија не секогаш води до болка, освен ако не е вклучена ганглијата на дорзалниот корен на нервот. Намалената микроциркулација како резултат на компресија на нервниот корен може да предизвика едем и фиброза на нервниот корен, со што се зголемува чувствителноста на нервниот корен кон болка. Слично на тоа, ослободувањето на хемиски супстанции, како што се инфламаторните цитокини од ткивото на дискот во хернираните дискови, веројатно игра улога во започнувањето и продолжувањето на воспалителните реакции и процесите на болката.

Во подглавата што се однесува на физикален преглед и симптоми, кандидатката објаснува дека најчести симптоми при преглед се амплитудата на движење со болки во вратот и мускулни спазми. Исто така, пациентите може да имаат намалени рефлекси, особено најчести се на тетивата на трицепсот. За да се потврди дијагнозата, може да се користат Spurling-овиот тест, тестот за абдукција на рамењата и тестот за тонус на горните екстремитети. Во повеќето случаи, болката од цервикалната радикулопатија започнува во вратот и се движи низ раката до областа инервирана од оштетениот нерв. Оваа болка обично се опишува како печење или остра болка.

Во подглавата што се однесува на дијагностика, кандидатката ги објаснува најчестите техники на дијагностика на цервикалната радикулопатија и болка во вратот како што се: радиографија (RTG), магнетна резонанца (МРИ), компјутеризирана томографија миелографија (CTM) и електродијагностичко тестирање.

Подглавата **Третман на цервикалната радикулопатија** е поделена на уште три подглави, и тоа: конзервативниот третман, кој вклучува лекови, физикална терапија и хируршки третман, кој е индициран кога имаме голем притисок на нервните корени и како резултат на тоа имаме слабост во моторните мускули кои се инервирани од тој нервен корен, а присутна е и вкочанетост која продолжува да се влошува.

Во **вторатта** глава – **Проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето**, кандидатката јасно го дефинира предметот на истражувањето. Во таа смисла, предмет на истражувањето претставува споредба на два различни физиотерапевтски протокола во рехабилитација на цервикална радикулопатија. Врз основа на проблемот на истражувањето, кандидатката поставила десет цели кои се во согласност со научните потреби. Тие, исто така, се засновуваат и произлегуваат од резултатите на досегашните истражувања и насоките за решавање на основниот проблем во дисертацијата. Тие се реално и објективно дефинирани, овозможувајќи нивна успешна и оптимална реализација. Одговорите на целите на истражувањето се остварливи поради тоа што предвидените мерни инструменти и методи за обработка на податоците се избрани според барањето на нивната основна содржина. Хипотезите на истражувањето се надоврзуваат на целите на истражувањето. Кандидатот на методолошки и коректен начин поставил десет хипотези кои во целост одговараат на поставениот проблем, предмет и цели на истражувањето.

Во **третата** глава –**Материјали и методи**, поцелосно се прикажани подглавите за дизајн и преглед на тезата, етички размислувања, примерок на испитаници, примерок на варијабили, експериментални постапки, собирање на податоци и клинички евалуации.

Во **четвртата** глава – **Статистичка анализа**, за секоја варијабла е предвидено примена на основните дескриптивни статистички параметри и тестирање на нормалноста на дистрибуцијата со Колмогоров-Смирновата постапка. Меѓугрупните разлики во истражуваните простори во иницијалното мерење се утврдени со помош на мултиваријантна и униваријантна анализа на варијансата (МАНОВА, АНОВА). Парцијализацијата на резултатите во финалното мерење беше направена со помош на мултиваријантна и униваријантна анализа на коваријансата (МАНКОВА, АНКОВА), под моделот на применливи коваријансии. За да се утврди кои субпримероци меѓусебно статистички значајно се разликуваат, во варијаблите каде што постои статистичка значајна разлика беше применет и LSD Post Hoc-тест. Униваријантните разлики во анализираните варијабли во секоја група посебно, како во иницијалното, контролното, така и во финалното мерење, се тестирани со Т-тест за мали зависни примероци. За варијаблите кои беа на ординалната скала применти се $\chi 2$-квадрат тестови.

Во **петтата** глава - **Резултати**, извршена е анализа и интерпретација на добиените податоци од применетите статистички процедури во истражувањето. Во зависност од проблемот, предметот и целите на истражувањето, направена е современа, коректна, исцрпна статистичка анализа. Тие се прикажани во табели и графикони, со што се добива целосна слика за нив.

Кандидатката, преку еден компаративен приод и споредба со досегашните истражувања, дава исцрпна и современа дискусија.

Во **шестата** глава, **Теоретската и практична важност на истражувањето,** кандидатката истакнува дека овaа студија предлага да се подобри стапката на закрепнување на пациентите со цервикалната радикулопатија (CR), да се одложи повторувањето, да се подобрат симптомите на пациентите и да се подобри квалитетот на животот на пациентите преку рехабилитација бидејќи болката во вратот и рацете е еден од најчестите симптоми на здравствени состојби, причините за изгледот се многу, почнувајќи од истегнување на мускулите на вратот како последица на предолго стоење пред компјутер или со паметен телефон, од ослабеното држење, остеоартритис на вратот, како и цервикалниот спондилоза, хернијален диск, синдром удар со камшик, нагло искривување на вратот, различни синдроми кои се појавуваат со главоболка, болка во рамото, проблеми со вкочанетост и вртоглавица како поопасни симптоми. Колку повеќе се истражува употребата на протоколи за физиотерапија за проблеми со вратот, толку повеќе се придобивките за одржување и олеснување на животот на луѓето кои страдаат од овие проблеми.

Во **седмата** глава – Заклучоци, систематски и концизно се извлечени, формулирани и презентирани најважните заклучоци, кои се однесуваат на сите поставени цели на истражувањето. Тие даваат одговори на поставените научни хипотези во докторската дисертација. Заклучоците се логички, синтетезирани, интерпретабилни и очекувани, така што ги задоволуваат научните, методолошките и концепциските потреби на истражувањето. Тие, исто така, може да послужат како основа за генерализација на добиените резултати и за конципирање нови слични истражувања.

Последната глава (**Литература**) ги задоволува основните логички и методолошки принципи за изборот на објавените научни и стручни трудови кои се во непосредна врска со предметот и целите на истражувањето. Тие претежно се од понов датум и се пишувани во АПА-стил. Наведени се сите трудови кои се цитирани во проектот на докторскта дисертација. Од структурата на библиографските единици може да се согледа нивната методолошки оправдана искористеност за реализацијата на темата на проектот на докторската дисертација. Од методолошко-технички аспект, библиографијата е адекватно презентирана.

**<u>Предмет на истражувањето</u>**

Проблем на ова истражување претставува споредба на два различни физиотерапевтски протокола во рехабилитација на цервикалната радикулопатија. Врз основа на проблемот на истражувањето, поставени се и повеќе конкретни цели, и тоа: да се утврдат разликите во иницијалното мерење меѓу контролната и експериментална група во тестовите за утврдување на активната амплитуда на движењата и склата за проценување на интензитетот на болката; да се утврдат разликите во финалното мерење меѓу контролната и експерименталната група во тестовите за утврдување на активната амплитуда на движењата и склата за проценување на интеизитетот на болката; да се утврдат разликите во иницијалното мерење меѓу контролната и експерименталната група во варијаблите од прашалникот „Oswestry questionnaire for neck pain assessment“; да се утврдат разликите во тестовите за утврдување на активната амплитуда на движењата и скалата за проценување на интензитетот на болката меѓу иницијалното и финалното мерење кај испитаниците од контролната група; да се утврдат разликите во тестовите за утврдување на активната амплитуда на движењата и скалата за проценување на интензитетот на болката меѓу иницијалното и финалното мерење кај испитаниците од експерименталната група; да се утврдат разлики во иницијалното мерење меѓу контролната и експерименталната група во тестовите за проценување на напнатоста на горните екстремитети; да се утврдат пропорционални разлики меѓу првата и втората експериментална група во иницијаното и финалното мерење во однос на Oswestry-индекс на инвалидитет; да се утврдат разлики во контролното мерење меѓу контролната и експерименталната група во скалата за проценување на интензитетот на болката; да се утврдт разликите во скалата за проценување на интензитетот на болката меѓу иницијалното и контролното и контролното и финалното мерење кај испитаниците од контролната група; да се утврдат разликите во скалата за проценување на интензитетот на болката меѓу иницијалното и контролното и контролното и финалното мерење кај испитаниците од експерименталната група.

**<u>Податоди за состојбата на подрачтето во кое е работена дисертанијата</u>**

Има голем број на досегашни истражувања кои се занимаваат со проблемот на рехабилитација на цервикална радикулопатија. Кандидатката, преку еден компаративен приод,

во повеќе глави и подглави го цитира ова истражување, што е и основа за поставувањето и решавањето на проблемот на докторската дисертација.

**Краток опие на применетите методи**

Истражувањето со пациенти со вратна радикулопатија е направено во специјалната болница за физиотерапија и рехабилитација „Бања Клокотит“ со местоположба во Клокот во Косово и во приватната клиника Физио-Ана со седиште во Урошевац. Истражувањето е спроведено од 1.1. до 1.7.2022 година. Истражувањето е спроведено во согласност со Етичката изјава одобрена од Комората на физиотерапевти на Косово со решение бр. 169, исто така е добиена е дозвола и од специјалната болница за физикална терапија и рехабилитација во Бања Клокот со решение број 01/22. Учеството беше доброволно и сите учесници добија усни и писмени информации за студијата.

Потенцијалните учесници со цервикална радикулопатија беа избрани од физијатар, ортопед , невролог и неврохирург кои ги упатуваат пациентите со цервикална радикулопатија на физикална терапија, каде што се исполнети следните критериуми: 80 пациенти (N= 80) учествуваа во оваа студија. Возраста вклучена во истражувањето беше: 20-80 години, двата пола, пациентите се со болки во вратот придружени со болка и вкочанетост на едната рака или на двете, а оние со перискапуларна болка со проблем во траење од повеќе од три месеци.

Во истражувањето се применети вкупно 8 варијабли. Изборот на сите тестови и мерни инструменти е извршен според потребата за утврдувања на задоволителен степен на нивните мерни карактеристики. Во таа насока, пред сè, се водеше сметка експерименталните постапки, како и предвидените тестови и мерни инструменти во дисертацијата јасно да бидат опишани. Кандидатката истакнува дека експерименталната постапка ќе се состои од пасивни движења во цервикалниот регион со предни/задни движења и странични движења (5-7 мин.), проприоцептивно невромускулно олеснување (PNF), капинг масажа, термотерапија, транскутана електрична нервна стимулација (TENS) и терапевтски ултразвук.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

По експерименталниот програм (по физиотерапевтските третмани), експерименталната група покажува поповолни вредности во сите тестови за утврдување на активната амплитуда на движењата и скалата за проценување на интензитетот на болката. Меѓу иницијалното и финалното мерење (пред и по завршување на физиотерапевтскиот третман) кај експерименталната група, статистички значајни разлики се утврдени во сите варијабли (тестовите за утврдување на активната амплитуда на движењата и склата за проценување на интеизитетот на болката). Врз основа на пресметаните процентуални промени на вредностите на аритметичките средини помеѓу иницијалното и финалното мерење, може да се каже дека по завршување на физиотерапевтскиот третман, кај испитаниците од експерименталната група настанала промена во варијаблите: екстезија – 16,52 %, флексија – 13,88 %, лева латерофлексија – 38,20 %, десна латерофлексија – 35,00 %, лева ротација – 23,69 %, десна ротација – 23,50 % и визуелната аналогна скала за проценување на интензитетот на болката – 84,28 %.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни еписанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Azemi A., Gashi A.I, Zivkovic V., Gontarev S. (2018). The effect of dynamic exercises in tje treatment of cervical spondylosis. Research in physical education, sport and health. Vol. 7(2):19-24.

2. Azemi A., Gashi A.I, Mamullakaj (2022). The prevalence of chronic non-specific neck pain. Research in physical education, sport and health. Vol. 11(1):165-170.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Главни научни придонеси на кандидатката.** Нови сознанија за подобрување на стапката на закрепнување на пациентите со цервикалната радикулопатија. Колку повеќе се истражува употребата на протоколи за физиотерапија за проблеми со вратот, толку повеќе се придобивките за одржување и олеснување на животот на луѓето кои страдаат од овие проблеми.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Ограничувањата на оваа студија се малиот број на испитаници, користењето на анкетен прашалник за кој има одредена субјективност и неможност да се контролираат сите паразитарни фактори кои влијаат врз третманот.

**Препорачуваме,** во идните студии да се вклучат поголем број на испитаници, поголем број на мерни инструменти, да се проверат мерните карактеристики на инструментите на популација испитаници од Р Косово. Во дијагностиката, покрај субјективни методи, препорачуваме да се вклучат и повеќе објективни методи.

**Можни понатамошни истражувања.** Препорачуваме, идните студии да вклучат поголем број на испитаници, групирани на различна возраст, како и нови мерни инструменти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Арјета Аземи-Цакли со наслов: „Споредба на два различни физиотерапевтски протокола во рехабилитација на цервикалната радикулопатија“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Небојша Марковски, (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Вујица Живковиќ, (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Серјожа Гонтарев, (член), с.р.**
**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (член), с.р.**
**Проф. д-р Висар Ганиу (член), с.р.**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

**2. Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Кристина Симонова** | „Процена на графомоторика кај учениците во редовните училишта“ | "Evaluation of graphomotor skills among students in regular schools" | проф. д-р Горан Ајдински | 10-2194/3 од 6-10-2022 год. |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): РОМАНИСТИКА 64006 (ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК), ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА 64018 (ГРАМАТИКА НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК И СПОРЕДБЕНА ГРАМАТИКА НА РОМАНСКИТЕ ЈАЗИЦИ) И ФОНЕТИКА 64009 (ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ” ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 25.7.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): романистика 64006 (француски јазик), граматика, семантика, семиотика, синтакса 64018 (граматика на францускиот јазик и споредбена граматика на романските јазици) и фонетика 64009 (фонетика и фонологија на францускиот јазик), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-1064/10, донесена на 21.9.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Звонко Никодиновски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Петар Атанасов, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, и д-р Мира Трајкова, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): романистика 64006 (француски јазик), граматика, семантика, семиотика, синтакса 64018 (граматика на францускиот јазик и споредбена граматика на романските јазици) и фонетика 64009 (фонетика и фонологија на францускиот јазик), во предвидениот рок се пријави д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска е родена на 19.1.1977 година во Скопје. Средно образование завршила на 15.6.1995 година во гимназијата „Наум Наумовски Борче“ во Крушево. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во ноември 2000 година. Во текот на студиите имала можност да оствари неколку престои во странство. Најпрво, во учебната 1996/1997 година била на студиски престој во Париз, Франција, на Универзитетот „Рене Декарт“ (Париз 5) – насока општа и француска лингвистика – како стипендист на француската влада, а во 1998 година остварила престој во Стразбур како преведувач во македонската екипа на меѓународниот натпревар за правници „Рене Касен“. Дипломирала во ноември 2000 година, со просечен успех 9,87, како најдобар студент на генерацијата.

По завршувањето на студиите, д-р Хаџи-Лега Христоска била ангажирана да држи настава по француски јазик на Воената академија во Скопје во зимскиот семестар од учебната 2000/2001. Веднаш потоа, во февруари 2001 г., се вработила во Францускиот културен центар во Скопје (денешен Француски институт), каде што работела на проекти поврзани со библиотекарската дејност и со организирањето културни манифестации, а била вклучена и во изведувањето на наставата по француски јазик во истата институција. Во тој период реализирала и два престоја за стручно усовршување во Франција поврзани со медијатекарството и културниот менаџмент.

Во учебната 2002/2003 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршила со просечен успех

10,00. На 3.10.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Семиологија на органите на говорот во францускиот и во македонскиот јазик“.

Докторска дисертација пријавила на 16.12.2008 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дисертацијата на тема „Семиологија на жената и на мажот во францускиот и во македонскиот јазик“ ја одбранила на 28.12.2012 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Звонко Никодиновски, проф. д-р Петар Атанасов, проф. д-р Маргарита Велевска, проф. д-р Мира Трајкова и проф. д-р Катерина Велјановска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на филолошки науки.

Во март 2006 година е примена како помлад асистент-приправник на Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а по одбраната на магистерскиот труд, во 2009 година била избрана за асистент по предметите Граматика на францускиот јазик и Споредбена граматика на романските јазици. Во 2013 година, по одбраната на својата докторска дисертација, д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска е избрана во звањето доцент по предметите Споредбена граматика на романските јазици и Граматика на современиот француски јазик.

Во моментот е вонреден професор во наставно-научната област романистика (граматика на францускиот јазик и споредбена граматика на романските јазици). Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1162 од 1.2.2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 888, во Билтен бр. 959 од 2.3.2009 и во Билтен бр. 1055 од 31.5.2013 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор како вонреден професор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, кандидатката д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Француски јазик и книжевност, по предметите Граматика на францускиот јазик (фонетика и фонологија, семантика, прагматика) и Споредбена граматика на романските јазици, настава и вежби на студиските програми Шпански јазик и книжевност и Романски јазик и книжевност, по предметот Споредбена граматика на романските јазици, како и настава по предметот Француски јазик, на студиската програма Преведување и толкување. Од 2018 година, вклучена е и во наставата на втор циклус студии со предметот Лексиката на романските јазици (меѓу историјата и сегашноста).

Кандидатката била ментор на 7 дипломски трудови, а учествувала и како член во комисија за оцена/или одбрана на 15 дипломски трудови.

Во периодот од нејзиниот избор во звањето вонреден професор до денес, д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска учествувала на неколку обуки и семинари во организација на Амбасадата на Франција во Република Северна Македонија, на Здружението на професорите по француски јазик на РМ и на Федерацијата на француските алијанси во Италија.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска се јавува во својство на единствен автор или на коавтор на вкупно 13 научни трудови од различни области на романистиката и на македонистиката, од кои 2 научни труда во научно списание кое е индексирано во електронската база на списанија Ebsco, 1 труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 2 труда во научно списание објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 6 труда во зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири, 1 труд објавен во зборник на трудови од научен собир и 1 труд објавен во зборник на трудови на високообразовна установа. Во фокусот на нејзиниот научноистражувачки интерес се, пред сѐ, теми кои се однесуваат на различните аспекти на фразеологијата и паремиологијата на францускиот и на македонскиот јазик (а во некои трудови се вклучени и италијанскиот и влашкиот јазик), контрастивни теми

поврзани со синтаксата на францускиот, на македонскиот и на италијанскиот јазик, како и истражувања од областа на фонетиката на францускиот јазик и на влашката заедница и нејзините етнолингвистички одлики.

Кандидатката е, исто така, автор на монографијата „Семиологија на органите на говорот во францускиот и во македонскиот јазик“, објавена во 2021 година, во која дава детален преглед на фигуративните значења на француски и македонски лексички, фразеолошки и паремиолошки единици изнедрени од лексичко-семантичкото поле на органите на говорот.

Била пленарен предавач на меѓународна конференција во Словачка посветена на малцинствата во Европа и учесник во повеќе меѓународни конференции во земјата и во странство (Романија, Словенија, Хрватска, Франција).

Д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска била асистент-координатор за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 1 меѓународен проект Еразмус+ КА2, во кој биле вклучени партнерски институции од Северна Македонија, Белгија, Бугарија и Франција, а учествувала како член во други 2 меѓународни истражувачки проекта: проект реализиран во рамките на билатералната соработка меѓу Македонската академија на науките и уметностите и Српската академија на науките и уметностите и проект Еразмус+ КА2, кој е во тек на реализирање и во кој се вклучени партнерски институции од Северна Македонија, Франција и Србија.

Кандидатката била ментор на 1 магистерски труд. Се јавува и како рецензент на три научни труда објавени во Зборникот на трудови „Аналогии и интеракции во романистичките проучувања“ и на еден труд за списанието Studia Romanica et Anglica Zagrabiensia.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска е дел од групата автори кои работат на Француско-македонски визуелен речник и на Илустриран француско-македонски речник (за ученици од VI до IX одделение) во издание на Просветно дело АД – Скопје.

Во периодот од 2018 до 2022 година, била вклучена во повеќе активности во рамките на нејзината стручна дејност. Била овластен испитувач во реализирањето на испитите за меѓународната диплома за познавање на францускиот јазик ДЕЛФ – ДАЛФ. Била претседател или член на неколку рецензентски комисии при Министерството за образование и наука и при Бирото за развој на образованието за давање стручно мислење за учебници по француски и влашки јазик, како и за изработка на нови наставни програми по француски јазик. Во 2019 година го промовирала учебникот по влашки јазик „Читаме, пишуваме, влашки зборуваме“ од Марија Николова и Јана Михаилова (изработен според Наставниот план за изборни предмети на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје). Во 2021 и во 2022 година, била член на Првостепената комисија за оцена на превод од француски на македонски јазик во рамки на Наградата за најдобар млад преведувач „Вавилон“. Д-р Јоана Хаџи-Лега Христоска е и постојан судски преведувач од македонски на француски јазик и обратно во Основниот суд Скопје 1 – Скопје.

Учествувала во реализацијата на повеќе изданија на државни натпревари по француски јазик (Олимпијади по француски јазик и натпревар по спелување на француски јазик), а во 2018 година била и член на комисијата одговорна за реализирање на 4. издание на Меѓународните олимпијади по француски јазик.

Во 2018 и во 2021 година, учествувала во промотивни активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и на Катедрата за романски јазици и книжевности.

Кандидатката се занимава и со преведување од француски на македонски јазик и обратно. Автор е на преводот на повеќе статии од различни области, книги и поезија. Д-р Хаџи-Лега Христоска се јавува и како стручен редактор на преводите на македонски јазик на две француски монографии.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Во 2021 година, била член на Организациските одбор за Меѓународниот научен симпозиум „Филолошки промислувања во француски и франкофонски контекст“. Била член и на повеќе факултетски комисии при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Од 2015 година е координатор на ЕКТС на студиските програми за француски, шпански и романски јазик. Во периодот од 2019 до 2021 година била раководител на Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии од научната област наука за јазик за странските јазични групи, албански јазик и турски јазик.

Од 2007 година е член на Здружението на професорите по француски јазик на РМ.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

